# ПРАКТИКУМ ПО ЕКОНОМИКА

АЛЕКСАНДАР СТОЈКОВ

КАТЕРИНА ШАПКОВА КОЦЕВСКА



***Издавач:***
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim.edu.mk

***Уредник:***
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

***Рецензенти:***
1. акад. проф. д-р Таки Фити
2. проф. д-р Ванчо Узунов

***Техничка обработка:***
Александар Стојков
Катерина Шапкова Коцевска

***Лектура на македонски јазик:***
Весна Илиевска-Цветановска

***Илустратори:***
Александар Стојков
Катерина Шапкова Коцевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

658.1/.5(075.8)

СТОЈКОВ, Александар
Практикум по економика [Електронски извор] / Александар Стојков, Катерина Шапкова Коцевска ; [илустратори Александар Стојков, Катерина Шапкова Коцевска]. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2026

Начин на пристапување (URL): https://ukim.edu.mk/e-book/00168. - Текст во PDF формат, содржи 199 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 08.01.2026

ISBN 978-9989-43-544-7

1. Шапкова Коцевска, Катерина [автор] [илустратор]
а) Економика -- Практикуми

COBISS.MK-ID 67877381

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 3
ДЕЛ I: МИКРОЕКОНОМИКА ..... 5
ПОГЛАВЈЕ I: ПРЕДМЕТ, ЗНАЧЕЊЕ И ПОДЕЛБА НА ЕКОНОМИКАТА..... 6
ПОГЛАВЈЕ II: МЕТОДИ НА ЕКОНОМИКАТА..... 19
ПОГЛАВЈЕ III: РАЗЛИЧНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ ..... 25
ПОГЛАВЈЕ IV: ПОБАРУВАЧКА, ПОНУДА И ПАЗАР ..... 33
ПОГЛАВЈЕ V: ЕЛАСТИЧНОСТ НА ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА..... 49
ПОГЛАВЈЕ VI: ТЕОРИЈА НА ПОБАРУВАЧКАТА И КОРИСНОСТА..... 55
ПОГЛАВЈЕ VII: ТЕОРИЈА НА ПОНУДАТА И НА ТРОШОЦИТЕ..... 61
ПОГЛАВЈЕ VIII: МАКСИМИЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ ВО УСЛОВИ НА СОВРШЕНА КОНКУРЕНЦИЈА И МОНОПОЛ..... 69
ПОГЛАВЈЕ IX: МАКСИМИЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ ВО УСЛОВИ НА НЕСОВРШЕНА КОНКУРЕНЦИЈА ..... 76
ПОГЛАВЈЕ X: ПАЗАРИТЕ ЗА ФАКТОРИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВО..... 85
ПОГЛАВЈЕ XI: ДОХОД ОД ТРУД И ДОХОДИ ОД СОПСТВЕНОСТ ..... 91
ПОГЛАВЈЕ XII: НЕЕДНАКВОСТ, СИРОМАШТИЈА И ПОЛИТИКИ НА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ..... 100
ПОГЛАВЈЕ XIII: ПАЗАРИ, ЕФИКАСНОСТ И ЈАВЕН ИНТЕРЕС..... 105
ДЕЛ II: МАКРОЕКОНОМИКА ..... 112
ПОГЛАВЈЕ I: ПРЕГЛЕД НА МАКРОЕКОНОМИКАТА ..... 113
ПОГЛАВЈЕ II: МЕРЕЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ ..... 118
ПОГЛАВЈЕ III: КОМПОНЕНТИ НА АГРЕГАТНАТА ПОБАРУВАЧКА..... 127
ПОГЛАВЈЕ IV: НЕВРАБОТЕНОСТ ..... 133
ПОГЛАВЈЕ V: ПАРИ И БАНКИ..... 142
ПОГЛАВЈЕ VI: ИНФЛАЦИЈА И МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ..... 149
ПОГЛАВЈЕ VII: ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА..... 155
ПОГЛАВЈЕ VIII: ЕКОНОМСКИ РАСТЕЖ..... 161
ПОГЛАВЈЕ IX: ЕКОНОМСКИ ЦИКЛУСИ ..... 168
ПОГЛАВЈЕ X: МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА И ФИНАНСИИ ..... 173

## ПРЕДГОВОР

Овој практикум е наменет за полесно совладување на наставната програма по предметот Економика (Вовед во економика, Политичка економија) на правните студии, политичките студии, студиите по односи со јавноста и студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од студентска перспектива, многу веројатно, тој ќе се перципира како непотребно зголемување на наставниот материјал и работната оптовареност. Времето ќе покаже дали на овој начин, низ конкретни примери и проблеми, сме успеале да ја доловиме употребната вредност на апстрактните концепти и многуте дефиниции во економската наука.

Да се предава економика на неекономисти е особен предизвик.

Прво, на изучувањето на „споредните" научни дисциплини се гледа како на напор кој носи мала корист. Искуството на веќе завршените генерации правници, политолози, новинари и професионалци во доменот на односите со јавноста, во голема мера, го демантира првичниот впечаток за мала корист. Судии, политичари, политички аналитичари, адвокати и новинари, на пример, со голема компетентност дебатираат на економски теми и покажуваат импресивна способност за критичко размислување за економските феномени. Освен тоа, во академски контекст, интердисциплинарните студиски програми по право и економија доживуваат голема експанзија, особено во Европа.

Второ, оние кои ги изучуваат правото, политичките науки, новинарството и односите со јавноста имаат предрасуди дека предметот ќе биде премногу оптоварен со математика (формули, графикони, пресметки). Поради присутната традиционална стигма, па дури и извесна одбојност, намерно се избегнуваше прекумерна употреба на формули и графикони. Сепак, се настојуваше да се задржи аналитичката длабочина и да се избегне поедноставување што би довело до банализација на темата.

Трето, Практикумот се обидува да ја максимизира корисноста за студентите, на тој начин што доловува примери во полето на вкрстените интереси на економиката, правото, политичките науки, социологијата, психологијата и сл.

Четврто, Практикумот не претставува замена за универзитетскиот учебник и не смее да се сфаќа како скратена патека до положување на испитот. Многу од прашањата и примерите ќе се разработуваат и ќе се дебатираат на часовите.

Петто, најголемиот дел од прашањата се одговараат на тој начин што студентите ја избираат единствената точна опција од понудените три, четири или пет опции. Ваквиот избор на прашања е детерминиран од долгогодишниот начин на електронско полагање на Правниот факултет „Јустинијан Први" преку „заокружување на точната опција". Студентскиот коментар дека нема ниту една точна опција или има повеќе точни опции е навистина добредојден, бидејќи поттикнува критичко размислување, дебата и преиспитување. Во некое следно издание, Практикумот несомнено ќе биде дополнет и со други типови на проблеми, прашања и примери во духот на новото време.

Шесто, можеби Практикумот ќе ја прошири читателската публика и меѓу студентите на другите правни факултети, каде што се изучува економиката како воведна научна дисциплина. Алатките на економската наука наоѓаат примена не само во

правото, туку и во многу други, навидум далечни, дисциплини, како здравството, образованието, одбраната, земјоделството, културата, енергетиката, спортот и др.

Во ера на дигитализација, кога вниманието станува сè повеќе ограничен ресурс, Практикумот е објавен само во електронска форма. Во некое идно издание, тој може да прерасне и во интерактивна платформа, која ќе претставува подинамична и подостапна алатка за студентите. На тој начин ќе се овозможи не само флексибилно учење, туку и повисоко ниво на интелектуална ангажираност и разбирање на материјата.

Во најдобар случај, Практикумот ќе биде поттик не само за полесно совладување на економиката, туку и за искрено љубопитство, критичко размислување и интелектуална храброст да се поставуваат прашања, наместо само да се прифаќаат понудените одговори.

Авторите изразуваат особена благодарност до универзитетските професори кои оставија траен белег на економската катедра на Правниот факултет во Скопје, проф. д-р Јане Миљовски и проф. д-р Томислав Гроздановски, кои, за жал, повеќе не се меѓу нас. Со чувства на почит и тага се сеќаваме на нивниот интелектуален придонес, бесконечните интересни дискусии и посветеноста кон студентите и економската наука.

Исто така, упатуваме длабока и искрена благодарност до нашиот многу драг, ценет и неодамна пензиониран професор, д-р Владимир Кандикјан, кој ги предаваше предметите Економика и Деловни финансии, а беше раководител на економската катедра и на Институтот за деловно право и економски науки. Неговите предавања, дискусии и мудрости што ги споделуваше и сè уште ги споделува со нас, не само во доменот на економската наука, туку и во однос на животните вредности, беа и се вистинска привилегија. Дел од прашањата во Практикумот го поминаа „филтерот" на претходните универзитетски професори, но одговорноста за евентуални грешки е само наша.

Конечно, искрено им благодариме на рецензентите акад. проф. д-р Таки Фити и проф. д-р Ванчо Узунов. Како наши почитувани професори и колеги, несебично ги споделија своите знаења и понудија значајни сугестии за подобрување на содржината на Практикумот. Нивната поддршка претставува голема чест и силен поттик за нашата понатамошна научна и наставна дејност.

Скопје, 1 јули 2025 година                                        Од авторите

# ДЕЛ I
# МИКРОЕКОНОМИКА



# ПОГЛАВЈЕ I

# ПРЕДМЕТ, ЗНАЧЕЊЕ И ПОДЕЛБА НА ЕКОНОМИКАТА

*Во ова поглавје ќе дознаете што, всушност, проучува економиката и зошто е важна за секој од нас. Ќе разберете дека економијата се занимава со тоа како општеството ги користи своите ограничени ресурси за да ги задоволи човековите потреби. Ќе се запознаете и со двете големи економски гранки – микроекономика и макроекономика. Исто така, ќе научите што значи да се гледа на економијата од позитивна и нормативна перспектива. Ова е добра основа да почнете да ги гледате секојдневните избори и проблеми низ економска призма и да размислувате за пошироките општествени последици.*

1) Економијата се занимава со неограничените ресурси и нивната алокација.
   *Точно* *Неточно*

2) Економиката се дели на микроекономика и макроекономика.
   *Точно* *Неточно*

3) Микроекономиката го проучува делувањето на поединечните пазари и фирми.
   *Точно* *Неточно*

4) Макроекономиката ги истражува причините за пораст на националниот доход и инфлацијата.
   *Точно* *Неточно*

5) Економските проблеми се јавуваат единствено поради реткост на ресурсите.
   *Точно* *Неточно*

6) Нормативната економика формулира препораки за економските политики.
   *Точно* *Неточно*

7) Позитивната економика се обидува да ги опише фактите такви какви што се.
   *Точно* *Неточно*

8) Правните системи немаат влијание врз економските процеси и активности.
   *Точно* *Неточно*

9) Одлуките на владата можат да ги менуваат економските избори на субјектите.
   *Точно* *Неточно*

10) Медиумите немаат улога во информирањето за економските прашања.
   *Точно* *Неточно*

11) Централна економска улога на владата е да ги задоволи сите потреби на граѓаните.
   *Точно* *Неточно*

12) Реткоста значи дека сите ресурси се бесплатни.

*Точно* *Неточно*

13) Економските проблеми се само теоретски и не влијаат на секојдневниот живот.

*Точно* *Неточно*

14) Економијата не се однесува на јавниот интерес.

*Точно* *Неточно*

15) Историскиот контекст не влијае врз формирањето на доминантните економски теории.

*Точно* *Неточно*

16) Кое од следниве тврдења е нормативно?

а) Емпириските истражувања потврдуваат дека повисокиот буџетски дефицит негативно влијае врз стапката на економски раст.
б) Повеќето граѓани сметаат дека поединците со повисок доход треба да плаќаат повисоки даноци.
в) Според економските истражувања, влезот на странски банки придонесува за намалување на каматните стапки во земјите во транзиција.
г) Современите студии укажуваат дека владеењето на правото и капацитетот на институциите се значајни фактори на економскиот раст.

17) Кое од следниве тврдења спаѓа во доменот на микроекономиката?

а) Буџетскиот дефицит на Република Македонија во 2001 година беше еден од највисоките во нејзината независна економска историја.
б) Зголемувањето на домашното штедење во националната економија има позитивни ефекти врз инвестициите.
в) Невработеноста кај информатичарите (професионалците од областа на информатичките технологии) е пониска од невработеноста кај правниците.
г) Стапката на инфлација повторно се одржува на едноцифрено ниво.

18) Според реткоста, добрата се делат на:
а) слободни и јавни добра
б) нормални и инфериорни добра
в) слободни и економски добра
г) приватни и јавни добра

19) Кој од следниве написи од дневниот печат спаѓа во доменот на микроекономиката?
а) „Проблеми со пласманот на јаболката"
б) „Двоцифрена стапка на инфлација"
в) „Рекорден прилив на странски директни инвестиции"
г) „Продолжува падот на невработеноста"

20) Економиката го проучува:
а) поширокиот општествен контекст на производството, размената, распределбата и потрошувачката

б) човековото однесување како однос меѓу целите и ограничените ресурси кои имаат алтернативна употреба
в) човековото однесување како однос меѓу неограничените потреби и ограничените ресурси за нивно задоволување
г) човековото однесување како однос меѓу ограничените потреби и неограничените ресурси за нивно задоволување

21) Кое од следниве тврдења е нормативно?
а) Повеќето граѓани сметаат дека треба да се намали данокот на додадена вредност.
б) Емпириските студии наоѓаат докази дека високиот буџетски дефицит негативно влијае врз стапката на економски раст.
в) Според економските истражувања, приливот на странски директни инвестиции влијае врз зголемувањето на вработеноста.
г) Современите истражувања укажуваат дека институционалните реформи се мошне значаен фактор на економскиот раст.

22) Кое од следниве тврдења е неточно?
а) Економиката е подеднакво егзактна како и природните науки.
б) Според претпоставката економски човек (homo economicus), луѓето се однесуваат рационално.
в) Можноста за користење експерименти во економиката е ограничена.
г) Економските модели ја поедноставуваат реалноста за полесно да се анализираат економските појави.

23) Кое од следниве тврдења е неточно?
а) Економијата не ја поседува егзактноста карактеристична за природните науки.
б) Политичкиот контекст има значајно влијание врз економските текови.
в) Во економиката постои ограничена можност за изведување експерименти.
г) Предметот на истражување во економиката се менува низ времето.
д) Во економиката се претпоставува дека човекот не се однесува рационално.

24) Кое од следниве тврдења спаѓа во доменот на нормативната економија?
а) Стапката на невработеност во македонската економија сè уште се одржува над 10 %.
б) Според статистичките податоци, стапката на невработеност во Република Македонија во 2004 година изнесуваше 38 %.
в) Стапката на инфлација се искачи на 14,2 % во 2022 година.
г) Добро е следната година да се зголемат платите за 50 %.
д) „Економскиот раст на Република Македонија во првиот квартал од 2007 година изнесуваше 7 %", објави Државниот завод за статистика.

25) Која од следниве претпоставки е непотребна при анализата на кривата на производствените можности?
а) Економијата произведува само две добра.
б) Понудата на ресурсите и технолошкото знаење се фиксни (непроменети).
в) Ресурсите може да се пренасочуваат од производството на едното кон производството на другото добро.
г) Потрошувачите настојуваат да ја максимизираат нивната корисност.

д) Реализацијата на производствените можности на економијата зависи од ефикасното користење на расположливите ресурси.

26) Кое од следниве тврдења е во доменот на микроекономиката?
   а) Буџетскиот дефицит во 2020 година беше еден од највисоките во нејзината независна економска историја.
   б) Цената на електричната енергија за домаќинствата треба да се зголеми.
   в) Стапката на невработеност се намалуваше во последната деценија.
   г) Стапката на инфлација во Република Македонија веќе подолго време се одржува на едноцифрено ниво.
   д) Приливот на странски директни инвестиции во македонската економија во 2024 година беше висок.

27) Кое од следниве тврдења се однесува на макроекономиката?
   а) Компанијата „Алфа" го намали производството поради значително зголемени трошоци.
   б) Владата усвои нова стратегија за поттикнување на извозот.
   в) Побарувачката за органски производи значително порасна во последните години.
   г) Во неколку општини се зголемени локалните такси.
   д) Фирма од текстилната индустрија доби субвенција за вработување млади лица.

28) Според нивото на анализа на економските проблеми, економиката се дели на:
   а) позитивна и нормативна економика
   б) економија на обем и економија на опфат
   в) економска теорија и економска политика
   г) микроекономика и макроекономика
   д) квалитативна и квантитативна економика

29) Според реткоста, добрата се делат на:
   а) слободни и економски добра
   б) нормални и инфериорни добра
   в) слободни и јавни добра
   г) супститути и комплементарни добра
   д) економски и јавни добра

30) Проблемот на реткоста е релевантен:
   а) само за периодите кога има недостиг од производи
   б) само за земјите во развој, кои имаат малку ресурси
   в) само за лицата со низок доход
   г) за сите земји и за сите поединци

31) Кое од следниве тврдења за кривата на производствени можности е точно?
   а) Намалувањето на невработеноста ја оддалечува економијата од нејзината крива на производствени можности.
   б) Кривата на производствени можности го покажува односот меѓу различни количества на две добра кои продавачите сакаат и се во можност да ги понудат на пазарот, при ceteris paribus.
   в) Економскиот раст ја поместува кривата на производствени можности кон лево.

г) Точките во областа ограничена со кривата на производствени можности означуваат недоволно користење на расположливите ресурси.
д) Природните непогоди ја поместуваат кривата на производствени можности на економијата кон десно.

32) Кој од следниве написи од дневниот печат е во доменот на макроекономиката:
а) „Голема побарувачка за занаетчии на пазарот на работна сила"
б) „Лозарите бараат повисоки цени за откуп на нивното грозје"
в) „Отежнат извозот на млеко од Србија"
г) „Минатата година е регистрирана двоцифрена стапка на инфлација"
д) „Цигарите поскапеа, а потрошувачката – непроменета!"

33) Кој од следниве написи од дневниот печат спаѓа во доменот на микроекономиката?
а) „*Македонски Телеком* ги намали цените на телефонските услуги"
б) „И оваа година, висок буџетски дефицит"
в) „Рекорден дефицит во надворешната трговија"
г) „Силен пораст на извозот на добра и услуги"
д) „Економската криза влијаеше негативно врз привлекувањето на странски инвестиции"

34) Анализата што не вклучува вредносни судови при проучувањето на економската појава спаѓа во доменот на:
а) позитивната економика
б) нормативната економика
в) микроекономиката
г) макроекономиката

35) Анализата што вклучува вредносни судови при проучувањето на економската појава спаѓа во доменот на:
а) позитивната економика
б) нормативната економика
в) микроекономиката
г) макроекономиката

36) Кое од следниве тврдења спаѓа во доменот на нормативната економика?
а) Економските студии покажуваат дека земјите со помладо население бележат повисоки стапки на економски раст.
б) Според статистичките податоци, невработеноста во Република Македонија е повисока отколку во Република Грција.
в) „Јавниот долг надмина 60 % од БДП", соопшти Министерството за финансии.
г) Даночните стапки треба да се намалат.
д) Иако не поседуваат значајни ресурси, некои држави остваруваат високи стапки на економски раст.

37) „Расчекорот меѓу неограничените човекови потреби и она што навистина може да се произведе со ограничените ресурси", често, се користи како дефиниција за:
а) трошоците
б) макроекономиката

в) кривата на индиференција
г) кривата на производствените можности
д) реткоста

38) Трошоците на која било активност мерени преку најдобрата алтернатива што се пропушта се:
а) вкупни трошоци
б) трошоци на опортунитет
в) потонати трошоци
г) варијабилни трошоци
д) просечни трошоци

39) Микроекономиката се занимава со проучување на:
а) јавниот долг
б) однесувањето на домаќинствата
в) високата невработеност
г) инфлацијата во националната економија
д) агрегатната понуда и агрегатната побарувачка

40) Кое тврдење се однесува на микроекономиката?
а) Вработеноста на национално ниво се зголеми.
б) Цената на билетите за кино се намали за студентите.
в) Владата и социјалните партнери ја зголемија минималната плата.
г) Бруто домашниот производ порасна за 4 % во однос на минатата година.

41) Кое од следниве тврдења припаѓа на макроекономиката?
а) Фарма го зголемува производството на јајца поради пораст на побарувачката.
б) Продавница одлучува дали да вработи нов работник.
в) Приватна клиника нуди нови пакети на услуги.
г) Државата воведува нови мерки за стабилизирање на инфлацијата.

42) Кое од следниве тврдења спаѓа во доменот на позитивната економика?
а) Потребно е да издвојуваме многу поголеми средства од државниот буџет за образование.
б) Владата треба да им помага на спортските обложувалници.
в) Добро е да се зголемат платите и пензиите за 100 %.
г) Во земјата треба да се воведе прогресивен данок на доход.
д) Емпириските испитувања покажуваат дека сиромаштијата во земјите од Југоисточна Европа е повисока во однос на земјите од Централна и Источна Европа.

43) Еден став може истовремено да припаѓа и во доменот на микроекономиката и во доменот на нормативната економика. Можни се и други комбинации, како на пример, макроекономски став во доменот на нормативната економика. Распоредете ги следните четири става во празните полиња:

а) Според статистичарите, БДП по жител во 2024 година бил за 164 % повисок од оној пред 20 години, односно во 2004 година.
б) Следната година би требало да се зголемат стапките на неколку даноци.

в) Добро е понудата на правници да продолжи да се намалува.
г) Економските анализи покажуваат дека стапката на инфлација бележи благ пораст.

| Поделба на економиката | Микроекономика | Макроекономика |
|---|---|---|
| Позитивна економика | | |
| Нормативна економика | | |

44) Кривата што ги покажува сите можни комбинации на два производа што економијата може да ги произведе во текот на одреден временски период, користејќи ги целосно и ефикасно расположливите ресурси, се нарекува:
а) маргинален трошок
б) буџетска крива
в) крива на производствени можности
г) крива на побарувачка
д) крива на понуда

45) Кое од следниве тврдења не е основна претпоставка на кривата на производствените можности?
а) Понудата на ресурсите и технолошкото знаење се дадени.
б) Во стопанството се произведуваат само две добра.
в) Ресурсите може да се пренасочуваат од производството на едно во производството на другото добро.
г) Економскиот раст не влијае врз кривата на производствени можности.

46) Во моментот, адвокатската канцеларија „Панчевски“ работи и кривично- и граѓанскоправни предмети, но не ги искористува целосно своите ресурси (точка А). Дел од вработените сакаат да работат, но немаат доволно предмети. Адвокатската канцеларија започнала со идејата дека ќе работи само граѓанскоправни предмети и дека целосно и ефикасно ќе ги искористува сопствените ресурси (точка Б). Планот на канцеларијата е дека следната година ќе работи на многу повеќе кривично- и граѓанскоправни предмети, а за остварување на овој план потребно е да се вработат нови адвокати и адвокатски приправници и да се најдат поголеми простории (точка В). Обележете ги трите точки на следниот графикон.




47) Марија може да учи најмногу пет часа во денот. Ако претпоставиме дека денес размислува дали да учи само Вовед во право, само Економика или, пак, да ги учи и двата предмета во некоја комбинација, нацртајте како би изгледала нејзината крива на „студентски можности".

48) Која од следниве опции не е во полето на изучување од страна на микроекономиката?
   а) функционирањето на монополите
   б) доходите од сопственост
   в) пазарната понуда и пазарната побарувачка
   г) натпреварувачките пазари
   д) бруто домашниот производ

49) Кој од следните економисти го направил разграничувањето на вистински и лажни потреби?
   а) Џон Мајнард Кејнз
   б) Карл Маркс
   в) Адам Смит
   г) Ернст Енгел
   д) Алфред Маршал

50) Кој од следните економисти го направил разграничувањето на апсолутни и релативни потреби?
   а) Карл Маркс
   б) Адам Смит
   в) Алфред Маршал
   г) Џон Мајнард Кејнз
   д) Ернст Енгел

51) Кои се фундаменталните економски прашања?
   а) Што ќе се произведува?
   б) Како ќе се произведува?

в) За кого ќе се произведува?
г) Точни се одговорите под а) и б).
д) Точни се одговорите под а), б) и в).

52) Како се нарекуваат добрата кои немаат пазарна цена или нивната пазарна цена е еднаква на нула?
а) слободни добра
б) економски добра
в) луксузни добра
г) инфериорни добра
д) комплементарни добра

53) Како се нарекуваат добрата кои ги има во ограничени количества и имаат своја пазарна цена?
а) слободни добра
б) економски добра
в) луксузни добра
г) инфериорни добра
д) комплементарни добра

54) Која од следните опции може да се смета за претпоставка на кривата на производствени можности?
а) Понудата на ресурси во економијата е неограничена.
б) Потрошувачите имаат определени вкусови и преференции.
в) Во економијата се произведуваат само две добра.
г) Потрошувачите се стремат да ја максимизираат нивната корисност.
д) Ресурсите не може да се користат за производство на кое било добро.

55) Раководејќи се од профитниот мотив, фирмите ги избираат најефикасните и најекономичните методи на производство. Истовремено, тие внимаваат кои комбинации на факторите на производство ќе ги одберат, со што го решаваат фундаменталното економско прашање:
а) Што ќе се произведува?
б) Како ќе се произведува?
в) За кого ќе се произведува?
г) Зошто ќе се произведува?
д) Со кого ќе се произведува?

56) Зголемената побарувачка за некое добро е најдобриот показател за порастот на атрактивноста на неговото произведување, односно сигнал за фирмите да ги преселат факторите на производство во таа дејност (гранка). На тој начин, пазарниот механизам го дава одговорот на фундаменталното економско прашање:
а) Што ќе се произведува?
б) Како ќе се произведува?
в) За кого ќе се произведува?
г) Зошто ќе се произведува?
д) Со кого ќе се произведува?

57) На следниот графикон се наведени неколку науки, кои ѝ се сродни на економиката.
   а) Наведете примери на поврзаност на секоја од овие науки со економиката!
   б) Дали сметате дека постојат и други науки кои ѝ се сродни на економиката?




58) Дали чистиот воздух е слободно добро? Анализирајте ја кратката статија и одговорете на неколку прашања!

**Канадска компанија продава воздух**

„Продажбата на конзервиран свеж воздух во НР Кина ги надмина сите очекувања откако Пекинг и кинеските власти за првпат прогласија дека загадувањето достигнало ризично ниво. Воздухот во Пекинг е полош од кога било, со концентрации на PM 2,5 честички што надминуваат 900 микрограми на кубен метар. За споредба, според Светската здравствена организација, безбедното ниво е до 25 микрограми на кубен метар.

Компанијата „Vitality Air" од Алберта (Канада) постои повеќе од една година, но сега активно навлегува на кинескиот пазар. Харисон Ванг, претставник за Кина, изјавил за „MailOnline" вели: „Беше прилично луда идеја за нас, бидејќи почнавме да го нудиме производот на пазарот пред само еден и половина месец. Го активиравме веб-сајтот, потоа го ставивме „Vitality Air" на „Taobao", кинеска платформа слична на „eBay" – и речиси веднаш ги продадовме сите количества."

Цената на една конзерва изнесува нешто повеќе од 30 САД-долари, а првата пратка од 500 канистри веќе е распродадена. Побарувачката е огромна, а компанијата добива бројни понуди за дистрибуција и деловни партнерства.

Според истражувањата на Јос Леливелд, хемичар од германскиот Институт „Макс Планк", загадувањето во Кина е причина за прерана смрт на околу 1,4 милиони луѓе годишно. Властите реагирале со драстични мерки, привремено запирање на производството во одредени индустрии, затворање на училишта и градинки, како и препораки до работодавачите да им дозволат работа од дома на вработените. Граѓаните

биле советувани да не излегуваат надвор, а сообраќајот се организирал според принципот „пар-непар“.

Извор: 365.com.mk. (15 декември 2015). „Канадска компанија продава воздух, Кинезите купуваат како луди“. 365.com.mk. Преземено на 5 јули 2025, од https://365.com.mk/kanadska-kompanija-prodava-vozduh-kinezite-kupuvaat-kako-ludi/

а) Дали сè уште сметате дека воздухот е слободно добро? Дали би се согласиле со тврдењето дека чистиот воздух станува економско добро?
б) Да претпоставиме дека сакате да дишете чист планински воздух и за таа цел, одите во Маврово. Дали цената што ја плаќате за да дојдете во Маврово (на пр., трошоци за превоз, потрошено време и сл.), го прави чистиот воздух економско добро?

59) Дали сметате дека е точна претпоставката дека луѓето секогаш се однесуваат рационално? Наведете пример кога луѓето не се однесуваат рационално!

60) Зошто водата, од која зависи човечкиот опстанок е евтина, а дијамантот, без кој и би можеле да живееме, има толку висока цена?

61) Ресторанот на вашиот пријател нуди поевтини и повкусни оброци од другите во околината, но вие сепак ручате во друг ресторан, затоа што не сакате да изгледа дека го искористувате пријателството. Дали ваквото однесување може да се смета за рационално од економска гледна точка?

62) На 6 декември 1866 година, во весникот „The Daily Phoenix“, издаден во Колумбија, Јужна Каролина, бил објавен оглас за бесплатен ручек во ресторанот „The Pollock House“. Се најавувало дека секој ден во 11 часот се служи бесплатен оброк. Храната навистина била бесплатна, но не и пијалаците. Со оглед на тоа што оброците биле намерно пресолени, гостите биле принудени да нарачаат скап пијалак. Дали навистина постои бесплатен ручек??





63) Кога на платформата за електронска трговија е наведено „Останати се само уште две парчиња", луѓето почесто купуваат, дури и ако не им е итно да го купат производот. Психологијата го објаснува овој ефект како страв од пропуштање („Fear of missing out") и реакција на очекуваниот недостиг, а економистите го користат ова сознание за да го предвидат однесувањето на потрошувачите. На тој начин, психологијата ѝ помага на економиката подобро да разбере зошто луѓето не секогаш се однесуваат „рационално". Дали може да наведете сличен пример?

64) Студентка поминува уште еден час на социјалните мрежи, наместо да го вложи во учење за утрешниот испит. Што е жртвувано со тој избор и какви можни последици има тој трошок? Како се нарекува тој трошок?

65) Во земјата Алфа се произведуваат два производа: сладоледи и компјутери. Во табелата, во продолжение се претставени комбинациите на овие производи, под претпоставка дека сите ресурси ефикасно се искористени во земјата.

| Комбинација | Сладолед (во тони) | Компјутери (во илјади паричиња) |
|---|---|---|
| A | 0 | 20 |
| B | 10 | 15 |
| C | 20 | 10 |
| D | 30 | 5 |
| E | 40 | 0 |

а) Нацртајте ја кривата на производни можности на земјата Алфа!
б) Објаснете кога земјата се соочува со неефикасно и нецелосно користење на ресурсите! Како ја претставуваме оваа состојба на графиконот на кривата на производни можности?
в) Објаснете кога Алфа би остварила економски растеж? Како ја претставуваме оваа состојба на графиконот на кривата на производни можности?

66) Реткоста е централен економски проблем и е во фокусот на економската наука. Меѓутоа, овој концепт не е апстрактен и секој од нас се има соочено со него. Објаснете, дали и како реткоста влијае на вашите одлуки (или одлуките на вашето семејство)?

67) „Човекот е рационално животно. Така барем ни е кажано. Во текот на долгиот живот, ревносно сум барал докази што ја потврдуваат оваа изјава. Досега ја немав таа среќа да наидам на такви, иако ги барав во многу земји на три континенти", вели прочуениот британски филозоф, логичар и математичар Бертранд Расел во неговото дело „Непопуларни есеи" (1950). На овој начин, тој упатува критика на претпоставката:
а) Nulla dies, sine linea
б) Post hoc, ergo propter hoc
в) Ceteris paribus
г) Homo economicus
д) Она што важи за делот, важи и за целината.

68) Зошто мислиш дека економијата има важна улога во секојдневното функционирање на државата, вклучувајќи ги медиумите и правниот систем?

69) Како би ѝ објаснил на јавноста што значи *реткоста*?

70) Дали мислиш дека економските одлуки секогаш се рационални? Зошто?

71) Замисли дека си дел од тим што треба да одлучи како да се распределат ограничени средства – кои критериуми би ги земал предвид?

72) Како би направил разлика меѓу „позитивна" и „нормативна" изјава во секојдневен политички или медиумски дискурс?

73) Дали мислиш дека во новинарството треба појасно да се одвојуваат фактите од вредносните судови? Зошто?

74) Каква е улогата на правниот систем кога станува збор за заштита од економска злоупотреба (монополи, корупција итн.)?

75) Дали економскиот развој секогаш значи подобар живот за сите граѓани?

76) Како се чувствуваат различни општествени групи (на пример, пензионери, млади, вработени) кога се носат економски мерки кои (не) им одат во прилог?

77) Дали мислиш дека секој граѓанин треба да има основно разбирање на економијата? Зошто?

# ПОГЛАВЈЕ II

# МЕТОДИ НА ЕКОНОМИКАТА

*Економиката не е вештина или уметност, таа е изградена научна дисциплина што користи признати методи за да ги проучи појавите и да даде објаснувања за економската реалност. Во ова поглавје ќе се запознаете со тоа како економистите се служат со методите на апстракција, индукција, дедукција, компарација и историско-логичкиот метод за да ги објаснат комплексните појави. Ќе се запознаете со важноста на економските модели и korиста од нивната примена. Исто така, ќе дознаете зошто се користат квантитативни методи и статистика за да се потврдат поставените хипотези.*

1) Економијата користи научни методи за истражување на економските појави.

   *Точно* *Неточно*

2) Апстракцијата е метод со кој се поедноставува економската реалност.

   *Точно* *Неточно*

3) Во економската анализа не се користат модели.

   *Точно* *Неточно*

4) Индукцијата е метод со кој од општ заклучок се оди кон посебни заклучоци.

   *Точно* *Неточно*

5) Дедукцијата е метод со кој од посебни заклучоци се доаѓа до општ заклучок.

   *Точно* *Неточно*

6) Квантитативните методи немаат примена во економската наука.

   *Точно* *Неточно*

7) Медиумите секогаш правилно ги толкуваат економските извештаи.

   *Точно* *Неточно*

8) Јавноста секогаш ги разбира правилно економските статистики.

   *Точно* *Неточно*

9) Анкетите се метод за собирање економски податоци.

   *Точно* *Неточно*

10) Економските податоци секогаш се целосни и објективни.

   *Точно* *Неточно*

11) Која од следните опции не спаѓа во групата на општи или универзални научни методи?
   а) метод на дедукција
   б) компаративен метод
   в) метод на индукција
   г) метод на апстракција
   д) метод на вивисекција

12) _____________ е систематски пристап за истражување и решавање на проблеми, кој се заснова на набљудување, поставување хипотеза, експериментирање, анализа на податоци и изведување заклучоци, со цел да се дојде до објективно и проверливо знаење.
   а) методот на дедукција
   б) компаративниот метод
   в) методот на индукција
   г) методот на апстракција
   д) научниот метод

13) Стапката на невработеност во Република Македонија е висока. Голем процент од работната сила се невработени лица и во Србија, Црна Гора, Хрватска, Албанија. Заклучок: Стапката на невработеност е висока во земјите во транзиција од Југоисточна Европа. Кој метод е употребен за да се дојде до ова сознание?
   а) метод на дедукција
   б) компаративен метод
   в) метод на индукција
   г) метод на апстракција

14) Кој од следниве примери ја илустрира употребата на методот на дедукција во економиката?
   а) Анализа на трошоците на 500 домаќинства за да се формулира општа теорија за потрошувачката.
   б) Примена на законот на побарувачка за да се објасни падот на продажбата на чоколадото, по порастот на неговата цена.
   в) Дизајнирање на економска теорија врз основа на анкета на потрошувачите.
   г) Истражување на однесувањето на производителите и градење хипотези.

15) Изучувајќи ги факторите кои влијаат врз побарувачката за станови, производителот „Гранит" констатирал дека најважни фактори се расположливиот доход на потрошувачите и пристапот до кредити, додека другите фактори се од второстепено значење. Кој економски метод бил употребен?

   а) метод на апстракција
   б) метод на индукција
   в) метод на дедукција
   г) метод на редукција

16) Кој од следните чекори не е дел од научниот метод во економската наука?
   а) препознавање на проблемот
   б) формулирање на модел
   в) тестирање на хипотезите
   г) развивање на нормативни судови за проблемот
   д) анализа на резултатите од тестирањето

17) „Статистичките податоци покажуваат дека на почетокот од минатата деценија, во сите земји во транзиција имаше високи стапки на инфлација. Ако знаеме дека и Македонија е земја во транзиција, може да се заклучи дека и таа се соочи со висока стапка на инфлација." Кој научен метод е употребен во донесувањето на овој заклучок?
   а) метод на апстракција
   б) метод на индукција
   в) метод на дедукција
   г) компаративен метод
   д) логички метод

18) Изучувајќи ги факторите кои влијаат врз побарувачката за мобилни телефони, производителот „Apple" констатирал дека најбитен фактор е расположливиот доход на потрошувачите, додека другите фактори се од второстепено значење. Кој економски метод бил употребен при анализата?
   а) метод на дедукција
   б) метод на индукција
   в) метод на апстракција
   г) историски метод
   д) логички метод

19) Врз основа на само неколку случаи на корумпирани нотари, се изведува погрешниот заклучок дека нотаријатот, во целина, е корумпирана фела. Која претпоставка е погрешно употребена во конкретниот случај?
   а) Nulla dies, sine linea
   б) Post hoc, ergo propter hoc
   в) Ceteris paribus
   г) Homo economicus
   д) Она што важи за делот, важи и за целината.

20) Во септември, менаџментот на „Скопска пиварница" одлучил стаклените шишиња за пивото да бидат исклучиво во кафеава боја. Веќе во октомври истата година е забележан сериозен пад на продажбата на пивото од 30 %. Акционерите обвинуваат дека промената на амбалажата е причина за намалената продажба. За која претпоставка станува збор во овој пример? Дали мора да е точна оваа претпоставка?

21) Која од наведените опции е составен дел на економскиот модел?
   а) параметри
   б) варијации
   в) проценти
   г) пермутации
   д) еластичност

22) Цената на нафтата на светскиот пазар го надмина психолошкиот праг од 100 САД-долари за барел, кој со децении се сметаше за „недостижен". Кој метод е употребен за да се извлече заклучокот?
   а) индуктивен метод
   б) дедуктивен метод
   в) компаративен метод
   г) метод на апстракција

23) Еден економист, анализирајќи го влијанието на повисоката цена на нафтата на светскиот пазар врз порастот на домашната инфлација, претпоставил дека сите други фактори остануваат непроменети. Тој, всушност, ја користел препоставката:
а) Nulla dies, sine linea.
б) Post hoc, ergo propter hoc.
в) Ceteris paribus.
г) Homo economicus.
д) Hic Rodhus, hic salta!

24) „И покрај тоа што менаџерот на маркетинг-агенцијата е член на опозициската партија, тој ѝ направил одличен рекламен спот на владејачката партија, бидејќи солидно го платила за тоа", се жали еден член на опозициската партија, заборавајќи дека многу економски законитости почиваат на претпоставката _______________.
а) Nulla dies, sine linea.
б) Post hoc, ergo propter hoc.
в) Ceteris paribus.
г) Homo economicus.
д) Hic Rodhus, hic salta!

25) „Се обидов да ја испитам релацијата меѓу инфлацијата и девизниот курс, две економски варијабли, но ако ме прашувате колку ќе изнесува девизниот курс следниот месец, тоа е како да ме прашувате колку литри дожд ќе наврне во среда." Овој пример покажува дека со ______________ не секогаш може да се објасни и поедностави сложената економска стварност.

а) релациите
б) параметрите
в) инструменталните варијабли
г) економските модели

26) Споредувајќи ги економските индикатори во транзициските економии во 2004 година, еден економист заклучил дека Македонија има највисока стапка на невработеност. Заклучокот е изведен со користење на:
а) методот на индукција
б) методот на дедукција
в) компаративниот метод
г) методот на апстракција
д) логичкиот метод

27) Мислената постапка преку која се одвојува битното и нужното во економските појави, од помалку значајното, се нарекува:
а) логички метод
б) компаративен метод
в) метод на дедукција
г) метод на индукција
д) метод на апстракција

28) Квантитативните конкретни изрази на меѓузависноста меѓу варијаблите на некој економски модел се нарекуваат:
а) релации
б) параметри
в) инструментални варијабли

г) функции
д) хипотези

29) Мислената постапка која преку анализа на индивидуални опсервации доаѓа до општи заклучоци се нарекува:
а) метод на апстракција
б) метод на индукција
в) метод на дедукција
г) компаративен метод
д) историски метод

30) Мислената постапка која поаѓа од општи заклучоци со цел да дојде до посебен индивидуален заклучок се нарекува:
а) метод на апстракција
б) метод на индукција
в) метод на дедукција
г) компаративен метод
д) историски метод

31) Која од следниве опции е карактеристична за методот на апстракција?

а) фокус на детална анализа на секој потрошувач
б) истовремено анализирање на економските, правните и културните аспекти
в) издвојување на најрелевантните фактори и игнорирање на останатите за потребите на анализата
г) интервјуа со претприемачи за проценка на пазарното однесување

32) Во 2009 година, владата вовела повисок данок на луксузни автомобили, по што продажбата на автомобили значително опаднала. Економистот заклучува дека новиот данок ја предизвика оваа криза.

33) Изразите кои во економиката се користат со цел да прикажат дефинициска еднаквост се нарекуваат:
а) равенки
б) функции
в) економски модели
г) идентитети
д) параметри

34) Поедноставената претстава (слика) за сложената економска реалност е прикажана во:
а) параметрите
б) варијаблите
в) релациите
г) економските модели

35) Зошто е важно науките, вклучувајќи ја и економиката, да користат методи и докази, а не само интуиција?

36) Како може да се злоупотреби економски податок ако не се разбира контекстот во кој е добиен?

37) Зошто е важно политичките одлуки да се базираат врз анализи, а не само врз идеологија?

38) Моделите во економијата често ги поедноставуваат реалните ситуации – дали мислиш дека тоа е корисно или опасно?

39) Што може да научи еден правник од пристапот на економијата во анализирање на појави?

40) Може ли еден медиум да влијае врз перцепцијата за економска реалност само со тоа како ќе ги прикаже податоците?

41) Зошто е важно да се тестираат хипотези, дури и кога изгледаат „логични"?

42) Дали правната наука користи доволно системски методи во анализа на проблемите? Какво е твоето размислување?

43) Дали новинарите треба да имаат основно разбирање на истражувачките методи кога известуваат за економија и политика?

# ПОГЛАВЈЕ III

# РАЗЛИЧНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ

*Во ова поглавје ќе дознаете како различни земји и општества ја организираат својата економска активност. Ќе ги научите карактеристиките на централнопланската економија, слободната пазарна економија и мешаната економија и ќе ги споредите предностите и недостатоците на секој од овие модели. Ќе разберете и зошто денес најчесто се користат мешани системи што се темелат на различни комбинации на пазарни механизми со државна интервенција. Ова поглавје ќе ви помогне да ги препознаете различните модели на економско управување и да разберете како тие влијаат на секојдневниот живот на луѓето.*

1) Економската координација во централнопланската економија почива врз одлуките на државата/владата.

   *Точно* *Неточно*

2) Во слободната пазарна економија постои ограничена конкуренција.

   *Точно* *Неточно*

3) Мешаната економија е комбинација од планска и пазарна економија.

   *Точно* *Неточно*

4) Централнопланската економија секогаш е поефикасна од слободната пазарна економија.

   *Точно* *Неточно*

5) Една од силните страни на слободната пазарна економија е тоа што доведува до социјална еднаквост.

   *Точно* *Неточно*

6) Мешаните економии се најчест облик на економски систем во денешни услови.

   *Точно* *Неточно*

7) Политичките системи влијаат врз изборот на економските системи.

   *Точно* *Неточно*

8) Во мешаните економии не постои владина економска интервенција.

   *Точно* *Неточно*

9) Приватната сопственост не постои во централнопланската економија.

   *Точно* *Неточно*

10) Во демократските општества постои слободна пазарна економија.

*Точно* *Неточно*

11) Владините интервенции ја нарушуваат конкуренцијата.

*Точно* *Неточно*

12) Слободната пазарна економија може да функционира без владеење на правото.

*Точно* *Неточно*

13) Која од следниве опции е карактеристика на командната економија?
   а) изложеност на големи флуктуации (осцилации) во производството
   б) релативно рамномерна распределба на националниот доход
   в) интензивен економски раст
   г) профитна мотивација на производството

14) Која од следниве опции е карактеристика на командната економија?
   а) изложеност на силно изразени флуктуации (осцилации) во производството
   б) силна профитна мотивација на производството
   в) постоење на високи стапки на инфлација
   г) доминантно учество на државната сопственост
   д) доминантно учество на приватната сопственост

15) Ако во некоја економија доминира државната сопственост, меѓутоа постои простор за пазарно формирање на цените на добрата и услугите, станува збор за:
   а) слободна пазарна економија
   б) мешана пазарна економија
   в) командна економија
   г) мешана планска економија
   д) традиционална економија

16) Ако во некоја економија доминира приватната сопственост, меѓутоа државата може да влијае врз цените на добрата преку ценовни контроли или субвенции, станува збор за:
   а) слободна пазарна економија
   б) мешана пазарна економија
   в) командна економија
   г) мешана планска економија
   д) традиционална економија

17) Која од следниве карактеристики се однесува на пазарната економија?
   а) постоење на невработеност и инфлација
   б) планско насочување на економските текови
   в) планирање врз основа на хиерархиски принцип
   г) доминантна државна сопственост
   д) отсуство на профитна мотивација кај претпријатијата

18) „Не ја очекуваме нашата вечера поради добронамерноста на месарот, пиварот или пекарот, туку поради нивната грижа за сопствениот интерес. Не се обраќаме на

нивната човечност, туку на нивното самољубие и никогаш не им зборуваме за нашите потреби, туку за нивните предности", е позната изрека на Адам Смит, шкотски економист и филозоф од XVIII век, кој се смета за основоположник на економиката. Со неа, тој ја илустрира моќта на:

а) државата
б) „невидливата рака"
в) „видливата рака"
г) алтруизмот

19) „Во економијата доминира приватната сопственост, пазарниот механизам дејствува во широк спектар на дејности, а државата повеќе се служи со методите на индиректно (необврзувачко) планирање", пишува еден новинар – дописник, мислејќи на:

а) централнопланската економија
б) мешаната планска економија
в) слободната (пазарна) економија
г) мешаната пазарна економија
д) традиционалната економија

20) „Во економијата постои исклучиво државна сопственост, централизирана регулација, отсуство на профитна мотивација кај деловниот сектор и нема реален систем на цени", пишува еден новинар – дописник, мислејќи на:

а) централнопланската економија
б) мешаната планска економија
в) мешаната пазарна економија
г) слободната (пазарна) економија
д) сивата економија

21) Прекумерната државна регулација е обично карактеристика на:

а) планската економија
б) мешаната планска економија
в) мешаната пазарна економија
г) пазарната економија

22) Која од следниве карактеристики не претставува главна карактеристика на мешаната планска економија?

а) Се одобруваат парични стимули на работниците со цел да се зголеми продуктивноста на трудот.
б) Потрошувачите имаат голем избор да го купуваат она што го сакаат.
в) Државата дозволува одредено флуктуирање на цените на добрата и факторите на производство.
г) Се дозволува работниците да имаат одредена слобода при изборот на работното место.
д) Државата влијае на релативните цени на добрата и инпутите исклучиво преку оданочувањето и субвенционирањето.

23) Економијата на Северна Кореја е централизирана, со речиси целосна државна контрола врз производството, трговијата и распределбата на ресурсите. Таа е изолирана од глобалниот пазар и силно зависи од трговијата со НР Кина, додека меѓународните санкции и ограничениот пристап до технологии го забавуваат нејзиниот економски развој. Земјата инвестира значителни ресурси во воената

индустрија. Во кој тип на економски систем би ја класифицирале економијата на Северна Кореја?

а) централнопланска економија
б) мешана планска економија
в) мешана пазарна економија
г) слободна пазарна економија

24) Иако НР Кина е официјално социјалистичка држава и го задржува силното влијание на државата врз стратешките сектори (како енергетиката, финансиите и инфраструктурата), таа истовремено дозволува приватно претприемаштво, странски инвестиции и функционирање на пазарните механизми. Комбинацијата на централно планирање и пазарни елементи дава причина нејзината економија да се класифицира како типичен пример за __________________.

а) централнопланска економија
б) мешана планска економија
в) мешана пазарна економија
г) слободна пазарна економија

25) Северна Кореја има централизирана и изолирана економија под строга државна контрола, со приоритет на воената индустрија и колективната сопственост. Наспроти тоа, Јужна Кореја има пазарноориентирана економија, отворена кон глобалната трговија. Таа е позната по технолошкиот развој и извоз, но и по многуте светски брендови (Samsung, Hyundai, LG, Kia и SK Telecom). Јужна Кореја е една од најразвиените економии во Азија, додека Северна Кореја се соочува со сиромаштија, санкции и ограничен пристап до ресурси. Разликата во нивниот економски модел резултира со огромен јаз во животниот стандард, продуктивноста и меѓународната интеграција. За тоа сведочи и ноќната сателитска снимка на двете соседни држави во продолжение. Дали економската слобода е клучот за развој или, според вас, постојат и други фактори?

Графикон бр 1. Корејскиот Полуостров ноќе, фотографиран во 2014 година од страна на астронаут на Националната вселенска агенција на САД (NASA) од Меѓународната вселенска станица




Извор: NASA Earth Observatory. (2014). Korean Peninsula at Night. Retrieved from https://earthobservatory.nasa.gov/images/82392/korean-peninsula-at-night

26) За да ги разбереме подобро промените на правните, политичките и економските системи, неопходно е да го земеме предвид историскиот контекст. Врз основа на следниот графикон:

а) Објаснете кога започнува транзицијата на поранешните централнопландски економии кон слободната пазарна економија!
б) Кој економски систем доминирал во првата половина на XX век (1901 – 1950 година)?
в) Зошто Русија во 1917 година преминува од пазарен во плански систем?




Извор: Узунов, Никола. 1995. *Трансформација на економските системи: Запад-Исток-Југ*. Скопје: Детска радост.

27) Во секое од празните полиња на табелата, внесете една од овие четири карактеристики на економските системи:

а) преовладува пазарната регулација, но постои и индикативно (необврзувачко) планирање
б) доминира државната сопственост
в) доминира приватната сопственост

г) преовладува планската регулација, но постои и мал простор за пазарно делување

| *Основни столбови* | Мешана планска економија | Мешана пазарна економија |
|---|---|---|
| Вид на сопственост | | |
| Начин на координација на економските текови | | |

28) Во одбрана на слободната пазарна економија, австрискиот економист Лудвиг фон Мизес (1881 – 1973) вели: „Онаму каде што нема пазарна економија, одредбите на уставот и законите, дури и кога се напишани со најдобри намери, остануваат мртво слово на хартија". Дали се согласувате со неговата теза? Објаснете го вашиот став!

29) Во табелата се прикажани податоци за Северна и Јужна Кореја.

| Споредба на демографските, политичките и социо-економските индикатори | Демократска Народна Република Кореја („Северна Кореја")  | Република Кореја („Јужна Кореја")  |
|---|---|---|
| Политички систем | Еднопартиски | Повеќепартиски |
| Население (во милиони жители), проценка за 2023 година | 26,4 | 51,8 |
| Очекувано траење на животниот век | 71,8 години | 83,8 години |
| Економски систем | Централнопланска економија | Слободна пазарна економија |
| БДП по жител (во САД-долари), метод на паритет на куповна моќ (2024) | 1.500 | 47.773 |
| Стапка на невработеност (во проценти, 2024 год.) | 0 – 3 % | 2,7 % |
| Број на вработени (во милиони) (2023) | 15,8 | 27,0 |
| Ранг според *Индексот на економски слободи* (вкупно рангирани 177 земји), 2025 година | 177 | 17 |
| Број на интернет-корисници (на илјада жители) | 0.0 | 53 |
| Број на претплатници во фиксната телефонија, во милиони (2023 година) | 1,18 | 24,1 |
| Број на претплатници во мобилната телефонија, во милиони (2025 година) | 6,0 | 69,2 |
| Воени расходи (како процент од БДП), проценка (2024 година) | 20 – 30 % | 2,4 % |
| Број на воени лица (во милиони) | 1,3 | 0,5 |
| Број на затвореници | 80.000 – 200.000 | 59.088 |

Извори на податоци: (1) Central Intelligence Agency. (2024). The World Factbook: Korea, North and Korea, South. (2) International Monetary Fund. (2024). World Economic Outlook Database. (3) Heritage Foundation. (2025). 2025 Index of Economic Freedom. (4) International Labour Organization. (2023). ILOSTAT Database: Employment and unemployment statistics. (5) World Bank. (2024). World Development Indicators. (6) ITU (International Telecommunication Union). (2023). Statistics on ICT usage. (7) Stockholm International Peace Research Institute (SIPRI). (2024). Military expenditure by country. https://sipri.org/databases/milex (8) Global Firepower. (2024). Military Strength Ranking: North Korea and South Korea. (9) Department of State. (2024). 2024 Country Reports on Human Rights Practices – North Korea. (10) Amnesty International. (2023). North Korea: Political prison camps remain a grave concern. (11) Ministry of Science and ICT, Republic of Korea. (2025). Korean ICT Statistics Report.

а) Нацртајте ги кривите на производствени можности на Северна и Јужна Кореја. Врз основа на податоците наведени во табелата, обележете која комбинација на „путер" и „пушки" ја избрала првата, а која втората земја?

б) Каква распределба на доходот очекувате да има во Северна Кореја? Образложете го вашиот став!

в) Ако го спореդиме бруто домашниот производ (мерка за новосоздадената вредност во економијата) по жител на двете земји, ќе заклучиме дека Јужна Кореја има речиси 32 пати повисок доход од Северна Кореја. Кој метод е применет во едноставното заклучување?

г) Економската историја бележи дека Јужна Кореја, Сингапур, Хонг Конг и Тајван остваруваа исклучително високи стапки на економски раст и спроведуваа брза индустријализација од шеесеттите до деведесеттите години на минатиот век. Кој научен метод (или научни методи) најверојатно е употребен за донесување на претходната констатација? Графички прикажете што се случувало со кривата на производствени можности на јужнокорејската економија!

д) Врз основа на поединечните опсервации за четирите брзорастечки економии, економистите го лансираа терминот „азиски тигри" како воопштен и краток опис на карактеристиките на напредните источноазиски земји. Кој метод би можел да биде употребен при донесувањето на општиот став?

ѓ) Според многу експерти, најбитните фактори за импресивниот економски раст на „азиските тигри" се визионерското лидерство, подобрувањето на квалитетот на образованието, извозната ориентација на производството и евтината работна сила, додека другите фактори се сметаат за помалку важни. Кој научен метод е применет во заклучувањето?

29) Дали мотивот за остварување профит ги загрозува целите економска праведност и еднаквост? Какви се вашите размислувања?

30) Како мислиш дека би изгледало твоето секојдневие ако живееше во економски систем каде што сè е централно планирано?

31) Кои се можните предности и ризици кога пазарот е целосно слободен од државна интервенција?

32) Дали е возможно истовремено да се остваруваат целите на социјална праведност и економска ефикасност?

33) Кои карактеристики на пазарната економија се најповолни за слободата на изразување и независното новинарство?

34) Во која мера правниот систем е важен за функционирањето на еден пазарен економски систем?

35) Како политичките вредности (демократија, слобода, социјална правда) се одразуваат во изборот на економскиот модел?

36) Дали државата треба да обезбеди бесплатно здравство и образование во пазарна економија? Какво е твоето размислување?

37) Дали слободниот пазар секогаш ги наградува најдобрите идеи и најтрудољубивите индивидуи?

38) Зошто некои општества имаат поголема доверба во државата, а други во пазарот?

39) Во кои ситуации државата треба активно да интервенира на пазарот, а во кои е подобро да се воздржи?

# ПОГЛАВЈЕ IV

# ПОБАРУВАЧКА, ПОНУДА И ПАЗАР

*Ова е едно од најважните поглавја, бидејќи ги објаснува основите на пазарната економија. Во овој дел е објаснето како функционираат пазарите. Ќе дознаете што претставува побарувачката и кои се нејзините детерминанти, како реагира понудата на промени во цените и како тие две сили се среќаваат на пазарот за да ја одредат рамнотежната цена. Ќе дознаете и за улогата на државата кога пазарот не функционира совршено, преку контрола на цените.*

1) На пазар, цените се одредени од страна на побарувачката и понудата.

   *Точно* *Неточно*

2) Побаруваното количество расте, кога цената на производот расте, ceteris paribus.

   *Точно* *Неточно*

3) Понудата зависи од трошоците за производство на производот.

   *Точно* *Неточно*

4) На пазарот секогаш постои совршена конкуренција.

   *Точно* *Неточно*

5) Државата може да влијае на цените со употреба на субвенции.

   *Точно* *Неточно*

6) Кога пазарот е во рамнотежа, не постојат неискористени ресурси.

   *Точно* *Неточно*

7) Побарувачката зависи од доходот на потрошувачите.

   *Точно* *Неточно*

8) Понудата не зависи од технологијата.

   *Точно* *Неточно*

9) Минималната цена е повисока од пазарната цена.

   *Точно* *Неточно*

10) Владините политики можат да ја подобрат пазарната рамнотежа. Доколку владата оцени дека поради актуелната состојба треба да се заштитат производителите на тутун, кој облик на контрола на цените би можела да го воведе?
   а) максимирање на цените
   б) минимизирање на цените
   в) флуктуирање на цените
   г) дискриминирање на цените

11) Ако шпекулациите за можна појава на птичји грип предизвикаат значително намалување на побарувачката за пилешко месо, при ceteris paribus, тогаш:
   а) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се зголемат.
   б) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се намалат.
   в) Рамнотежната цена ќе се зголеми, а рамнотежното количество ќе се намали.

12) Влезот на нов мобилен оператор во телекомуникацискиот сектор на Република Македонија се очекува да донесе:
   а) зголемување на понудата и намалување на цената на услугите
   б) намалување на понудата и намалување на цената на услугите
   в) зголемување на побарувачката и намалување на цената на услугите
   г) намалување на побарувачката и зголемување на цената на услугите

13) Во кој од следниве случаи кривата на понуда на некој производ може да се помести кон лево (под претпоставка сите други нешта да останат непроменети)?
   а) намалување на цените на факторите на производство (инпутите)
   б) воведување современа технологија за негово производство
   в) намалување на цената на конкретното добро
   г) значајно поскапување на нафтата и електричната енергија
   д) очекувања за силен пораст на цените во следните десет години

14) Доколку владата на Република Македонија оцени дека поради актуелната состојба треба да се заштитат производителите на тутун, кој облик на контрола на цените би можела да го воведе?
   а) максимирање на цените
   б) минимизирање на цените
   в) флуктуирање на цените
   г) дискриминирање на цените
   д) ограбувачко формирање на цените

15) Ако утврдената цена на електричната енергија од страна на *Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад* е пониско утврдена од рамнотежната цена, бидејќи оваа цена има третман на социјална категорија, тогаш велиме дека станува збор за:
   а) максимирање на цените
   б) минимизирање на цените
   в) флуктуирање на цените
   г) дискриминирање на цените
   д) ограбувачко формирање на цените

16) Што од следното е детерминанта на побарувачката?
   а) цената на супститутите
   б) доходот на потрошувачот
   в) цената на комплементарните добра
   г) очекувањата за идните цени
   д) сите претходно наведени одговори се точни

17) Ако шпекулациите за можни проблеми со сопирачките на автомобилите на Тојота предизвикаат значително намалување на побарувачката за овие автомобили, при ceteris paribus, тогаш:
   а) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се зголемат.
   б) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се намалат.
   в) Рамнотежната цена ќе се зголеми, а рамнотежното количество ќе се намали.
   г) Рамнотежната цена ќе се намали, а рамнотежното количество ќе се зголеми.
   д) Не треба да се очекува менување на цената.

18) Законот на понудата покажува дека, кога цената на едно добро расте, при ceteris paribus, тогаш:
   а) кривата на понуда се поместува кон десно
   б) побаруваното количество се намалува
   в) побаруваното количество се зголемува
   г) понуденото количество се намалува
   д) понуденото количество се зголемува

19) Законот на побарувачката покажува дека, кога цената на едно добро расте, при ceteris paribus, тогаш:
   а) побаруваното количество се намалува
   б) побаруваното количество се зголемува
   в) понуденото количество се намалува
   г) понуденото количество се зголемува

20) Кога на пазарот се појавил недостиг од некој производ, нарушената рамнотежа повторно се воспоставува преку:
   а) намалување на цената и потоа намалување на побаруваните количества
   б) намалување на цената и потоа зголемување на понудените количества
   в) зголемување на цената и потоа намалување на понудените количества
   г) зголемување на цената и потоа зголемување на понудените количества
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

21) Односот помеѓу различните количества од едно добро, што продавачите сакаат и се во можност да ги изнесат на пазарот при алтернативни цени, се нарекува:
   а) крива на производствени можности
   б) Лоренцова крива
   в) буџетско ограничување
   г) крива на индиференција
   д) понуда

22) Односот помеѓу различните количества од едно добро, што купувачите сакаат и се во можност да ги купат на пазарот при алтернативни цени, се нарекува:
   а) крива на производствени можности
   б) побарувачка
   в) буџетско ограничување
   г) крива на индиференција
   д) понуда

23) Цените над рамнотежното ниво предизвикуваат:
   а) недостиг на добра и притисок врз цената надолу
   б) недостиг на добра и притисок врз цената нагоре
   в) долгорочна стабилност на цените
   г) вишок на добра и притисок врз цената нагоре
   д) вишок на добра и притисок врз цената надолу

24) Цените под рамнотежното ниво предизвикуваат:
   а) недостиг на добра и притисок врз цената надолу
   б) недостиг на добра и притисок врз цената нагоре
   в) долгорочна стабилност на цените
   г) вишок на добра и притисок врз цената нагоре
   д) вишок на добра и притисок врз цената надолу

25) Ако со порастот на доходот се намалува побарувачката за одредена категорија добра, тогаш станува збор за:
   а) комплементарни добра
   б) нормални добра
   в) инфериорни добра
   г) слободни добра
   д) јавни добра

26) Која од следните понудени опции се однесува на комплементарните добра?
   а) телевизор и приклучок за оператор
   б) путер и маргарин
   в) мед и шеќер
   г) пепси и кока-кола
   д) портокали и мандарини

27) Како се манифестира големиот пораст на цената на печатачите врз побарувачката за тонери?
   а) Ќе ја помести кривата на побарувачката за тонери надесно.
   б) Ќе ја помести кривата на побарувачката за тонери налево.
   в) Ќе предизвика надолно движење по должина на кривата на побарувачката за тонери.
   г) Ќе предизвика нагорно движење по должина на кривата на побарувачката за тонери.
   д) Нема да влијае ниту врз побарувачката, ниту врз побаруваното количество.

28) Што ќе се случи на пазарот доколку побарувачката се зголеми, а понудата остане непроменета?

а) Ќе се зголеми реализираното количество, но цената ќе остане иста.

б) Ќе се зголемат и цената и реализираното количество.

в) Ќе се зголеми реализираното количество, а цената ќе се намали.

г) Ќе се намалат и цената и реализираното количество.

29) Кој од следните понудени одговори претставува детерминанта на понудата?

а) очекувањата за идното движење на цената
б) профитот на претпријатието
в) цената на факторите на производство
г) цената на супститутите
д) сите претходно наведени одговори се точни

30) Кој од следните понудени одговори претставува детерминанта на побарувачката?

а) доходот и неговата распределба
б) цените на супститутите
в) очекувањата за идните движења на цената
г) староста и структурата на населението
д) сите претходно наведени одговори се точни

31) Максималната цена:

а) Се воведува за заштита на производителите и секогаш е повисока од рамнотежната цена.

б) Се воведува за заштита на производителите и секогаш е пониска од рамнотежната цена.

в) Се воведува за заштита на купувачите и секогаш е повисока од рамнотежната цена.

г) Се воведува за заштита на купувачите и секогаш е пониска од рамнотежната цена.

д) Ниту еден од претходно наведените одговори не е точен.

32) Минималната (минимално гарантираната) цена:

а) Се воведува за заштита на производителите и секогаш е повисока од рамнотежната цена.

б) Се воведува за заштита на производителите и секогаш е пониска од рамнотежната цена.

в) Се воведува за заштита на купувачите и секогаш е повисока од рамнотежната цена.

г) Се воведува за заштита на купувачите и секогаш е пониска од рамнотежната цена.

д) Ниту еден од претходно наведените одговори не е точен.

33) Констатацијата дека понудената количина на една стока зависи правопропорционално од нејзината цена, ceteris paribus, го прикажува:

а) законот на опаѓачки приноси
б) законот на побарувачката

в) законот на понудата
г) буџетското ограничување

34) Констатацијата дека побаруваното количество од едно добро зависи обратнопропорционално од нејзината цена, ceteris paribus, го прикажува:
а) законот на понудата
б) законот на побарувачката
в) буџетското ограничување
г) нерационалното однесување на потрошувачите

35) Доколку се зголеми цената на автомобилите, ceteris paribus, тогаш:
а) побаруваното количество на автомобили ќе се зголеми
б) побаруваното количество на автомобили ќе се намали
в) побарувачката за автомобили ќе се зголеми
г) побарувачката за автомобили ќе се намали

36) Табеларниот приказ на различните количини на еден производ кои купувачите се во можност и сакаат да ги купат по различни цени во даден временски период се нарекува:
а) Лоренцова крива
б) крива на производствени можности
в) закон за опаѓачка маргинална корисност
г) скала на понудата
д) скала на побарувачката

37) Табеларниот приказ на различните количини на еден производ кои понудувачите се во можност и сакаат да ги продадат по различни цени на пазарот во даден временски период се нарекува:
а) буџетска линија
б) крива на индиференција
в) ефект на супституција
г) скала на понудата
д) скала на побарувачката

38) Ако при пораст на цената на јаболката од 50 денари на 70 денари, побарувачите одлучат да го намалат количеството на јаболка кое го купуваат во текот на неделата, во просек, од 5 кг на 4 кг, тогаш велиме дека дејствува:
а) законот на трошоците
б) законот на побарувачката
в) законот на понудата
г) законот на опаѓачка гранична продуктивност
д) антимонополското законодавство

39) При кој облик на државна интервенција врз цените, како последица најчесто се јавува „црниот пазар“?
а) слободно формирана цена
б) рамнотежна цена
в) минимална наемнина

г) минимална цена
д) максимална цена

40) Како ќе влијае порастот на цената на нафтените деривати врз побарувачката за електрични автомобили и тротинети, при ceteris paribus?

41) Зошто земјоделците се незадоволни од цените на земјоделските производи во годините кога има богат род, но не се реализира извоз?
а) Зголеменото производство доведува до повисоки цени на пазарот.
б) Зголемената понуда, без извоз, доведува до пад на цените на домашниот пазар.
в) Државата ги ограничува количествата што можат да се продадат на пазарот.

42) Што ќе се случи со платата на правниците ако образовниот систем почне да „произведува" значително поголем број дипломирани правници, а побарувачката за нив остане непроменета?
а) Платата на правниците ќе се зголеми поради зголеменото ниво на образование.
б) Платата на правниците ќе остане иста, бидејќи побарувачката не се променила.
в) Платата на правниците ќе се намали поради зголемената понуда на правници.
г) Платата на правниците ќе се зголеми поради зголемената конкуренција.

43) „Цената на кафето *Арабика* на Њујоршката берза вчера достигна 50 САД-долари за 1 кг. Порастот се должи на исклучително слабиот род во Бразил, Колумбија и Мексико", информира „Financial Times" на 18 февруари 2011 година. Објаснете што се случило со помош на кривите на понуда и побарувачка?

44) Зошто цените на нотарските услуги не се менуваат, под слободното дејство на понудата и побарувачката? Помош: Одговорот е содржан во Законот за нотаријатот и придружната Нотарска тарифа.

45) Континуираниот пад на цената на одредено добро ги принудува производителите да го намалат понуденото количество од тоа добро. Овој пример го илустрира:
а) законот на понудата
б) законот на побарувачката
в) поместувањето на кривата на понуда кон десно
г) поместувањето на кривата на побарувачка кон десно
д) поместувањето на кривите на понуда и побарувачка кон десно

46) Според законот на побарувачката:
а) Постои позитивен (правопропорционален) однос меѓу побаруваното количество и цената.
б) При зголемување на цената, кривата на побарувачка се поместува во лево.
в) При зголемување на цената, кривата на побарувачка се поместува во десно.
г) Постои негативен (обратнопропорционален) однос меѓу побаруваното количество и цената.
д) При намалување на цената, кривата на побарувачка се поместува во десно.

47) Кривата на понуда претставува:
а) Функција со растечки наклон, која го покажува понуденото количество при која било цена.
б) Функција со растечки наклон, која го покажува побаруваното количество при која било цена.

в) Функција со растечки наклон, која ги покажува понуденото и побаруваното количество при која било цена.
г) Функција со опаѓачки наклон, која го покажува понуденото количество при која било цена.
д) Функција со опаѓачки наклон, која го покажува побаруваното количество при која било цена.

48) Кривата на побарувачка претставува:
а) Функција со растечки наклон, која го покажува понуденото количество при која било цена.
б) Функција со растечки наклон, која го покажува побаруваното количество при која било цена.
в) Функција со растечки наклон, која ги покажува понуденото и побаруваното количество при која било цена.
г) Функција со опаѓачки наклон, која го покажува понуденото количество при која било цена.
д) функција со опаѓачки наклон, која го покажува побаруваното количество при која било цена.

49) Ако поради влошените финансиски перформанси на одредено акционерско друштво силно се намали побарувачката за неговите акции на берзата, тогаш при ceteris paribus, треба да очекуваме:
а) зголемување на цената на неговите акции
б) намалување на цената на неговите акции
в) непроменетост на цената на неговите акции
г) трансформација во друштво со ограничена одговорност

50) Ако поради одличните финансиски перформанси на одредено акционерско друштво силно се зголеми побарувачката за неговите акции на берзата, тогаш при ceteris paribus, треба да очекуваме:
а) зголемување на цената на неговите акции
б) намалување на цената на неговите акции
в) непроменетост на цената на неговите акции
г) трансформација во друштво со ограничена одговорност

51) Зголемените плати на граѓаните би можеле да резултираат со пораст на побарувачката за акции. Која детерминанта на побарувачката за акциите ќе се промени во тој случај (при ceteris paribus)?
а) цената на комплементарните добра
б) цената на супститутите
в) доходот
г) бројноста и структурата на населението
д) сезонските фактори

52) Годината е плодна и лубениците ги има во изобилство. Доколку не успеат да ги пласираат во странство, земјоделците се незадоволни и ги уништуваат лубениците пред медиумите и очите на јавноста. Што се случува на пазарот за лубеници (при ceteris paribus)?
а) големо зголемување на понудата и голем пад на цените
б) големо зголемување на понудата и голем пораст на цените

в) големо намалување на понудата и голем пад на цените
г) големо зголемување на побарувачката и голем пораст на цените
д) големо намалување на побарувачката и голем пад на цените

53) Промената на кој било друг фактор (детерминанта) на побарувачката за автомобили, освен цената на автомобилите, при ceteris paribus и на краток рок, предизвикува:
а) поместување на целата крива на побарувачка за автомобили во лево или десно
б) поместување на целата крива на понуда за автомобили во лево или десно
в) движење по должина на кривата на понуда за автомобили
г) движење по должина на кривата на побарувачка за автомобили
д) вишок (непродадени) автомобили на пазарот

54) Континуираното зголемување на побарувачката за органски производи (при непроменета понуда) се очекува да предизвика:
а) зголемување на цената на органските производи
б) намалување на цената на органските производи
в) нременување на цената на органските производи
г) максимирање на цената на органските производи
д) минимизирање на цената на органските производи

55) Поскапувањето на медот вообичаено се објаснува со енормно намалениот број на пчели, поради неповолните временски услови и загадувањето на животната средина. Доколку сите останати фактори се непроменети, може да се заклучи дека на пазарот за мед и медни производи доминира ефектот на:
а) намалувањето на побарувачката за мед
б) зголемувањето на побарувачката за мед
в) намалувањето на понудата на мед
г) зголемувањето на понудата на мед
д) нерационалното однесување на производителите

56) Протестите против масовниот туризам (прекумерен туризам, „overtourism") во Барселона редовно го привлекуваат светското внимание. Покрај транспаренти и говори, некои демонстранти користат и водни пиштоли против туристите. „Сè повеќе жители на Шпанија одлучуваат да го изразат своето незадоволство поради прекумерниот број туристи и негативните последици што ги оставаат врз локалната заедница", пишува весникот „The Independent". Цените за хотелско и апартманско сместување растат, бидејќи прекумерниот туризам влијае врз:
а) намалувањето на побарувачката за сместување
б) зголемувањето на побарувачката за сместување
в) намалувањето на понудата за сместување
г) зголемувањето на понудата за сместување

57) Кој од следните четири графикони соодветно го прикажува одговорот од претходното прашање?

**5. Зголемувањето** на побарувачката, при ceteris paribus, предизвикува **зголемување** на цената




**6. Намалувањето** на побарувачката, при ceteris paribus, предизвикува намалување на цената




**7. Зголемувањето** на понудата, при ceteris paribus, предизвикува **намалување** на цената




**8. Намалувањето** на понудата, при ceteris paribus, предизвикува **зголемување** на цената




58) Во услови на ниски каматни стапки, многу граѓани се одлучуваат да ги претворат своите депозити во друг финансиски имот кој им носи повисок принос, како, на пример, обврзници. Во конкретниот случај, депозитите и обврзниците се:
а) комплементарни добра
б) супститути
в) инфериорни добра
г) слободни добра
д) јавни добра

59) Вообичаено, владите утврдуваат минимална цена на работната сила (минимална плата) со цел да спречат:
а) појава на невработеност
б) недостиг на пазарот на работна сила за одредени профили (струки)
в) платите да паднат или останат под определено ниво
г) максимирање на платите

60) Технолошкиот прогрес може да ја подобри производствената ефикасност и да ја зголеми профитабилноста на производителите. Ако претпоставиме дека промените нема да влијаат на купувачите, тогаш технолошкиот прогрес ќе предизвика:
а) поместување на кривата на понуда во лево
б) поместување на кривата на понуда во десно
в) поместување на кривата на побарувачка во лево
г) поместување на кривата на побарувачка во десно
д) поместување и на кривата на побарувачка и на понуда во лево

61) Анализите покажуваат дека побарувачката за статични компјутери (desktop-PCs) коднтинуирано се намалува под силниот налет на конкуренција од преносни компјутери и таблети. Во конкретниот пример, очигледно, многу потрошувачи ги третираат овие производи како:
а) комплементарни добра
б) супститути
в) инфериорни добра
г) слободни добра
д) јавни добра

62) Некои потрошувачи купуваат само во „обратната сезона", односно купуваат летна облека во зима и зимска облека во лето. На тој начин, тие ги искористуваат предностите на:
а) зголемената побарувачка
б) намалената побарувачка
в) зголемената понуда
г) намалената понуда
д) несовршеноста на пазарот

63) Некои производители понудуваат производи во „обратната сезона". Така, на пример, тие продаваат домати во зима или лубеници на пролет. На тој начин, тие ги искористуваат предностите на:
а) зголемената побарувачка
б) намалената побарувачка
в) зголемената понуда
г) намалената понуда
д) несовршеноста на пазарот

64) Што од следното може да ја помести кривата на побарувачка за одредено добро кон десно?
а) намалување на доходот на потрошувачите
б) пониска цена на супститутите
в) очекувања за значајно зголемување на цената на доброто во блиска иднина
г) повисока цена на комплементарното добро
д) зголемена цена на факторите на производство

65) Воведувањето на поригорозни еколошки стандарди кај автомобилите вообичаено ги поскапува автомобилските компоненти. Која од детерминантите на понудата на автомобили би се променила во конкретниот случај?
а) цена на инпутите (факторите на производство)
б) цена на супститутите
в) цена на комплементарните добра
г) доход на потрошувачите
д) даночна регулатива

66) Доколку се случи истовремен пораст и на понудата и на побарувачката за одреден производ, а притоа зголемувањето на понудата (пр., за 1000 производи) е поголемо од зголемувањето на побарувачката (пр., за 200 производи), тогаш очекуваме дека:
а) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се зголемат.
б) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се намалат.
в) Рамнотежната цена ќе се зголеми, а рамнотежното количество ќе се намали.
г) Рамнотежната цена ќе се намали, а рамнотежното количество ќе се зголеми.

д) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе останат непроменети.

67) Доколку се случи истовремен пораст и на понудата и на побарувачката за одреден производ, а притоа зголемувањето на побарувачката (на пр., за 1000 производи) е поголемо од зголемувањето на понудата (на пр., за 500 производи), тогаш очекуваме дека:
а) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се зголемат.
б) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се намалат.
в) Рамнотежната цена ќе се зголеми, а рамнотежното количество ќе се намали.
г) Рамнотежната цена ќе се намали, а рамнотежното количество ќе се зголеми.
д) Рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе останат непроменети.

68) Производителите на клима-уреди произвеле многу повеќе одошто потрошувачите се подготвени и сакаат да купат истата година. Што очекувате да се случи на пазарот?
а) Ќе има вишок на производи и се очекува цената да се зголеми.
б) Ќе има вишок на производи и се очекува цената да се намали.
в) Ќе има недостиг на производи и се очекува цената да се зголеми.
г) Ќе има недостиг на производи и се очекува цената да се намали.
д) Кривата на побарувачка за разладувачи на воздухот ќе се помести во лево.

69) Производителите на вакцини против грип произвеле многу помалку одошто потрошувачите се подготвени и сакаат да купат во таа година. Што очекувате да се случи на пазарот?
а) Ќе има вишок на вакцини и се очекува нивната цена да се зголеми.
б) Ќе има вишок на вакцини и се очекува нивната цена да се намали.
в) Ќе има недостиг на вакцини и се очекува нивната цена да се зголеми.
г) Ќе има недостиг на вакцини и се очекува нивната цена да се намали.
д) Кривата на побарувачка за вакцини ќе се помести во лево.

70) Со подобра организација на производството, компаниите во прехранбената индустрија успеваат да постигнат пораст на продуктивноста на трудот од 30 %, но истовремено се зголемуваат и трошоците на работната сила за 5 %. Што очекувате да се случи на пазарот за прехранбени производи како заеднички резултат на двата фактора, барем на краток рок и при ceteris paribus?
а) Ќе се зголеми понудата на прехранбени производи.
б) Ќе се намали понудата на прехранбени производи.
в) Понудата ќе остане непроменета.
г) Ќе се намали побарувачката за прехранбени производи.
д) Ќе се зголеми побарувачката за прехранбени производи.

71) Во 2010 година, руската економија беше силно погодена од рекордно високи температури, голема суша и бројни пожари. Руската Федерација е еден од најголемите производители и извозници на пченица во светот. Нејзиниот извоз на пченица таа година се намали за дури 30 %, а цената на пченицата скокна за 42 % на годишно ниво. Што се случи на европскиот пазар за пченица, имајќи предвид дека европските економии се големи увозници на пченица од Руската Федерација?
а) намалена понуда и зголемена побарувачка
б) намалена понуда и непроменета побарувачка
в) зголемена побарувачка и намалена понуда
г) зголемена побарувачка и зголемена понуда
д) намалена побарувачка и намалена понуда

72) Веста дека Стив Џобс има сериозни здравствени проблеми и дека ќе земе боледување на неопределено време веднаш предизвика дневен пад од 9 % на цената на акцијата на „Apple Inc.“ на Франкфуртската берза на 17 јануари 2011 година. Кое од следните објаснувања би можело да ги отслика овие берзански случувања?
   а) зголемена побарувачка и зголемена понуда на акциите на „Apple Inc.“
   б) зголемена понуда и намалена побарувачка за акциите на „Apple Inc.“
   в) непроменета побарувачка за акциите на „Apple Inc.“
   г) непроменета побарувачка и понуда за акциите на „Apple Inc.“
   д) непроменет побаруван број на акции на „Apple Inc.“

73) Во периодот од 2002 до 2005 година, значително се зголеми изградбата на нови недвижности за домување (куќи, станови, апартмани) во САД. Истовремено, беше забележан и голем пораст на побарувачката за недвижности. Токму во овој период се случи пораст на цената на недвижностите и пораст на бројот на продадени недвижности. Според овие информации, што се случило на пазарот за недвижности во САД?
   а) порастот на понудата го надминал порастот на побарувачката
   б) порастот на побарувачката го надминал порастот на понудата
   в) порастот на побарувачката е еднаков на порастот на понудата
   г) падот на понудата го надминал падот на побарувачката
   д) падот на побарувачката го надминал падот на понудата

74) Доколку цената на еден производ се зголеми, а истовремено се зголеми и количеството кое се продава и купува на пазарот (рамнотежното количество), тогаш најверојатно објаснување е дека имало:
   а) зголемување на побарувачката
   б) намалување на побарувачката
   в) зголемување на понудата
   г) намалување на понудата
   д) намалување и на понудата и на побарувачката

75) Доколку цената на еден производ се намали, а истовремено се зголеми количеството кое се продава и купува на пазарот (рамнотежното количество), тогаш најверојатно објаснување е дека имало:
   а) зголемување на побарувачката
   б) намалување на побарувачката
   в) зголемување на понудата
   г) намалување на понудата
   д) намалување и на понудата и на побарувачката

76) Доколку цената на еден производ се зголеми, а истовремено се намали количеството кое се продава и купува на пазарот (рамнотежното количество), тогаш најверојатно објаснување е дека имало:
   а) зголемување на побарувачката
   б) намалување на побарувачката
   в) зголемување на понудата
   г) намалување на понудата
   д) намалување и на понудата и на побарувачката

77) Доколку цената на еден производ се намали, а истовремено се намали количеството кое се продава и купува на пазарот (рамнотежното количество), тогаш најверојатно објаснување е дека имало:
а) зголемување на побарувачката
б) намалување на побарувачката
в) зголемување на понудата
г) намалување на понудата
д) намалување и на понудата и на побарувачката

78) Кај нормалните добра, порастот на доходот на потрошувачите води кон:
а) зголемување на побарувачката за овие добра
б) намалување на побарувачката за овие добра
в) зголемување на понудата за овие добра
г) намалување на понудата за овие добра
д) појава на недостиг на инфериорни добра

79) Кај инфериорните добра, порастот на доходот на потрошувачите води кон:
а) зголемување на побарувачката за овие добра
б) намалување на побарувачката за овие добра
в) зголемување на понудата за овие добра
г) намалување на понудата за овие добра
д) појава на недостиг на инфериорни добра

80) Наспроти пазарно формираната цена на списанијата од 50 денари, уредникот на едно недоволно афирмирано списание „Ризик" самоволно ја зголемува цената на 100 денари. Да претпоставиме дека постои совршена конкуренција. Доколку нема промени во квалитетот на новинарските текстови, уредувачката политика и на побарувачката, на краток рок треба да се очекува:
а) поместување на кривата на понуда за списанието „Ризик" во лево
б) поместување на кривата на побарувачка за списанието „ Ризик" во десно
в) поместување на кривата на побарувачка за списанието „ Ризик" во лево
г) појава на недостиг на примероци од списанието „ Ризик"
д) појава на вишок (непродадени примероци) од списанието „Ризик"

81) Наспроти пазарно формираната цена на портокалите од 60 денари, продавачот Назим самоволно ја снижува цената на 40 денари. Да претпоставиме дека постои совршена конкуренција. Доколку квалитетот на портокалите на целиот пазар е идентичен и нема промени на страната на побарувачката, на краток рок Назим треба да очекува:
а) поместување на кривата на понуда во лево
б) поместување на кривата на побарувачка во десно
в) поместување на кривата на побарувачка во лево
г) појава на недостиг на портокали
д) појава на вишок (непродадени) портокали

82) Во кој од следниве случаи кривата на понуда на некој производ може да се помести кон лево (под претпоставка сите други нешта да останат непроменети)?
а) зголемување на цените на факторите на производство (инпутите)
б) воведување нова и посовремена технологија за негово производство
в) намалување на цената на тој производ
г) намалување на даноците
д) очекувано зголемување на цената на тој производ

83) Да претпоставиме дека бројот на продавачи на доброто „М“ се намалува, а истовремено се намалува и доходот на потрошувачите. Врз основа на расположливите информации, со сигурност може да се заклучи дека:
а) рамнотежната цена ќе се намали
б) рамнотежната цена ќе се зголеми
в) рамнотежното количество ќе се зголеми
г) рамнотежното количество ќе се намали
д) рамнотежната цена и рамнотежното количество ќе се зголемат

84) Студениот бран во Преспанскиот Регион значително го намалил родот на преспански јаболка, а поради тоа се зголемила цената на тетовските јаболка. Која од следните опции најдобро ја опишува оваа пазарна ситуација?
а) Понудата на преспански јаболка се намалила, предизвикувајќи намалување на понудата на тетовски јаболка и намалување на цената на тетовските јаболка.
б) Понудата на преспански јаболка се намалила, предизвикувајќи намалување на понудата на тетовските јаболка и пораст на цената на тетовските јаболка.
в) Понудата на преспански јаболка се намалила, предизвикувајќи пораст на нивната цена и зголемување на побарувачката за тетовски јаболка.
г) Се намалила побарувачката за преспански јаболка, предизвикувајќи зголемување на побарувачката за тетовските јаболка и намалување на нивната цена.
д) Се зголемила побарувачката за преспански јаболка, предизвикувајќи намалување на побарувачката за тетовските јаболка и зголемување на цената на тетовските јаболка.

85) Кога истекува патентно-правната заштита на некој лек, која вообичаено трае 20 години, тогаш лекот преминува во генерички производ. Во тој момент, и други фармацевтски компании го стекнуваат правото да го произведуваат лекот и да учествуваат на пазарот со својата понуда. На тој начин:
а) расте понудата и опаѓа цената на лекот
б) опаѓа понудата и опаѓа цената на лекот
в) расте понудата и расте цената на лекот
г) опаѓа понудата и расте цената на лекот
д) опаѓа побарувачката и расте цената на лекот

76) Пополнете ја табелата со податоци колку парчиња пица вие лично сте во можност и сакате да купувате неделно, ceteris paribus, при дадени цени на производот.

| Цена на парче пица (во ден.) | Побарувано количество на пица |
|---|---|
| 30 | |
| 50 | |
| 100 | |
| 200 | |

а) Нацртајте ја вашата крива за побарувачка за пица.
б) Што се случува со побаруваното количество за пица, кога цената на пицата расте, ceteris paribus? Објаснете го одговорот!

77) Претпоставете дека побарувачката за пици е дадена и стабилна некое определено време. Што би се случило со кривата на побарувачката за пица доколку настанат следните промени на пазарот, ceteris paribus:
   а) Се зголемиле платите на граѓаните.
   б) Компанијата вовела успешна маркетинг-кампања.
   в) Се зголемила цената на хамбургерите.
   г) Во градот се доселиле нови лица.

   Објаснете ги вашите одговори!

78) Ако просечната цена на автомобиите во САД изнесува 30.000 долари, на пазарот за автомобили во САД се понудуваат 300.000 возила. Кога цената изнесува 35.000 долари, американските производители можат да понудат 400.000 автомобили, а при цена од 40.000 долари, бројот на понудени автомобили изнесува 600.000 возила.
   а) Изработете скала на понудата за автомобили во САД!
   б) Нацртајте ја кривата на понуда за автомобили во САД!
   в) Каков тренд има кривата на понуда? Објаснете го одговорот!

79) Како новинарите можат да ѝ ја објаснат на јавноста поврзаноста меѓу понудата и побарувачката, без притоа да користат економски речник?

80) Кои фактори, според тебе, најмногу влијаат врз одлуките на луѓето да купуваат или не купуваат нешто?

81) Дали секогаш кога цената расте, значи дека доброто станало поскапоцено или поквалитетно?

82) Дали државата треба да се вмешува кога цените премногу ќе се зголемат? Кои се аргументите „за" и аргументите „против"?

83) Во пазарна економија, дали државата треба да ги контролира цените на недвижностите?

# ПОГЛАВЈЕ V

# ЕЛАСТИЧНОСТ НА ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА

*Во ова поглавје ќе видите во колкав обем реагираат купувачите и продавачите кога се менуваат цените на производите или нивните доходите. Ќе научите што значи побарувачката или понудата да биде „еластична" или „нееластична". Ќе дознаете и како се мери еластичноста и како се користи во практиката. Ова знаење ќе ви покаже дека реакциите на пазарот не се секогаш пропорционални со промените кои ги предизвикале.*

1) Ценовната еластичност на побарувачката покажува во колкав обем реагираат купувачите на промени во цената на производот, cetreris paribus.
*Точно* *Неточно*

2) Ако цената на производот се зголеми, а побарувачката остане непроменета, ceteris paribus, тоа значи дека станува збор за ценовно еластична побарувачка.
*Точно* *Неточно*

3) Производите од витално значење вообичаено имаат ниска ценовна еластичност на побарувачката.
*Точно* *Неточно*

4) Луксузните производи најчесто имаат висока ценовна еластичност на побарувачката.
*Точно* *Неточно*

5) Еластичноста на понудата зависи од способноста на производителите да се приспособат на промени.
*Точно* *Неточно*

6) На краток рок, вообичаено понудата е ценовно понееластична отколку на долг рок.
*Точно* *Неточно*

7) Доходната еластичноста покажува како се менува побарувачката при промени на доходот на купувачите, ceteris paribus.
*Точно* *Неточно*

8) Кога доходот се зголемува, побарувачката за инфериорни добра се зголемува, ceteris paribus.
*Точно* *Неточно*

9) Нормалните добра се производи кои имаат позитивен коефициент на доходна еластичност.
*Точно* *Неточно*

10) Ако коефициентот на ценовна еластичност на побарувачката за некое добро е помал од 1 (еден), тогаш станува збор за ценовно еластична побарувачка.
*Точно* *Неточно*

11) Анализите покажуваат дека кога цената на телевизорите се намалила за 10 %, побарувачката за приклучоци за кабелска телевизија се зголемила за 20 % (под претпоставка ceteris paribus). Во овој случај станува збор за:
   а) ценовна еластичност на побарувачката
   б) вкрстена ценовна еластичност на побарувачката
   в) ценовна еластичност на понудата
   г) доходна еластичност на побарувачката

12) При пораст на доходот на потрошувачите за 15 %, при ceteris paribus, побарувачката за стари автомобили се намалува за дури 30 %. За кој вид на добра е типична ваквата еластичност?
   а) неопходни добра
   б) луксузни добра
   в) инфериорни добра
   г) нормални добра
   д) слободни добра

13) Анализите покажуваат дека кога цената на компјутерите се намалила за 20 %, побарувачката за софтвер за компјутерите се зголемила за 20 % (под претпоставка ceteris paribus). Во овој случај станува збор за:
   а) ценовна еластичност на побарувачката
   б) вкрстена ценовна еластичност на побарувачката
   в) ценовна еластичност на понудата
   г) доходна еластичност на побарувачката
   д) вкусна еластичност на побарувачката

14) Ако и по двојното зголемување на цената на вакцините против грип, побаруваните количества од страна на населението останат непроменети, тогаш велиме дека побарувачката за нив се одликува со:
   а) совршена ценовна еластичност
   б) ценовна еластичност
   в) единечна еластичност
   г) ценовна нееластичност
   д) совршена ценовна нееластичност

15) Поради зголемување на доходот на потрошувачите од 10 %, регистриран е пораст на побарувачката за парфеми од дури 30 %, при ceteris paribus. За кој вид на добра е типична ваквата еластичност?
   а) неопходни добра
   б) слободни добра
   в) луксузни добра
   г) инфериорни добра
   д) јавни добра

16) Ако следната година цената на цигарите се зголеми за 50 %, и поради побаруваното количество на цигари се намали за 25 %, тогаш побарувачката за овој производ има:
   а) совршена ценовна еластичност
   б) ценовна еластичност

в) единечна еластичност
г) ценовна нееластичност
д) совршена ценовна нееластичност

17) Ако поради порастот на цената од 20 % производителите го зголемат понуденото количество на млеко за 50 %, при ceteris paribus, тогаш станува збор за:
а) совршена ценовна еластичност на понудата
б) ценовна еластичност на понудата
в) единечна еластичност на понудата
г) ценовна нееластичност на понудата
д) совршена ценовна нееластичност на понудата

18) Ако сегашната цена на учебниците е утврдена во зоната на ценовна нееластичност на кривата на побарувачка за учебници, тогаш со зголемување на цената, вкупниот приход на издавачите (авторите):
а) ќе остане ист
б) ќе се изедначи со нула
в) ќе предизвика загуба
г) ќе се намали
д) ќе се зголеми

19) Ако цената на студирањето на Правниот факултет во Скопје се зголеми за 20 % следната година, и поради тоа бројот на пријавени студенти се намали за 15 %, тогаш побарувачката за студирање на нашиот факултет е:
а) совршено ценовно еластична
б) ценовно еластична
в) единечно еластична
г) ценовно нееластична
д) совршено ценовно нееластична

20) Ако сопственикот на дискотеката „Havana" оценил дека цената на влезниците од 200 денари е во зоната на ценовна нееластичност на кривата на побарувачка за влезници, тогаш неговиот вкупен приход ќе се зголеми доколку:
а) ја зголеми цената
б) ја намали цената
в) не ја менува цената
г) обезбеди гратис влезници
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

21) Ако поради намалувањето на цената на пенкалата за 10 %, побаруваното количество на моливи од страна на граѓаните се намали за 10 % (при ceteris paribus), тогаш станува збор за:
а) ценовна еластичност на побарувачката
б) доходна еластичност на побарувачката
в) вкрстена ценовна еластичност на побарувачката
г) вкусна еластичност на побарувачката
д) ценовна еластичност на понудата

22) При пораст на доходот на потрошувачите од 10 %, побаруваното количество на бел леб од страна на населението се намалува за 20 %, при ceteris paribus. Во овој случај станува збор:
   а) слободни добра
   б) луксузни добра
   в) инфериорни добра
   г) слободни добра
   д) јавни добра

23) Која од следните опции го опишува влијанието на временскиот рок врз еластичноста на понудата?
   а) На краток рок, понудата е совршено нееластична, а на долг рок е еластична.
   б) Во моменталниот период, понудата е совршено нееластична, а на краток рок е нееластична.
   в) Во моменталениот период, понудата е совршено еластична, а на долг рок е ценовно еластична.
   г) Еластичноста на понудата се намалува како што се зголемува временскиот период.
   д) Временскиот рок не влијае врз еластичноста на понудата.

24) Добрата кои имаат негативен коефициент на доходна еластичност на побарувачката се нарекуваат:
   а) економски добра
   б) нормални добра
   в) супституи
   г) инфериорни добра
   д) комплементарни добра

25) Добрата со позитивен коефициент на доходна еластичност на побарувачката се нарекуваат:
   а) неопходни и луксузни добра
   б) нормални и инфериорни добра
   в) слободни и економски добра
   г) супституи и комплемнентарни добра
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

26) На моментален временски период, понудата е:
   а) совршено ценовно нееластична
   б) ценовно нееластична
   в) унитарно еластична
   г) ценовно еластична
   д) совршено ценовно еластична

27) Ако порастот на цената на кафето од 10 % предизвика пораст на понуденото количество на кафе за 30 %, тогаш понудата на кафе е:
   а) ценовно еластична
   б) ценовно нееластична

в) унитарно еластична
г) совршено ценовно еластична
д) совршено ценовно нееластична

28) Односот меѓу процентуалните промени на понудените количества и процентуалните промени на цената се нарекува:
а) доходна еластичност на побарувачката
б) вкрстена еластичност на побарувачката
в) лачна еластичност на побарувачката
г) ценовна еластичност на побарувачката
д) ценовна еластичност на понудата

29) Односот меѓу процентуалните промени на побаруваните количества и процентуалните промени на цената се нарекува:
а) доходна еластичност на побарувачката
б) вкрстена еластичност на побарувачката
в) лачна еластичност на побарувачката
г) ценовна еластичност на побарувачката
д) ценовна еластичност на понудата

30) Нормалните добра можат да бидат:
а) неопходни и инфериорни добра
б) луксузни и инфериорни добра
в) неопходни и луксузни добра
г) луксузни и слободни добра
д) луксузни и економски добра

31) Добрата кои имаат позитивен коефициент на доходна еластичност на побарувачката се нарекуваат:
а) нормални добра
б) инфериорни добра
в) јавни добра
г) слободни добра
д) економски добра

32) Ако коефициентот на ценовна еластичност на мобилните телефони е 1 (еден), тогаш побарувачката за мобилни телефони е:
а) совршено ценовно нееластична
б) ценовно нееластична
в) унитарно еластична
г) ценовно еластична
д) совршено ценовно еластична

33) Ако коефициентот на ценовна еластичност на компирите е помал од 1 (еден), тогаш побарувачката за компири е:
а) совршено ценовно нееластична
б) ценовно нееластична
в) унитарно еластична

г) ценовно еластична
д) совршено ценовно еластична

34) Дали еластичноста на побарувачката може да се користи како алатка во јавната политика (на пр., за ограничување на пушењето)?

35) Кога новинарите известуваат за поскапување на горивата – каква улога има еластичноста во тоа колку поскапувањето ќе ги погоди граѓаните?

36) Зошто богатите и сиромашните реагираат различно на исти ценовни промени?

37) Како правната рамка (на пример, договори, минимални плати, трговски услови) влијае врз способноста на пазарот да реагира еластично?

# ПОГЛАВЈЕ VI

# ТЕОРИЈА НА ПОБАРУВАЧКАТА И КОРИСНОСТА

*Зошто купуваме одредени производи и колкаво задоволство ни дава нивното користење? Ова поглавје ќе ви покаже како луѓето прават избори за да го максимизираат своето задоволство со ограничен буџет. Ќе се запознаете со концептите, како што се маргинална корисност и криви на индиференција. Ќе научите и како се пресекуваат нашите желби со нашите финансиски можности. Овој дел ќе ви помогне подобро да ги разберете навиките на потрошувачите и нивните избори.*

1) Корисноста претставува задоволство кое потрошувачот го добива од користење на производ или услуга.

   *Точно* *Неточно*

2) Вкупната корисност постојано расте со секоја дополнителна единица на потрошен производ.

   *Точно* *Неточно*

3) Маргиналната корисност се намалува со секоја дополнителна единица на потрошен производ.

   *Точно* *Неточно*

4) Законот за опаѓачка маргинална корисност важи само за стоките, но не и за услугите.

   *Точно* *Неточно*

5) Буџетската линија покажува кои комбинации на производи може да си ги дозволи потрошувачот.

   *Точно* *Неточно*

6) Кривите на индиференција прикажуваат комбинации на добра кои му даваат на потрошувачот еднакво ниво на задоволство.

   *Точно* *Неточно*

7) Буџетските ограничувања немаат влијание врз одлуките на потрошувачите.

   *Точно* *Неточно*

8) Различни луѓе имаат различна корисност од користењето на истиот производ.

   *Точно* *Неточно*

9) Корисноста е целосно субјективна и не може да се мери.

*Точно* *Неточно*

10) Законот за опаѓачка маргинална корисност не важи за луксузни добра.

*Точно* *Неточно*

11) Што ќе се случи со буџетската линија доколку доходот на потрошувачот се зголеми, под претпоставка сите други нешта да останат непроменети? (станува збор за нормални добра)
   а) се поместува во лево
   б) се поместува во десно
   в) не се поместува
   г) станува крива на индиференција
   д) станува крива на понуда

12) Која од наведените опции не е појдовна претпоставка на моделот на потрошувачки избор?
   а) Цените на добрата и услугите се дадени големини.
   б) Потрошувачот се раководи според своите вкусови со кои ги рангира алтернативните комбинации.
   в) Ресурсите можат да се пренасочат од производство на едното кон производство на другото добро.
   г) Потрошувачот ја избира својата потрошувачка кошничка на тој начин што настојува да го максимизира задоволството (или корисноста).
   д) Потрошувачот располага со определен расположлив доход.

13) Намалувањето на расположливиот доход за трошење:
   а) ја поместува буџетската линија во лево
   б) не ја поместува буџетската линија
   в) ја поместува буџетската линија во десно
   г) ја поместува кривата на индиференција кон десно
   д) ја поместува кривата на индиференција кон лево

14) Што би се случило со буџетската линија на потрошувачот доколку при сите други нешта непроменети, се зголеми цената на едното добро кое го купува?
   а) ќе се помести во десно
   б) ќе се помести во лево
   в) нема да се помести
   г) ќе се трансформира во крива на индиференција
   д) ќе се зголеми стрмнината на буџетската линија

15) Кривата што ги покажува сите можни комбинации од две добра, кои на потрошувачот му причинуваат еднакво ниво на задоволство, се нарекува:
   а) крива на индиференција
   б) буџетска крива
   в) крива на побарувачка
   г) крива на производствени можности

д) крива на потрошувачки можности

16) Според моделот на потрошувачки избор, зголемувањето на цената на едното добро во рамките на потрошувачката кошничка, при ceteris paribus, би предизвикало:
   а) поместување на буџетската линија во лево
   б) поместување на буџетската линија во десно
   в) зголемување на стрмнината (косината) на буџетската линија
   г) поместување на кривата на индиференција кон десно
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

17) Кривата која ги означува можните комбинации од две добра кои потрошувачот може да ги купи со својот доход при дадени цени се нарекува:
   а) крива на производствени можности
   б) крива на индиференција
   в) Лоренцова крива
   г) крива на индивидуална побарувачка
   д) буџетска линија

18) Што се случува со вкупната корисност кога маргиналната корисност е негативна големина?
   а) се зголемува
   б) се намалува
   в) не се променува
   г) е максимална
   д) е минимална

19) Што се случува со вкупната корисност кога маргиналната корисност е позитивна големина?
   а) се зголемува
   б) се намалува
   в) не се променува
   г) е максимална
   д) е минимална

20) Маргиналниот коефициент на супституција го определува наклонот на:
   а) буџетската линија
   б) кривата на производствени можности
   в) кривата на индивидуална побарувачка
   г) кривата на индиференција
   д) Лоренцовата крива

21) Која од следниве опции не е претпоставка на моделот на потрошувачки избор?
   а) Потрошувачот има вкусеви преку кои ги оценува алтернативните комбинации од добра.
   б) Цените на добрата и услугите се дадени големини.
   в) Задоволството кое го чувствува потрошувачот од употребата на некое добро е дадена големина.
   г) Потрошувачот има даден доход за трошење.

д) Потрошувачот цели кон максимизирање на корисноста.

22) Кривата која ги означува можните комбинации од две добра кои на потрошувачот му причинуваат еднакво ниво на задоволство се нарекува:
 а) Лоренцова крива
 б) крива на индиференција
 в) буџетска линија
 г) крива на производствени можности
 д) крива на индивидуална побарувачка

23) Вкупната корисност е максимална кога граничната корисност:
 а) расте
 б) опаѓа
 в) е еднаква на нула
 г) е поголема од нулата
 д) е помала од нулата

24) Што ќе се случи со стрмнината на буџетската линија доколку се зголеми цената на едното добро, а цената на другото и доходот останат непроменети?
 а) ќе се намали
 б) ќе се зголеми
 в) нема да се промени
 г) ќе стане нула
 д) ќе стане позитивна

25) Ако потрошувачот се движи по една иста крива на индиференција, тогаш:
 а) вкупната корисност се менува
 б) задоволството расте
 в) вкупната корисност опаѓа
 г) вкупната корисност останува иста

26) Ако доброто е инфериорно, тогаш со зголемување на доходот:
 а) Побарувачката за него се зголемува.
 б) Побарувачката за него останува иста.
 в) Побарувачката за него се намалува.
 г) Цената му се намалува.
 д) Маргиналната корисност му расте.

27) Кое од следниве тврдења важи за точката на допир помеѓу буџетската линија и највисоката крива на индиференција?
 а) Потрошувачот не го троши целиот доход.
 б) Потрошувачот може да достигне поголема корисност.
 в) Потрошувачот максимизира корисност.
 г) Потрошувачот ја минимизира корисноста.
 д) Потрошувачот ја менува цената на добрата.

28) Во моделот на потрошувачки избор, буџетската линија може да се менува поради:
 а) промена на вкус
 б) промена на цената на добро

в) промена на индиференција
г) промена на производствениот капацитет
д) промена на граничната корисност

29) Потрошувачот ќе избере точка во која:
а) буџетската линија и кривата на индиференција не се сечат
б) кривата на индиференција го пресекува доходот
в) граничниот коефициент на супституција е еднаков на односот на цените
г) корисноста е еднаква на нула
д) постои инфериорно добро

30) Ако цената на двете добра се удвои, а доходот остане ист:
а) Буџетската линија ќе се помести лево и ќе стане стрмна.
б) Буџетската линија ќе остане иста.
в) Буџетската линија ќе се помести лево, но ќе ја задржи иста стрмнина.
г) Буџетската линија ќе се помести десно.
д) Корисноста ќе се удвои.

31) Ако потрошувачот купува само едно добро и тоа има намалена цена, тогаш:
а) нема ефект врз буџетот
б) потрошувачот може да купи повеќе
в) корисноста ќе се намали
г) кривата на индиференција се поместува налево
д) се зголемува доходот

32) Маргиналната корисност на некое добро е дефинирана како:
а) разликата меѓу цената и доходот
б) корисноста од последната единица
в) просечната корисност
г) вкупната корисност поделена со цената
д) цената на заменското добро

33) Зошто мислиш дека луѓето понекогаш прават избори што не се рационални, дури и кога имаат ограничен буџет?

34) Како може рекламите да влијаат врз нашето чувство за „корисност" и вредност?

35) Како медиумите и јавните личности можат да ја „обликуваат" побарувачката на луѓето?

36) Како се разликуваат потребите од желбите – и зошто е важно да ги разликуваме кога зборуваме за потрошувачко однесување?

37) Што е поважно при купување: цената или личното задоволство (корисност)? Дали тоа се менува со време и околности?

38) Како правните механизми можат да ги заштитат потрошувачите од манипулативни практики кои ја искористуваат нивната перцепција на вредност?

39) Мислиш ли дека државата треба да се вмешува кога луѓето купуваат штетни производи од навика, иако тие им носат „корисност"?

40) Дали потрошувачките одлуки се секогаш индивидуални, или има и културно/општествено влијание?

41) Дали постојат производи кои имаат „висока корисност" за општеството, но не се доволно атрактивни за поединецот?

42) Дали треба новинарите и ПР-професионалците да помогнат во подигнување на свеста за паметно и одговорно трошење? На кој начин?

43) Дали чувството на „корисност" е стабилна категорија или се менува со медиумите, општеството и личните искуства?

# ПОГЛАВЈЕ VII

# ТЕОРИЈА НА ПОНУДАТА И НА ТРОШОЦИТЕ

*Во ова поглавје ќе дознаете како производителите носат одлуки. Ќе научите за различните видови трошоци што ги имаат претпријатијата и како тие влијаат врз нивните одлуки за производство и цени. Ќе разберете и како фирмите се обидуваат да го минимизираат трошокот и да го максимизираат профитот. Ова ќе ви помогне да разберете како функционира страната на понудата.*

1) Понудата на фирмите зависи од нивните трошоци за производство.
   *Точно* *Неточно*

2) Вкупните трошоци се добиваат како збир од фиксните и варијабилните трошоци.
   *Точно* *Неточно*

3) Фиксните трошоци се менуваат кога се менува обемот на производство.
   *Точно* *Неточно*

4) Варијабилните трошоци растат со зголемување на обемот на производство.
   *Точно* *Неточно*

5) Просечните трошоци се пресметуваат како количник меѓу вкупните трошоци и обемот на производство.
   *Точно* *Неточно*

6) Маргиналниот трошок покажува колку чини производството на уште една единица производ.
   *Точно* *Неточно*

7) Кривата на маргиналниот трошок секогаш е опаѓачка.
   *Точно* *Неточно*

8) Економиите од обем ги намалуваат трошоците по единица производ.
   *Точно* *Неточно*

9) Субвенциите можат да ги намалат трошоците за производство на компаниите.
   *Точно* *Неточно*

10) Фирмите секогаш се обидуваат да ги минимизираат трошоците.
   *Точно* *Неточно*

11) Економија на обемот се остварува кога:
   а) се намалуваат просечните вкупни трошоци како резултат на опаѓањето на просечните фиксни трошоци
   б) се намалуваат просечните фиксни трошоци како резултат на опаѓањето на просечните вкупни трошоци
   в) се намалуваат просечните варијабилни трошоци како резултат на пониските маргинални трошоци

г) се намалуваат просечните вкупни трошоци како резултат на пониските маргинални трошоци

12) Трошоците кои постојано се намалуваат со зголемувањето на обемот на производството се нарекуваат:
  а) вкупни варијабилни трошоци
  б) просечни фиксни трошоци
  в) просечни варијабилни трошоци

13) По дефиниција, економскиот профит е еднаков на:
  а) вкупни приходи минус фиксни трошоци
  б) вкупни приходи минус опортунитетни трошоци
  в) вкупни приходи минус вкупни трошоци минус опортунитетни трошоци

14) Кога кривата на маргинални трошоци (MC) е над кривата на просечните вкупни трошоци (ATC), тогаш просечните вкупни трошоци:
  а) растат
  б) остануваат исти
  в) се намалуваат
  г) растат, па се намалуваат
  д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

15) Како реагираат просечните варијабилни трошоци при намалување на обемот на производство?
  а) растат
  б) се намалуваат до определено ниво, па потоа растат
  в) се зголемуваат до определено ниво, па потоа се намалуваат
  г) се намалуваат
  д) остануваат исти

16) Како реагираат просечните варијабилни трошоци при зголемување на обемот на производство?
  а) растат
  б) се намалуваат до определено ниво, па потоа растат
  в) се зголемуваат до определено ниво, па потоа се намалуваат
  г) се намалуваат
  д) остануваат исти

17) Како реагираат просечните фиксни трошоци при зголемувањето на обемот на производството?
  а) се зголемуваат
  б) се намалуваат
  в) остануваат непроменети
  г) се намалуваат, па потоа растат
  д) се зголемуваат, па потоа се намалуваат

18) Како реагираат просечните фиксни трошоци при намалувањето на обемот на производството?
  а) се зголемуваат
  б) се намалуваат
  в) остануваат непроменети
  г) се намалуваат, па потоа растат

д) се зголемуваат, па потоа се намалуваат

19) Како реагираат вкупните варијабилни трошоци при зголемувањето на обемот на производството?
   а) се зголемуваат
   б) се намалуваа;
   в) остануваат непроменети
   г) се намалуваат, па потоа растат
   д) се зголемуваат па потоа се намалуваат

20) Што од следното не спаѓа во категоријата фиксни трошоци?
   а) трошоци за закупнини
   б) амортизација
   в) трошоци за парно греење
   г) трошоци за суровини
   д) непроменливиот дел од сметката за телефонски трошоци

21) Доколку нарачаме поголем тираж од некоја публикација, издавачката куќа е подготвена да ни понуди пониска цена по примерок, бидејќи на тој начин ѝ се намалуваат:
   а) потонатите трошоци
   б) просечните фиксни трошоци
   в) вкупните фиксни трошоци
   г) вкупните варијабилни трошоци
   д) вкупните трошоци

22) Просечните вкупни трошоци (АТС) претставуваат:
   а) трошоци за агрегатниот износ на производство
   б) трошоци за дополнителна единица производ
   в) трошоци кои не можат да се надоместат при преселување во друга дејност (гранка)
   г) трошоци за набавка на материјали
   д) трошоци по единица производ

23) Трошоците за потрошените материјали и исплатените плати на работниците, кои се однесуваат на единица производ, се нарекуваат:
   а) вкупни фиксни трошоци
   б) вкупни варијабилни трошоци
   в) просечни варијабилни трошоци
   г) маргинални трошоци
   д) вкупни трошоци

24) Трошоците кои постојано се намалуваат со зголемувањето на обемот на производството се нарекуваат:
   а) вкупни варијабилни трошоци
   б) просечни фиксни трошоци
   в) просечни варијабилни трошоци
   г) потонати трошоци
   д) маргинални трошоци

25) При запирање на производството, вкупните фиксни трошоци:
   а) растат

б) остануваат непроменети
в) се намалуваат
г) се изедначуваат со нулата
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

26) Вкупниот профит достигнува максимум кога маргиналниот приход:
а) е поголем во однос на маргиналниот трошок
б) е помал во однос на маргиналниот трошок
в) се изедначува со маргиналниот трошок
г) се изедначува со нулата
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

27) „Наместо да се запишам на Правниот факултет во Скопје, годинава можев да работам како бармен на голем брод и да заработам 4000 евра", размислува еден наш колега. Секоја наша одлука повлекува трошоци мерени преку најдобрата пропуштена алтернатива, кои во економиката се нарекуваат:
а) трошоци на опортунитет
б) просечни трошоци
в) пливачки трошоци
г) потонати трошоци
д) маргинални трошоци

28) Како реагираат вкупните варијабилни трошоци при намалувањето на обемот на производството?
а) се зголемуваат
б) се намалуваат
в) остануваат непроменети
г) се намалуваат, па потоа растат
д) се зголемуваат, па потоа се намалуваат

29) Потонати трошоци се:
а) трошоците за дополнителна единица од некој производ
б) трошоците кои не можат да се надоместат при излезот од дејноста
в) трошоците кои се поврзани со најдобрата пропуштена алтернатива
г) трошоци за набавка на материјали
д) трошоци по единица производ

30) Ако трошокот за дополнителната единица производ би бил помал од сегашниот просечен трошок, тогаш следниот пресметан трошок по единица производ:
а) ќе се намали
б) ќе остане непроменет
в) ќе се зголеми
г) ќе се изедначи со нула
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

31) Трошоците кои имаат сè помало учество во просечните вкупни трошоци, кога се зголемува производството се нарекуваат:
а) просечни фиксни трошоци
б) просечни варијабилни трошоци
в) вкупни фиксни трошоци
г) маргинални трошоци
д) потонати трошоци (sunk costs)

32) По дефиниција, економскиот профит е еднаков на:
   а) вкупни приходи минус фиксни трошоци
   б) вкупни приходи минус опортунитетни трошоци
   в) вкупни приходи минус вкупни трошоци минус опортунитетни трошоци
   г) вкупни приходи минус вкупни трошоци минус маргинални трошоци
   д) вкупни приходи минус вкупни трошоци минус потонати трошоци

33) Заокружете го неточното тврдење:
   а) Корпорацијата претставува друштво со ограничена одговорност.
   б) Во корпорацијата не постои одвојување на сопственоста од управувањето.
   в) Кај корпорацијата се јавува проблемот на агенцијата.
   г) Партнерствата (ортаклаците) се најмалку застапена форма на организација на претпријатијата.
   д) Основната цел на фирмата е да остварува профит.

34) Што се случува со просечните вкупни трошоци кога маргиналниот трошок е поголем од просечните вкупни трошоци?
   а) се намалуваат
   б) се зголемуваат
   в) се минимални
   г) се максимални
   д) просечните трошоци не зависат од движењето на маргиналните трошоци

35) Просечните фиксни трошоци претставуваат:
   а) вкупни трошоци минус варијабилни трошоци
   б) просечни вкупни трошоци минус просечни варијабилни трошоци
   в) просечни вкупни трошоци минус маргинални трошоци
   г) трошоци по единица производ
   д) трошоци кои не реагираат на промената на обемот на производство

36) Просечните варијабилни трошоци претставуваат:
   а) вкупни трошоци минус варијабилни трошоци
   б) просечни вкупни трошоци минус просечни варијабилни трошоци
   в) просечни вкупни трошоци минус просечни фиксни трошоци
   г) трошоци по единица производ
   д) просечни вкупни трошоци минус маргинални трошоци

37) Проблемот на агенцијата постои поради:
   а) потребата од постојано усогласување на плановите, стратегиите и целите на сопствениците
   б) лимитираните индивидуални квалификации и способности на сопствениците
   в) преминување од неограничена кон ограничена одговорност на сопствениците
   г) ограничениот пристап до капитални фондови
   д) одвојувањето на сопственоста од управувањето

38) Трошоците по единица производ се нарекуваат:
   а) просечни вкупни трошоци
   б) просечни фиксни трошоци
   в) просечни варијабилни трошоци
   г) маргинални трошоци
   д) опортунитетни трошоци

39) Претпријатието остварува максимален профит тогаш кога:
а) мариналниот приход е поголем од маргиналниот трошок
б) маргиналниот трошок е поголем од просечниот трошок
в) вкупните приходи се еднакви со вкупните трошоци
г) маргиналниот приход е еднаков на маргиналниот трошок
д) просечниот приход е еднаков на просечниот трошок

40) Во зависност од правниот статус и формата на организација на фирмата, претпријатијата ги делиме на:
а) индивидуален сопственик
б) партнерство
в) корпорација
г) точни се одговорите под а) и б)
д) точни се одговорите под а), б) и в)

41) Разликата меѓу повисоката продажна и пониската куповна цена на акцијата се нарекува:
а) дивиденда
б) капитална добивка
в) капитална загуба
г) интерес
д) рента

42) Ако фирмата X во мај 2025 година имала вкупни трошоци од 100.000 ден, а нејзините варијабилни трошоци се 60.000 ден, тогаш нејзините фиксни трошоци изнесуваат:
а) 10.000 денари
б) 20.000 денари
в) 30.000 денари
г) 40.000 денари
д) не е можно да се определи

43) Ако фирмата БЕТА во месец август 2025 година имала вкупни трошоци од 1.000.000 ден, а нејзините фиксни трошоци се 300.000 ден, тогаш нејзините варијабилни трошоци изнесуваат:
а) 700.000 денари
б) 70.000 денари
в) 7.000 денари
г) 700 денари
д) не е можно да се определи

44) Трошоците по единица производ претставуваат:
а) вкупни трошоци минус варијабилни трошоци
б) просечни вкупни трошоци минус просечни варијабилни трошоци
в) просечни фиксни трошоци плус просечни варијабилни трошоци
г) просечни фиксни трошоци плус маргинални трошоци
д) просечни варијабилни трошоци плус маргинални трошоци

45) Профитот претставува:
а) гранични приходи минус гранични трошоци
б) вкупни приходи минус вкупни трошоци

в) гранични приходи плус гранични трошоци
г) вкупни приходи плус вкупни трошоци
д) ниту еден од горе наведените одговори не е точен

46) Ако вкупните трошоци на претпријатието X изнесуваат 100.000 денари, а со нив компанијата произвела 100.000 парчиња производ, тогаш:
   а) просечните трошоци се 1 денар
   б) просечните фиксни трошоци се 1 денар
   в) просечните варијабилни трошоци се 1 денар
   г) маргиналниот трошок е 1 денар
   д) фиксните трошоци се 1 денар

47) Конфликтноста меѓу целите на целите на менаџментот и целите на акционерите е претставена преку:
   а) законот на понудата
   б) законот на побарувачката
   в) кривата на индиференција
   г) проблемот на агенцијата
   д) проблемот на корпорацијата

48) Сметководствениот и економскиот профит се разликуваат за износот на:
   а) маргиналните трошоци
   б) просечните трошоци
   в) фиксните трошоци
   г) варијабилните трошоци
   д) опортунитетните трошоци

49) Една консултантка во моментов работи за мултинационална компанија и има годишна бруто плата од 3 милиони денари. Таа размислува да отвори своја фирма, од која очекува потенцијални приходи од 6 милиони денари годишно, додека вкупните годишни трошоци се проценети на 2,3 милиони денари.
   а) Пресметајте го сметководствениот профит, доколку таа отвори сопствена компанија!
   б) Пресметајте го економскиот профит, доколку таа отвори сопствена компанија!

50) Зошто некои компании успеваат да произведуваат поевтино од други, иако имаат слични производи? Објаснете го вашиот одговор!

51) Ако компанијата одлучи да ги намалува трошоците за производство, какви последици може да има оваа одлука врз вработените или квалитетот на производот?

52) Дали е потребно компаниите да бидат транспарентни за трошоците што ги имаат? Дали постои разлика во потребата за транспарентност во зависност од тоа дали станува збор за приватни или за јавни средства?

53) Кога некоја фирма користи автоматизација за да ги намали трошоците, дали тоа е напредок или закана за работните места?

54) Дали граѓаните имаат право да знаат колкав е вистинскиот трошок за производ или услуга?

55) Како новинарите и правниците можат да помогнат во следење на корпоративната одговорност кога станува збор за производствените трошоци?

# ПОГЛАВЈЕ VIII

# МАКСИМИЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ ВО УСЛОВИ НА СОВРШЕНА КОНКУРЕНЦИЈА И МОНОПОЛ

*Овде ќе ги запознаете двата екстремни модела на пазарни структури – совршена конкуренција и монопол. Ќе дознаете како изгледаат тие во теоријата и зошто во реалноста пазарите најчесто се наоѓаат помеѓу овие два модела. Посебно внимание ќе биде обратено на тоа како се однесуваат цените, профитите и потрошувачите во секоја од овие структури. Ова знаење ќе ви даде перспектива за тоа како пазарите можат да бидат праведни или неповолни за потрошувачите.*

1) Совршената конкуренција е пазарна структура која најчесто се сретнува во реалниот свет.

   *Точно* *Неточно*

2) Фирмите на совршено конкурентен пазар имаат неограничена пазарна моќ.

   *Точно* *Неточно*

3) Кај монополот постои само еден производител.

   *Точно* *Неточно*

4) Монополите можат да ги диктираат цените.

   *Точно* *Неточно*

5) Совршената конкуренција обезбедува најниски цени за потрошувачите, споредено со другите пазарни структури.

   *Точно* *Неточно*

6) Делувањето на монополите е ограничено со инструментите на антимонополското законодавство.

   *Точно* *Неточно*

7) Конкуренцијата ги поттикува фирмите да работат поефикасно.

   *Точно* *Неточно*

8) Кај монополот, не постојат бариери за влез во дејноста.

   *Точно* *Неточно*

9) Кај совршената конкуренција се отстранети сите бариери за влез на нови фирми во дејноста.

   *Точно* *Неточно*

10) Природен монопол се јавува ако сите природни ресурси за производството на даден производ се во сопственост на една фирма.

   *Точно* *Неточно*

11) Која од следниве карактеристики не се однесува на монополот?
   а) соочување со благо опаѓачка крива на побарувачка
   б) увидот во техничката постапка е исклучен
   в) не постојат блиски супститути
   г) мобилноста на факторите на производство е исклучена

12) Која од следниве карактеристики се однесува на монополот?
   а) соочување со еластична крива на побарувачка
   б) увидот во техничката постапка е лесен
   в) постојат блиски супститути
   г) мобилноста на факторите на производство е голема
   д) понуда на уникатен производ или услуга

13) „Ние сме неколку фирми кои нудат идентичен производ, и затоа не можам да преземам каква било акција, без добро да ја проценам можната реакција на моите конкуренти", објаснува менаџерката на еден:
   а) владин монопол
   б) природен монопол
   в) патентен монопол
   г) диференциран олигопол
   д) чист олигопол

14) Рамнотежа на долг рок во дејноста каде што владее совршена конкуренција се воспоставува кога:
   а) исчезнува просечниот профит и престанува влезот на фирми во дејноста
   б) исчезнува екстра профитот и престанува влезот на фирми во дејноста
   в) се појавува просечниот профит и почнува влезот на фирми во дејноста
   г) се појавува екстра профит и почнува влезот на фирми во дејноста
   д) сите фирми излегуваат од бизнисот

15) Економските експерти процениле дека доколку фирмата „Делта" ја зголеми цената, тогаш ќе ги загуби сите купувачи. Очигледно, оваа фирма делува во услови на:
   а) природен монопол
   б) ресурсен монопол
   в) монополистичка конкуренција
   г) олигопол
   д) совршена конкуренција

16) Ако ги споредуваме ефектите од совршената конкуренција и монополот во некоја дејност, тогаш во услови на монопол:
   а) Обемот на производство би бил поголем, а цената – пониска во однос на совршената конкуренција.
   б) Обемот на производство би бил поголем, а цената – еднаква со цената кај совршената конкуренција.
   в) обемот на производство би бил помал, а цената – повисока во однос на совршената конкуренција.
   г) Обемот на производство и цената би биле поголеми од оние кај совршената конкуренција.
   д) Постои ефикасна алокација на ресурсите.

17) Фирмата „DeBeers" контролира 82 % од светското производство на дијаманти, благодарение на поседувањето наоѓалишта во Јужноафриканската Република. Со

оглед на тоа што другите производители имаат безначајно учество, тогаш во послободна интерпретација, оваа компанија во светски рамки функционира како:
а) владин монопол
б) природен монопол
в) ресурсен монопол
г) патентен монопол
д) олигопол

18) Индивидуалната крива на побарувачка, која се одликува со изразена ценовна нееластичност, е карактеристична за:
а) совршената конкуренција
б) совршено натпреварувачките пазари
в) свиената крива на побарувачка
г) монополистичката конкуренција
д) монополот

19) Ако техничките карактеристики на производството го оправдуваат постоењето на еден производител, заради постигнување економичност и рентабилност, тогаш станува збор за:
а) владин монопол
б) природен монопол
в) ресурсен монопол
г) патентен монопол
д) олигопол

20) Во која пазарна структура постои само еден купувач (побарувач)?
а) совршена конкуренција
б) монопол
в) монопсон
г) монополистичка конкуренција
д) олигопол

21) Во која пазарна структура постои само еден понудувач?
а) совршена конкуренција
б) монопол
в) монопсон
г) монополистичка конкуренција
д) олигопол

22) Доколку на некој пазар, трошоците за влез или излез на потенцијалните конкуренти се еднакви на нула, а влезот или излезот може да се реализира брзо, тогаш тоа оди во прилог на:
а) теоријата за (совршено) натпреварувачки пазари
б) теоријата за гранична продуктивност
в) теоријата за заробување на државата (власта)
г) теоријата на маргинална корисност
д) конспиративната теорија

23) Кога државата се јавува како единствен купувач на услугите од неколкуте фирми во светот, кои градат нуклеарни централи, тогаш таа пазарна структура ја нарекуваме:
а) монопол

б) монопсон
в) олигопол
г) олигопсон
д) дуопол

24) Која од следниве опции не е валидна во услови на совршена конкуренција?
а) постоење на хомогени производи
б) пазарната крива на побарувачка е совршено нееластична
в) висока мобилност на факторите за производство
г) фирмата нема влијание врз цената на пазарот
д) висок степен на информираност за цената и квалитетот на производите

25) Кај совршено натпреварувачките пазари:
а) постојат високи потонати трошоци
б) бројот на претпријатија во дејноста е голем
в) нема закана за влез на нови претпријатија во дејноста
г) екстра профитот кај претпријатијата што функционираат на пазарот е многу висок
д) трошоците за влез или излез на потенцијалните конкуренти се еднакви на нула

26) Кој од следниве одговори претставува пазарна структура?
а) планска економија
б) пазарна економија
в) мешано планска и мешано пазарна економија
г) совршена конкуренција
д) сите претходно наведени одговори се точни

27) Производите на монополот претставуваат:
а) хомогени производи
б) диференцирани производи
в) супститути
г) комплементарни добра
д) уникатни добра

28) Претпоставката за совршена информираност е валидна кај:
а) монополот
б) олигополот
в) монополистичката конкуренција
г) совршената конкуренција
д) точни се сите претходно наведени опции

29) Што од следново е слабост или недостаток на совршената конкуренција?
а) се зголемува можноста за избор на потрошувачите
б) постои можност за користење на реклама
в) постојат ограничени можности за користење на економија на обем
г) поттикнување на ефикасноста
д) обезбедување на оптимална понуда

30) Кога владите го преземаат производството на одредени артикли во свои раце, станува збор за:
а) картел
б) владин монопол

в) антимонополско законодавство
г) економска регулатива
д) патент

31) Монополистот ќе произведува до точка каде што:
а) просечниот трошок е еднаков на цената
б) граничниот приход е еднаков на граничниот трошок
в) цената е еднаква на граничниот трошок
г) цената е повисока од просечниот приход
д) профитот е минимален

32) Кога на пазарот има повеќе производители кои нудат слични, но не и идентични производи, зборуваме за:
а) монопол
б) олигопол
в) совршена конкуренција
г) монополистичка конкуренција
д) монопсон

33) Кај која пазарна структура фирмите најчесто користат реклами за да се издвојат од конкуренцијата?
а) совршена конкуренција
б) монопол
в) монопсон
г) монополистичка конкуренција
д) природен монопол

34) Ако една фирма е ценовен прифаќач, тогаш таа веројатно функционира во услови на:
а) монопол
б) олигопол
в) монополистичка конкуренција
г) совршена конкуренција
д) пазар со монопсон

35) Монополистот произведува помалку и наплатува повисока цена отколку фирма во споредба со:
а) мешаната економија
б) командната економија
в) мешаната планска економија
г) мешаната пазарна економија
д) совршената конкуренција

36) Кога две фирми доминираат на пазарот на страната на понудата, таа пазарна структура се нарекува:
а) монопол
б) дуопол
в) монопсон
г) олигопсон
д) монополистичка конкуренција

37) Во која пазарна структура фирмите се најмалку мотивирани да иновираат и да го подобруваат производот?
а) совршена конкуренција
б) монопол
в) олигопол
г) монополистичка конкуренција
д) дуопол

38) Основната карактеристика на совршено конкурентниот пазар е:
а) диференцираниот производ
б) ограничениот влез за конкуренцијата
в) можноста за влијание врз цената
г) постоењето на многу понудувачи и побарувачи
д) доминацијата на една фирма

39) Во обоените полиња, впишете го видот на монополот (патентен, ресурсен, владин или природен).

•Техничките карактеристики на производството налагаат да има само еден производител.
•Пример: пренос на електричната енергија.

•Друштвото/претпријатието е во државна (или јавна) сопственост.
•Пример: ЈП „Водовод".

•Монополот е врз основа на поседување ресурси.
•Пример: „De Beers".

•Фирмата ужива ексклузивна заштита на иновацијата.
•Пример: пакетот Microsoft Office 365.

40) Како се разликува однесувањето на фирмите во совршена конкуренција наспроти монополот? Каков ќе биде ефекот врз потрошувачите?

41) Што значи тоа што фирмата е „ценоприфаќач" во услови на совршена конкуренција? Какви се последиците за нејзината профитабилност?

42) Зошто во теоријата се изучува моделот на совршена конкуренција, иако во реалноста многу малку е застапен?

43) Дали секој монопол е нужно штетен за економијата? Во кои случаи треба да се вмеша државата, а кога не?

44) Што претставуваат бариерите за влез и излез на пазарот? Како можат да влијаат врз структурата на индустријата?

45) Дали се согласувате со теоријата за совршено натпреварувачки пазари? Какво влијание има оваа теорија врз политиките за заштита на конкуренцијата?

# ПОГЛАВЈЕ IX

# МАКСИМИЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ ВО УСЛОВИ НА НЕСОВРШЕНА КОНКУРЕНЦИЈА

*Повеќето пазари во реалноста се „несовршени" и токму тоа е предмет на анализа на ова поглавје. Од овој дел ќе научите што претставуваат монополистичката конкуренција и олигополот и како се однесуваат претпријатијата кога настапуваат на вакви пазари. Ќе дознаете и за антимонополските закони и зошто државата користи регулатива за да ја заштити конкуренцијата. Ова поглавје ќе ви помогне да ги разберете и стратегиите на големите компании и нивното влијание врз пазарот.*

1) Монополистичката конкуренција комбинира елементи на монополот и совршената конкуренција.
   *Точно* *Неточно*

2) Во монополистичка конкуренција, фирмите нудат диференцирани производи.
   *Точно* *Неточно*

3) Во олигопол, неколку големи фирми се креатори на пазарната понуда.
   *Точно* *Неточно*

4) Несовршената конкуренција се сретнува почество во реалноста од совршената конкуренција.
   *Точно* *Неточно*

5) Олигополите можат да бидат создадени како резултат на спојувања на фирми.
   *Точно* *Неточно*

6) Монополистичката конкуренција обезбедува повеќе избор за потрошувачите, споредено со совршената конкуренција.
   *Точно* *Неточно*

7) Дозволено е олигополските фирми да ги договараат цените на производите.
   *Точно* *Неточно*

8) Несовршената конкуренција е нелегална.
   *Точно* *Неточно*

9) Монопсон е пазарна структура во која постојат само неколку купувачи.
   *Точно* *Неточно*

10) Рекламата како вид на продажна активност најчесто се користи кај монополистичката конкуренција.
   *Точно* *Неточно*

11) „Ние сме неколку фирми кои нудат идентичен производ, и затоа не можам да преземам каква било акција, без добро да ја проценам можната реакција на моите конкуренти", вели менаџерот на една фирма, која функционира во услови на:
   а) владин монопол
   б) природен монопол
   в) чист олигопол
   г) диференциран олигопол
   д) монопсон

12) Која форма на спојување на компаниите најчесто има негативно влијание врз конкуренцијата и ефикасноста?
   а) хоризонталните фузии
   б) вертикалните фузии
   в) дијагоналните фузии
   г) конгломератите

13) На пазарот за кафиња во рестораните во Велика Британија царуваат „Starbucks", „Costa" и „Cafe Nero", додека другите синџири на кафе-барови имаат безначајно учество на пазарот. Очигледно, ова е пример за постоење на:
   а) олигопол
   б) монополистичка конкуренција
   в) совршена конкуренција
   г) дуопол

14) Кај која карактеристика постои сличност меѓу монополистичката конкуренција и совршената конкуренција?
   а) вид на производите
   б) слобода на влез во дејноста
   в) влијание на цената
   г) користење на неценовни форми на конкуренција
   д) сите претходно наведени одговори се точни

15) Во која од наведените пазарни структури постојат најголеми бариери за влез во дејноста?
   а) совршена конкуренција
   б) монополистичка конкуренција
   в) олигопол
   г) чиста конкуренција
   д) сите претходно наведени одговори се точни

16) Кај која карактеристика постои сличност меѓу монополистичката конкуренција и монополот?
   а) потреба од рекламирање
   б) слобода на влез во дејноста
   в) број на понудувачи
   г) вид на производите
   д) можност за влијание на цената

17) Според која карактеристика се слични совршената конкуренција и чистиот олигопол?
   а) потреба од рекламирање

б) можност за влијание на цената
в) вид на производите
г) број на понудувачи
д) чувство на меѓузависност

18) Ако сопственикот на бифето на Правниот факултет во Скопје наплатува повисоки цени од оние кои ги нуди на други локации за истите услуги, затоа што професорите и студентите би губеле време барајќи други алтернативи во кампусот или надвор од него, тогаш станува збор за:
а) одржување на малопродажните цени
б) дискриминација на цени
в) врзани договори
г) ограбувачко формирање на цените
д) економија на обемот

19) Што од следното спаѓа во доменот на антимонополското законодавство?
а) постапки преку кои се елиминира конкуренцијата
б) недозволено однесување на природните монополи
в) недоволна заштита и безбедност на работниците
г) забрана на секоја фузија, односно секое спојување на фирмите
д) укинување на природните монополи

20) Одлуката каде ќе ги однесеме пријателите на вечера, понекогаш е навистина тешка, со оглед на тоа што постојат повеќе ресторани во градот кои нудат диференцирани услуги. Пазарната структура која најмногу одговара на опишаниот пазар на ресторански услуги е:
а) природен монопол
б) ресурсен монопол
в) олигопол
г) монополистичка конкуренција
д) совршена конкуренција

21) Која форма на спојување на компаниите најчесто има негативно влијание врз конкуренцијата и ефикасноста?
а) хоризонталните фузии
б) вертикалните фузии
в) дијагоналните фузии
г) радијалните фисии
д) конгломератите

22) Неценовните форми на конкуренција се особено изразени кај:
а) совршената конкуренција
б) монополистичката конкуренција
в) монополот
г) монопсонот
д) совршено натпреварувачките пазари

23) Индивидуалната крива на побарувачка, која се одликува со ценовна еластичност (благо опаѓачки наклон), е карактеристична за:
а) совршената конкуренција
б) монополот
в) монополистичката конкуренција

г) олигополот
д) совршено натпреварувачките пазари

24) Во која пазарна структура постојат само неколку купувачи (побарувачи)?
а) совршена конкуренција
б) монопол
в) монопсон
г) олигопсон
д) олигопол

25) Во која пазарна структура постојат само неколку понудувачи?
а) совршена конкуренција
б) монопол
в) монопсон
г) олигопсон
д) олигопол

26) Која од следниве постапки не е рестриктивна во однос на конкуренцијата?
а) врзани договори (врзана продажба)
б) фиксирање на малопродажните цени
в) утврдување на цена која е еднаква на маргиналниот трошок
г) дискриминација на цени
д) ограбувачко формирање на цените

27) Спојувањето на операторите „А1" и „Македонски Телеком", фирми од иста дејност, би претставувало:
а) хоризонтална фузија
б) вертикална фузија
в) конгломерат
г) создавање на олигопол
д) создавање на олигопсон

28) Кои од следниве пазарни структури се нарекуваат несовршена конкуренција?
а) монополистичка конкуренција
б) олигопол
в) монопол
г) монополистичка конкуренција и олигопол
д) монополистичка конкуренција, олигопол и монопол

29) Под ударот на антимонополското законодавство не подлежи/не подлежат:
а) договарањето меѓу компаниите за цените, аутпутот и поделбата на пазарите
б) формирањето на минимални и максимални цени
в) одржувањето на малопродажни цени
г) дискриминацијата при формирањето на цените
д) врзаните договори

30) Регулативата се употребува:
а) за да се ограничи пазарната моќ на природните монополи
б) за да се забранат оние постапки кои ја ограничуваат конкуренцијата
в) за да се забранат оние постапки кои целосно ја елиминираат конкуренцијата
г) за да се спречи формирањето на монополски пазарни структури
д) за да се спречи создавањето на фузии

31) Формалното договарање помеѓу фирмите се нарекува:
   а) ценовно лидерство
   б) спонтана координација на активностите на компаниите
   в) картел
   г) потполн олигопол
   д) делумен олигопол

32) Кои пазарни структури користат нецeновни средства на конкуренцијата?
   а) сите пазарни структури
   б) сите пазарни структури, освен совршената конкуренција
   в) сите пазарни структури, освен монополот
   г) монополостичка конкуренција и олигопол
   д) монопол и олигопол

33) Кои постапки ги употребуваат потполните олигополи?
   а) свиена крива на побарувачка
   б) ценовно лидерство
   в) методот трошоци плус
   г) сите претходни одговори се точни
   д) ниту еден од претходните одговори не е точен

34) Конгломератите претставуваат:
   а) поврзување на фирми со идентична дејност
   б) поврзување на фирми со различна дејност, а кои се вертикално поврзани во производствениот процес
   в) поврзување на фирми од сродни дејности
   г) поврзување на фирми од различни дејности
   д) збир од вертикалните и хоризонталните фузии

35) Која од следниве практики не се употребува во антимонополското законодавства?
   а) утврдувањето на цените да се засновува што е можно повеќе врз маргиналните трошоци
   б) надоместување на претрпената штета од страна на индивидуалните субјекти
   в) парични казни за фирмите кои ја ограничуваат конкуренцијата
   г) забрана за спроведување на недозволените постапки
   д) наредба за враќање во иницијалната состојба (пред да настане ограничување на конкуренцијата)

36) Кај која од следните пазарни структури се сретнуваат и диференцирани и недиференцирани производи?
   а) монополот
   б) олигополот
   в) монополистичката конкуренција
   г) совршената конкуренција
   д) совршено натпреварувачките пазари

37) Кој од следниве видови на олигопол не постои во економската литература?
   а) чист олигопол
   б) делумен олигопол
   в) диференциран олигопол
   г) картел

д) совршен олигопол

38) Кај која од следните пазарни структури најчесто се користи рекламата како вид на продажна активност?
   а) монопол
   б) монополистичка конкуренција
   в) совршена конкуренција
   г) планска економија
   д) ниту еден од горенаведените одговори не е точен

39) Какви видови на регулатива постојат?
   а) економска и техничка
   б) техничка и социјална
   в) социјална и економска
   г) социјална и политичка
   д) политичка и техничка

40) Практиката на следење на постапките на фирмата која е најголем понудувач од страна на останатите олигополисти, се нарекува:
   а) ценовно лидерство
   б) свиена крива на побарувачка
   в) трошоци плус метод
   г) трошоци минус метод
   д) картел

41) Регулативата која има цел да ја ограничи пазарната моќ на регулираните фирми се нарекува:
   а) економска регулатива
   б) социјална регулатива
   в) алокациска регулатива
   г) ефикасна регулатива
   д) антимонополско законодавство

42) Регулативата која има цел да ги заштити и да ја осигура безбедноста на потрошувачите и работниците се нарекува:
   а) економска регулатива
   б) социјална регулатива
   в) алокациска регулатива
   г) ефикасна регулатива
   д) антимонополскозаконодавство

43) Поврзувањето меѓу две претпријатија кои имаат различна дејност, но се поврзани во производствениот процес се нарекува:
   а) конгломерат
   б) хоризонтална фузија
   в) корпорација
   г) вертикална фузија
   д) картел

44) Поврзувањето меѓу две претпријатија кои имаат различна дејност и не се поврзани во производствениот процес се нарекува:
   а) корпорација

б) хоризонтална фузија
в) конгломерат
г) вертикална фузија
д) картел

45) На следниот графикон се прикажани десетте најголеми производители на паметни телефони во светот во 2024 и 2025 година. Доколку знаете дека има уште десетина мали производители, во која пазарна структура функционира оваа дејност?




Извор: StatCounter Global Stats. (2025). Mobile Vendor Market Share Worldwide. Пристапено на 6 јули 2025 година. https://gs.statcounter.com/vendor-market-share/mobile

46) Една од главните последици од постоењето на картелите е:
а) намалување на пазарната моќ
б) зголемување на конкуренцијата
в) стабилизација на цените преку соработка
г) намалување на производствените трошоци

47) Ако неколку големи фирми, без официјален договор, го координираат своето однесување, тоа е пример за:
а) експлицитен картел
б) државна интервенција
в) неформален (премолчен) картел
г) хоризонтална интеграција
д) монопсон

48) Во какви услови доаѓа до создавање на „ограбувачко формирање на цените“?
а) при стабилна побарувачка
б) при спојување на конкурентите
в) кога доминантната фирма намерно формира ниски цени за да ги елиминира конкурентите
г) кога има повеќе понудувачи

д) кога цените се фиксни

49) Дискриминацијата на цени претпоставува:
   а) еднакви услови за сите потрошувачи
   б) разлики во цените кои се оправдани со различните трошоци
   в) наплата на различни цени за ист производ, без разлика на трошоците
   г) забрана за рекламирање
   д) легитимна стратегија на фирмата

50) Еден купувач на пазарот, кој се соочува со повеќе понудувачи, функционира во услови на:
   а) монопол
   б) монополистичка конкуренција
   в) олигопсон
   г) монопсон
   д) совршена конкуренција

51) Ценовното лидерство како стратегија на фирмата (корпоративна стратегија) најчесто се јавува кај:
   а) монополот
   б) совршената конкуренција
   в) олигополот
   г) монополистичката конкуренција
   д) картелот

52) Кога државата интервенира за да обезбеди фер конкуренција, тоа се нарекува:
   а) социјална регулатива
   б) економска либерализација
   в) антимонополска регулатива
   г) техничка регулатива
   д) приватизација

53) Кога една компанија вертикално се интегрира, тогаш таа:
   а) се спојува со конкурент
   б) создава нов производ
   в) го контролира следниот стадиум во производството
   г) излегува од пазарот
   д) се дели на помали деловни единици

54) Ако фирмата има значителна контрола врз цената, тогаш таа веројатно не функционира во услови на:
   а) монопол
   б) монополистичка конкуренција
   в) олигопол
   г) совршена конкуренција
   д) диференциран олигопол

55) Природен монопол најчесто се јавува кога:
   а) побарувачката е висока
   б) постојат ниски трошоци
   в) трошоците по единица опаѓаат со зголемување на обемот
   г) производот има супститути

56) Размената на важни информации меѓу конкурентските фирми со цел да се избегне или сериозно да се ограничи конкуренцијата претставува:
   а) рационализација
   б) дозволена соработка
   в) картелско договарање
   г) патентна заштита
   д) вертикална диференцијација

57) Што од следното претставува цел на антимонополското законодавство?
   а) зголемување на цените
   б) спречување на влезот на фирмите на пазарот
   в) заштита и унапредување на конкуренцијата
   г) елиминирање на странската конкуренција
   д) ограничување на акционерските друштва во државна сопственост

58) Како монополската конкуренција создава разновидни производи, но истовремено и неефикасност?

59) Зошто фирмата во монополска конкуренција издвојува средства за рекламирање, а онаа која функционира во услови на совршена конкуренција не?

60) Дали слободата на избор кај потрошувачот е поголема во монополска конкуренција или совршена конкуренција? Објасни го одговорот?

61) Кои механизми државата може да ги користи за да ограничи пазарна моќ, а притоа да не го потисне претприемаштвото?

62) Како ценовната стабилност кај олигополот може да биде показател за неформален договор меѓу конкурентите?

63) Каква улога може да има Агенцијата за заштита на конкуренцијата во ограничување на манипулацијата со цени?

64) Дали мислиш дека потрошувачите се доволно информирани за тоа како работи конкуренцијата? Како образованието и медиумите можат да помогнат за подобра информираност?

# ПОГЛАВЈЕ X

# ПАЗАРИТЕ ЗА ФАКТОРИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВО

*Во ова поглавје се фокусираме на тоа како се организираат и функционираат пазарите за труд, земја, капитал и претприемаштво – односно за сите ресурси кои се потребни за да се создадат добрата и услугите. Ќе дознаете како фирмите ги „купуваат" овие ресурси, а како поединците и институциите ги „продаваат". Овде се поставуваат важни прашања – зошто некои професии се повреднувани повеќе од други? Кој одлучува колку вреди нечиј труд или капитал? Ќе научите и како претпријатијата избираат комбинации на ресурси за да произведуваат ефикасно.*

1) Пазарот на труд претставува пазар за фактор на производство.
   *Точно* *Неточно*

2) Земјата и капиталот се фактори на производство.
   *Точно* *Неточно*

3) Побарувачката за труд зависи од продуктивноста на работниците.
   *Точно* *Неточно*

4) Понудата на труд зависи од платите на работниците.
   *Точно* *Неточно*

5) Каматата претставува цена на користење на туѓиот капитал.
   *Точно* *Неточно*

6) Рентата е цена која се плаќа за користење земја.
   *Точно* *Неточно*

7) Пазарите за фактори на производство се совршено конкурентни.
   *Точно* *Неточно*

8) Минималните плати имаат влијание врз пазарот на трудот во земјата.
   *Точно* *Неточно*

9) Капиталот е ресурс кој го има во бесконечни количества.
   *Точно* *Неточно*

10) При пораст на каматните стапки, побаруваното количество капитал се зголемува, ceteris paribus.
   *Точно* *Неточно*

11) Ако поседуваме капитал, земјиште и претприемачки способности и со нивното ангажирање во производството остваруваме доход, тогаш добиваме:
   а) рента, наемнина и профит
   б) камата, рента и профит

в) камата, наемнина и профит
г) камата и профит

12) Што опфаќаат пазарите на факторите на производство?
а) пазар на факторски услуги на паричен капитал
б) пазар на факторски услуги на земја
в) пазар на факторски услуги на труд
г) пазар на факторски услуги на физички капитал
д) точни се сите претходно наведени опции

13) Објаснувањето дека побарувачката за различните фактори на производство се изведува од приходите кои факторот ги генерира од неговиот граничен производ го означува:
а) принципот на опаѓачки трошоци
б) принципот на константни приноси
в) принципот на гранични трошоци
г) принципот на гранична продуктивност
д) принципот на просечна продуктивност

14) Дополнителниот производ кој се остварува со ангажирањето на дополнителна единица инпут се нарекува:
а) граничен производ
б) граничен приход
в) граничен трошок
г) гранична корисност
д) граничен профит

15) Дополнителниот приход кој се стекнува со ангажирањето на дополнителна единица на некој инпут се нарекува:
а) граничен производ на факторот
б) граничен профит на факторот
в) граничен приход на факторот
г) просечен производ на факторот
д) просечен приход на факторот

16) Побарувачката за фактори на производство се смета дека е изведена категорија бидејќи:
а) зависи од побарувачката за финални производи
б) зависи од маргиналната корисност
в) зависи од цената на инпутите
г) зависи од супститутите на факторите на производство
д) зависи од технологијата на производство

17) Во која насока делува ефектот на супституција кај индивидуалната понуда на труд?
а) Го зголемува понудениот број на работни часови поради повисоката наемнина на работникот.
б) Го намалува понудениот број на работни часови поради повисоката наемнина на работникот.
в) Го зголемува побаруваниот број часови за слободно време поради повисоката наемнина на работникот.
г) Ја зголемува побарувачката за финални производи на работникот поради повисоката наемнина.

д) Ги супституира работните часови со слободно време.

18) Ефектот на доход при повисоки наемнини доведува до:
   а) зголемување на индивидуалната понуда на труд
   б) намалување на индивидуалната понуда на труд
   в) зголемување на индивидуалната побарувачка за труд
   г) намалување на индивидуалната побарувачка за труд
   д) супституирање на слободното време со работни часови

19) Каков облик има понудата на труд за поодделна фирма?
   а) не може да се одреди
   б) опаѓачка крива
   в) растечка крива
   г) вертикална крива
   д) хоризонтална крива

20) Каков облик има пазарната понуда на труд?
   а) опаѓачка крива
   б) растечка крива
   в) вертикална крива
   г) хоризонтална крива
   д) не може да се одреди

21) Од што не е детерминирана изведената побарувачка за труд?
   а) продуктивноста на трудот
   б) цените на другите фактори на производство
   в) побарувачката на производот на трудот
   г) преференциите на купувачите
   д) трошоците на трудот

22) Приносот на факторите на производство кои имаат фиксна понуда се нарекува:
   а) наемнина
   б) камата
   в) рента
   г) интерес
   д) профит

23) Што од следново е детерминанта на побарувачката за земја?
   а) цената на добрата произведени со употребата на земјата
   б) цената на услугите произведени со употреба на земјата
   в) продуктивноста на земјата
   г) цената на инпутите кои се комбинираат со земјата
   д) сите претходно наведени одговори се точни

24) Кога претприемачот презема ризик и воведува нов производ на пазарот, доходот што го остварува се нарекува:
   а) рента
   б) камата
   в) наемнина
   г) профит
   д) премија

25) Каматата како доход се добива преку:

а) продажба на земјиште
б) инвестирање на финансиски капитал
в) поседување недвижности
г) иновации и претприемаштво
д) ангажман на труд

26) Што се случува со побарувачката за труд доколку цената на производот кој се создава со тој труд се зголеми?
а) останува непроменета
б) се намалува
в) се зголемува
г) станува ценовно нееластична
д) зависи од фиксните трошоци

27) Вкупната вредност на производот создаден од дополнителна единица труд се нарекува:
а) граничен приход
б) граничен производ
в) вкупен приход
г) вредност на граничниот производ
д) трошок по единица труд

28) Ако цената на машините се намали, каков ќе биде ефектот врз побарувачката за труд во индустрија во која машините и трудот се лесно заменливи (на пр., индустрија за пакување храна)?
а) ќе се зголеми
б) ќе се намали
в) ќе остане иста
г) ќе стане нееластична
д) ќе се удвои

29) Растот на продуктивноста на трудот, при останати услови, ќе предизвика:
а) пад на побарувачката за труд
б) раст на маргиналниот производ на трудот
в) намалување на каматните стапки
г) пад на рентата
д) елиминација на физичкиот капитал

30) Кога работниците ја зголемуваат понудата на труд, и покрај растот на нивниот доход, тоа покажува доминација на:
а) ефектот на доход
б) ефектот на супституција
в) принципот на гранична продуктивност
г) ефектот на инфлација
д) принципот на максимален профит

31) Еднаквоста меѓу граничниот приход на трудот и наемнината означува:
а) технолошка рамнотежа
б) минимален трошок
в) оптимално ниво на вработување
г) максимална цена

д) неефикасна употреба на ресурси

32) Земјата како фактор на производство се карактеризира со:
   а) можност за репродукција
   б) мобилност и висока еластичност
   в) фиксна понуда и локациска специфичност
   г) постојан принос по единица

33) Поврзаноста меѓу цената на производот и граничниот производ на трудот се користи за:
   а) определување на камата
   б) изведување на наемнината
   в) распределба на фиксните трошоци
   г) пресметка на бруто домашниот производ

34) Кога работодавачите бараат повеќе работници, иако наемнината се зголемува, се претпоставува дека:
   а) рентата е висока
   б) расте продуктивноста
   в) опаѓа понудата на труд
   г) се намалува вредноста на трудот
   д) расте реалната наемнина

35) Ако граничниот приход на трудот веќе долг период е помал од наемнината, тогаш се очекува фирмата:
   а) да вработи повеќе работници
   б) да ги зголеми платите
   в) да го задржи истиот број на работници
   г) да ја намали вработеноста

36) Кога цената на капиталот опаѓа, а технологијата овозможува замена со труд (работна сила), тоа најчесто доведува до:
   а) поголема вработеност
   б) намалена побарувачка за труд
   в) повисока рента
   г) зголемена камата
   д) зголемена плата

37) Што се случува доколку граничниот производ на трудот се зголемува постојано?
   а) секоја дополнителна единица труд создава сѐ повеќе производ
   б) фирмата остварува помал приход
   в) фирмата не сака да вработи повеќе
   г) се јавува ефект на доход
   д) продуктивноста се стабилизира

38) Растот на граничниот приход на трудот се очекува да доведе до:
   а) пад на цената на капиталот
   б) зголемено користење на земјата и природните ресурси
   в) раст на наемнината
   г) повисока рента
   д) повисоки даноци

39) Зошто трудот, капиталот и земјата се сметаат за ограничени ресурси?

40) Зошто претприемаштвото се смета за посебен фактор на производство и која е неговата улога во економскиот развој на РС Македонија?

41) Дали вреднувањето на различни професии (на пр., адвокати наспроти сметководители) на пазарот за труд е правично? Зошто?

42) Во кои случаи е оправдано државата да интервенира во пазарот на трудот, а кога треба да се воздржи?

43) Што би се случило со пазарите за инпути ако потрошувачите престанат да побаруваат одреден производ?

44) Како медиумите можат да придонесат за разбирање на концептот на „изведена побарувачка“ кај јавноста?

45) Дали мислиш дека сите граѓани имаат еднаков пристап до сопственост на фактори на производство во нашето општество?

46) Што значи кога велиме дека човечкиот капитал се подобрува преку образование? Дали оваа поврзаност секогаш важи?

47) Како политичката стабилност влијае врз функционирањето на пазарите за факторите на производство?

# ПОГЛАВЈЕ XI

# ДОХОД ОД ТРУД И ДОХОДИ ОД СОПСТВЕНОСТ

*Доходот е секојдневна реалност за секој од нас – било да е наемнина, рента, камата или профит. Во ова поглавје ќе дознаете како се создаваат и распределуваат различните видови доход, кој ги добива и зошто. Ќе ги истражиме и факторите што влијаат врз нивото на доход – како образованието, квалификациите, пазарната моќ, наследството и др. Ќе се отвори и прашањето за праведна компензација: зошто некои луѓе заработуваат многу повеќе од други, и дали тоа е оправдано?*

1) Каматата претставува доход кој се остварува од изнајмување на капитал.
   *Точно* *Неточно*

2) Рентата е доход што се остварува од користење на природен ресурс, како што е земјиштето.
   *Точно* *Неточно*

3) Профитот се дефинира како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните трошоци.
   *Точно* *Неточно*

4) Номиналната плата ја прикажува куповната моќ на платата.
   *Точно* *Неточно*

5) Владата може да влијае врз доходот на граѓаните преку даночната политика.
   *Точно* *Неточно*

6) Доходот од трудот не зависи од продуктивноста на работниците.
   *Точно* *Неточно*

7) Каматната стапка влијае врз одлуката дали ќе се штеди или ќе се инвестира капиталот.
   *Точно* *Неточно*

8) Платата која ги исклучува платените даноци и придонеси за социјално осигурување се нарекува бруто плата.
   *Точно* *Неточно*

9) Мерката за максимирање на платите се користи со цел да се заштитат работниците со најниски наемнини.
   *Точно* *Неточно*

10) Нееднаквоста може да се намали преку користењето на прогресивните даноци на доход.
   *Точно* *Неточно*

11) Врз висината на каматната стапка во пазарните стопанства не влијае:
   а) ризичноста на пласманот
   б) инфлацијата
   в) профитабилноста на корисникот на кредитот
   г) рокот на кредитот
   д) бројот на адвокати во земјата

12) Што би се случило со каматната стапка доколку штедачите ја загубат довербата во банкарскиот систем на земјата и масовно ги повлекуваат своите вложени средства?
   а) Каматната стапка ќе се намали.
   б) Каматната стапка ќе порасне.
   в) Каматната стапка ќе остане непроменета.
   г) Каматната стапка ќе се изедначи со профитната стапка.
   д) Каматната стапка ќе се изедначи со рентата.

13) Што би се случило со каматната стапка доколку поради одличните финансиски резултати, повеќето фирми одлучат да не позајмуваат средства од банкарскиот систем?
   а) Каматната стапка ќе се намали.
   б) Каматната стапка ќе порасне.
   в) Каматната стапка ќе остане непроменета.
   г) Каматната стапка ќе се изедначи со профитната стапка.
   д) Ниту еден од претходно наведените одговори не е точен.

14) Понудата на земјиште, поради просторната ограниченост на земјишните површини, се смета дека е:
   а) совршено ценовно еластична
   б) ценовно еластична
   в) ценовно нееластична
   г) совршено ценовна нееластична (фиксна, ограничена)
   д) унитарно еластична

15) Ако во економијата растат цените на добрата и услугите, а сите други нешта се непроменети, тогаш:
   а) Расте номиналната наемнина, а буџетската линија со која се соочува потрошувачот се поместува во десно.
   б) Опаѓа номиналната наемнина, а буџетската линија со која се соочува се поместува во лево.
   в) Расте реалната наемнина, а буџетската линија со која се соочува потрошувачот се поместува во десно.
   г) Опаѓа реалната наемнина, а буџетската линија со која се соочува потрошувачот се поместува во лево.
   д) Ниту еден од претходно наведените одговори не е точен.

16) Можните облици на остварен доход се:
   а) заработениот доход и доходите од сопственост
   б) заработениот доход, каматата и рентата
   в) заработениот доход, рентата и профитот
   г) каматата, рентата и профитот
   д) наемнината, каматата и рентата

17) Кој од овие доходи претставува заработен доход?
   а) наемнина
   б) профит
   в) рента
   г) камата
   д) дивиденда

18) Наемнината претставува:
   а) заработен доход
   б) наследен доход
   в) доход од имот
   г) доход од сопственост
   д) доход од капитал

19) При пресметувањето на економскиот профит, од сметководствениот профит се одземаат:
   а) вкупните фиксни трошоци
   б) маргиналните трошоци
   в) трошоците на опортунитет
   г) сметководствените трошоци
   д) потонатите трошоци (sunk costs)

20) Како се нарекува доходот од паричниот капитал?
   а) интерес
   б) рента
   в) профит
   г) наемнина
   д) плата

21) Како се нарекува доходот од труд?
   а) рента
   б) интерес
   в) профит
   г) камата
   д) наемнина

22) Профитот претставува:
   а) доход од земја
   б) доход од физички капитал
   в) доход од паричен капитал
   г) доход од труд
   д) заработен доход

23) Рентата претставува:
   а) доход од физички капитал
   б) доход од паричен капитал
   в) доход од земја
   г) заработен доход
   д) доход од труд

24) Кој од овие доходи претставува заработен доход?
   а) наемнина

б) профит
в) рента
г) камата
д) дивиденда

25) Ако покрај сопствениот труд, изнајмуваме паричен капитал и земјиште, тогаш треба да очекуваме дека ќе ги оствариме следниве облици на доход:
а) интерес, рента и профит
б) рента, наемнина и профит
в) интерес, наемнина и профит
г) рента, наемнина и интерес
д) наемнина, рента и дивиденда

26) Ако покрај сопствениот труд, изнајмуваме капитал и земјиште, тогаш треба да очекуваме дека ќе ги оствариме следниве облици на доход:
а) рента, наемнина и интерес
б) рента, наемнина, интерес и профит
в) интерес, рента и профит
г) рента, наемнина и профит
д) рента и наемнина

27) Наемнината како паричен износ добиен од ангажирање на трудот во определено време се нарекува:
а) реална наемнина
б) номинална наемнина
в) бруто наемнина
г) флексибилна наемнина
д) флуктуирачка наемнина

28) Наемнината која ја покажува куповната моќ на плаќањата за единица труд се нарекува:
а) флексибилна наемнина
б) номинална наемнина
в) реална наемнина
г) флуктуирачка наемнина
д) бруто наемнина

29) Односот помеѓу номиналната наемнина и порастот на општото ниво на цени претставува:
а) реална наемнина
б) номинална наемнина
в) бруто плата
г) економски профит
д) невработеност

30) Доколку Јавниот здравствен дом во Велес е единствен вработувач на кадрите од средното медицинско училиште во Велес, тогаш велиме дека е во позиција на:
а) монопсон
б) олигопсон
в) монопол
г) олигопол
д) монополистичка конкуренција

31) Доколку претпоставиме дека кадрите од насоката за телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии можат да се вработат исклучиво во трите мобилни оператори во РМ, тогаш пазарот за овие кадри е:
   а) монопсон
   б) олигопсон
   в) монопол
   г) олигопол
   д) монополистичка конкуренција

32) Регулацијата на државата на наемнината најчесто има облик на утврдување на:
   а) флексибилна наемнина
   б) максимална наемнина
   в) минимална наемнина
   г) државна наемнина
   д) државата никогаш не интервенира на пазарот на трудот

33) Како се нарекува цената платена за употреба на земјата и другите природни ресурси кои имаат фиксна понуда?
   а) камата
   б) плата
   в) наемнина
   г) профит
   д) рента

34) Рентата претставува принос на:
   а) факторите на производство со фиксна понуда
   б) факторите на производство чија понуда е растечка крива
   в) факторите на производство чија понуда е опаѓачка крива
   г) факторите на прозводство со фиксна побарувачка
   д) факторите на производство со растечка побарувачка

35) Кој од следниве инпути се карактеризира со фиксна понуда?
   а) парите
   б) земјата
   в) бројот на работници
   г) машините
   д) суровините

36) Од што директно зависи висината на рентата?
   а) од бројот на агрономи во земјата
   б) од понудата на позајмливи фондови
   в) исклучиво од понудата на земја, бидејќи побарувачката за земја е фиксна
   г) исклучиво од побарувачката за земја, бидејќи понудата на земја е фиксна
   д) сите претходно наведени опции се неточни

37) Доколку дојде до пораст на побарувачката за земја, а при непроменета (фиксна) понуда, тогаш:
   а) Рентата и понуденото количество на земја ќе се намалат.
   б) Рентата и понуденото количество на земја ќе се зголемат.
   в) Рентата ќе се зголеми, понуденото количесто на земја ќе се намали.
   г) Рентата ќе се намали, понуденото количество на земја ќе се зголеми.

д) Рентата ќе се зголеми, понуденото количество на земја ќе остане непроменето.

38) Доколку дојде до пад на побарувачката за земја, а при непроменета (фиксна) понуда, тогаш:
а) Рентата и понуденото количество на земја ќе се намалат.
б) Рентата и понуденото количество на земја ќе се зголемат.
в) Рентата ќе се зголеми, понуденото количесто на земја ќе се намали.
г) Рентата ќе се намали, понуденото количество на земја ќе се зголеми.
д) Рентата ќе се намали, понуденото количество на земја ќе остане непроменето.

39) Како се нарекува земјиштето кое е последно ангажирано и со најлош квалитет?
а) земјоделска површина
б) парцела
в) гранично земјиште
г) номинално земјиште
д) реално земјиште

40) Цената на земјата претставува:
а) однос меѓу рентата и инфлацијата
б) однос меѓу рентата и пазарната каматна стапка
в) однос меѓу номиналната и реалната рента
г) однос меѓу рентата и профитот
д) однос меѓу приходите и трошоците од земјата

41) Машините, зградите, опремата, залихите и останатите произведени трајни добра го претставуваат следниот фактор на производство:
а) наемнина
б) камата
в) капитал
г) профит
д) интерес

42) Факторот на производство кој се состои од произведените трајни добра кои се употребуваат за повторно производство се нарекува:
а) капитал
б) бруто инвестиции
в) нето инвестиции
г) профит
д) кредит

43) Зголемувањето или замената на капиталниот скок претставува:
а) депозит
б) кредит
в) капитал
г) инвестиција
д) профит

44) Цената која мораме да ја платиме за да користиме туѓи парични средства се нарекува:
а) наемнина
б) профит
в) инвестиција

г) капитал
д) интерес

45) Интересот претставува:
а) цената која мораме да ја платиме за да користиме земјиште
б) цената која мораме да ја платиме за да користиме туѓи парични средства
в) цената која мораме да ја платиме за ангажирање на работници
г) цената која мораме да ја платиме за набавка на суровините
д) сите претходно наведени одговори се точни

46) Износот на непотрошениот доход во дадена година претставува:
а) профит
б) инвестиции
в) капитал
г) потрошувачка
д) штедење

47) Кој од следните опции не влијае директно врз висината на каматните стапки?
а) инфлацијата
б) образованието
в) големината на кредитот
г) даночната политика
д) степенот на ризик

48) Процентуалниот принос на депозитите, кредитите и на обврзниците во кој не се земени предвид (калкулирани) ефектите од инфлацијата се нарекува:
а) номинална каматна стапка
б) реална каматна стапка
в) маргинална каматна стапка
г) реална наемнина
д) дивиденда

49) Процентуалниот принос на депозитите, кредитите и на обврзниците во кој се земени предвид (калкулирани) ефектите од инфлацијата се нарекува:
а) номинална каматна стапка
б) реална каматна стапка
в) маргинална каматна стапка
г) реална наемнина
д) дивиденда

50) Кое од следните тврдења е точно?
а) реална каматна стапка = стапка на инфлација + номинална каматна стапка
б) реална каматна стапка = номинална каматна стапка + стапка на инфлација
в) реална каматна стапка = номинална каматна стапка - стапка на инфлација
г) реална каматна стапка = стапка на инфлација - номинална каматна стапка
д) сите претходно наведени изрази се неточни

51) Кое од следните тврдења е точно?
а) стапка на инфлација = реална каматна стапка + реална наемнина
б) стапка на инфлација = номинална каматна стапка + реална наемнина
в) стапка на инфлација + номинална каматна стапка = реална каматна стапка
г) реална каматна стапка + номинална каматна стапка = стапка на инфлација

д) реална каматна стапка + стапка на инфлација = номинална каматна стапка

52) Приносот што сопствениците на фирмите го добиваат од поседувањето и употребата на физичкиот капитал во различни деловни активности се нарекува:
   а) номинална наемнина
   б) реална каматна стапка
   в) инвестиции
   г) профит
   д) рента

53) Разликата помеѓу вкупниот приход и вкупните трошоци утврдени според сметководствената евиденција е:
   а) сметководствен профит
   б) економски профит
   в) маргинален профит
   г) биланс на состојба
   д) биланс на успех

54) Разликата помеѓу вкупниот приход и вкупните економски трошоци (експлицитни и имплицитни) е:
   а) сметководствен профит
   б) економски профит
   в) маргинален профит
   г) биланс на состојба
   д) биланс на успех

55) Која од следниве опции е неосигурлив ризик?
   а) кражба
   б) повреда на работно место
   в) пожар
   г) поплава
   д) промени во политиката на владата

56) Која од следниве опции е осигурлив ризик?
   а) промени во политиката на владата
   б) промена во технологиите
   в) промени во структурата на економијата
   г) повреда на работно место
   д) сите претходно наведени опции се осигурливи ризици

57) Зошто е важно да се разбере разликата меѓу доход од труд и доход од сопственост?

58) Како би изгледал праведен систем за распределба на доходите, според тебе?

59) Дали постои морална разлика меѓу доход добиен преку работа и доход добиен преку капитал или наследство?

60) Кој повеќе придонесува за општеството – работникот кој создава производи или инвеститорот кој вложува пари? Објаснете.

61) Каква е улогата на синдикатите во обезбедување праведна распределба на доходот за работниците?

62) Зошто некои професии се високо платени, иако нивната корист за општеството е спорна?

63) Како се определува каматата како доход од капитал?

64) Како го разбирате поимот „доволен доход" за живот?

65) Дали е праведно некој да остварува висок доход од рента без да вложува труд?

66) Дали секој профит е резултат на иновација и претприемачки ризик, или понекогаш доаѓа од искористување на монополска позиција?

67) Дали се согласувате дека треба да се воведе „данок на екстрапрофит"? Какво влијание ќе има оваа политика врз претприемаштвото?

# ПОГЛАВЈЕ XII

# НЕЕДНАКВОСТ, СИРОМАШТИЈА И ПОЛИТИКИ НА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ

*Дали е добро да постои економски раст, ако огромен дел од населението останува во сиромаштија? Ќе зборуваме за тоа што значи нееднаквост во доходите и во можностите, како се мери сиромаштијата и што прават државите за да ја намалат. Ќе се запознаеш со концептот на прераспределба – преку даноци, социјални трансфери, јавно образование и здравство. Ќе размислуваме за тоа што е правично, што е ефикасно и како правото и политиката се вплеткуваат во секојдневната економска реалност на граѓаните.*

1) Економската нееднаквост се однесува на разликите во доходот и богатството меѓу поединци или групи.
   *Точно* *Неточно*

2) Џиниевиот коефициент се користи како мерка за степенот на нееднаквост во доходот.
   *Точно* *Неточно*

3) Совршена еднаквост се добива кога Џиниевиот коефициент е еднаков на 1 (еден).
   *Точно* *Неточно*

4) Апсолутната сиромаштија се мери според минималниот стандард потребен за опстанок.
   *Точно* *Неточно*

5) Релативната сиромаштија зависи од нивото на доход во одредено општество.
   *Точно* *Неточно*

6) Економската мобилност го мери капацитетот на поединецот да го подобри својот економски статус со тек на време.
   *Точно* *Неточно*

7) Даночната политика и социјалните трансфери немаат влијание врз прераспределбата на доходот.
   *Точно* *Неточно*

8) Прогресивното оданочување има за цел да ја намали економската нееднаквост.
   *Точно* *Неточно*

9) Индикаторот за сиромаштија не вклучува податоци за образование и здравје.
   *Точно* *Неточно*

10) Високата нееднаквост може да ги поткопа социјалната кохезија и политичката стабилност.

*Точно* *Неточно*

11) Графичкиот приказ на доходната нееднаквост е претставен преку:
   а) линија на совршена распределба на доходот
   б) Лоренцова крива
   в) крива на маргинална корисност
   г) Лаферова крива
   д) Џиниев коефициент

12) Односот на површината меѓу Лоренцовата крива и линијата од 45° и целата површина под линијата од 45° се нарекува:
   а) коефициент на маргинална супституција
   б) коефициент на доходна еластичност
   в) коефициент на вкрстена еластичност
   г) Џиниев коефициент
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

13) Што претставува Џиниевиот коефициент?
   а) мерка за продуктивноста
   б) мерка на даночното оптоварување
   в) индикатор за доходната нееднаквост
   г) индекс на сиромаштија

14) Кој вид на сиромаштија се темели на перцепцијата на поединецот?
   а) апсолутна
   б) објективна
   в) релативна
   г) субјективна

15) Каков е ставот на либертаријанците за прераспределбата на доходот?
   а) целосно ја поддржуваат
   б) делумно ја одобруваат
   в) се спротивставуваат
   г) рамнодушни се

16) Која од следните опции е пример за ситуациска сиромаштија?
   а) сиромаштија наследена од родители
   б) период на сиромаштија по загуба на работното место
   в) постојана сиромаштија во семејството
   г) сиромаштија кај постарите генерации

17) Кога поединецот преминува од една во друга доходна категорија, тогаш зборуваме за:
   а) доходен јаз
   б) доходна мобилност
   в) Џиниев коефициент
   г) релативна сиромаштија

18) Кој вид сиромаштија се заснова на утврдениот доход под прагот за преживување?

а) апсолутна
б) релативна
в) генерациска
г) субјективна

19) Просечната разлика во платите меѓу жените кои имаат деца (особено мали деца) и жените кои немаат деца, дури и кога имаат слични квалификации, работат исти работни задачи и имаат слично работно искуство, се нарекува:
а) Џиниев јаз во платите
б) родов јаз во платите
в) мајчински јаз во платите
г) рецесиски јаз

20) Во кој економски систем се среќава релативно ниска доходна нееднаквост?
а) слободна пазарна економија
б) централнопланска економија
в) мешана економија
г) капиталистичка економија

21) Што претставува показателот 10 % : 40 %?
а) однос меѓу процентот на граѓани со најнизок доход и процентот на средната класа
б) однос меѓу процентот на поединците со највисок доход и процентот на средната класа
в) однос меѓу процентите на поединците со највисок и најнизок доход
г) индекс на прогресивност

22) Кој тип на индикатори на сиромаштијата не се поврзани со доходот?
а) монетарни
б) индиректни
в) немонетарни
г) објективни

23) Кој од следниве фактори спаѓа во главните причини за доходна нееднаквост?
а) шанса (среќа)
б) компензирачки разлики
в) човечки капитал
г) дискриминација
д) сите претходно наведени одговори се точни

24) Ако ги рангираме поединците или домаќинствата од оние со најнизок до оние со највисок доход и потоа ги поделиме на пет еднакви групи (по 20 %), добиваме прв квинтил (Q1) – 20 % со најнизок доход, втор квинтил (Q2) – следните 20 %, трет квинтил (Q3) – средната група, четврти квинтил (Q4) – втори со највисок доход 20 % и петти квинтил (Q5) – 20% со највисок доход. Движењето на поединците или семејствата од еден во друг доходен квинтил се нарекува:
а) сегментирање на пазарот на трудот
б) општествена стратификација
в) доходна пирамида
г) примарен пазар на труд
д) доходна мобилност

25) Кој од следните фактори влијае врз доходната нееднаквост?
   а) срећата и познанствата
   б) образованието
   в) нееднаквата распределба на богатството
   г) монополската моќ
   д) сите претходно наведени одговори се точни

26) Кој од следните фактори не влијае врз доходната нееднаквост?
   а) стекнатите вештини
   б) цената на инпутите
   в) срећата и познанствата
   г) талентот
   д) дискриминацијата на пазарот на труд

27) Состојбата во која поединецот или семејството немаат средства да ги задоволат основните потреби за храна, облека и домување се нарекува:
   а) Енгелови закони
   б) нееднаквост во распределба на доходот
   в) сиромаштија
   г) доходна мобилност
   д) удел во потрошувачки буџет

28) Показателите на сиромаштијата најчесто се делат на:
   а) бруто и нето показатели
   б) позитивни и негативни показатели
   в) реални и номинални показатели
   г) монетарни и немонетарни показатели
   д) краткорочни и долгорочни показатели

29) Доколку поставиме праг дека лицата кои поседуваат помал доход од 50 % од средниот доход на домаќинствата во земјата се сиромашни, тогаш користиме:
   а) линија на релативна сиромаштија
   б) линија на апсолутна сиромаштија
   в) линија на компаративна сиромаштија
   г) линија на еднаква распределба на доходот
   д) Лоренцова крива

30) Со која од следните опции е корелирана сиромаштијата?
   а) етничката припадност
   б) старосната структура
   в) невработеноста
   г) семејната структура
   д) сите претходно наведени одговори се точни

31) Кој инструмент не е карактеристичен при водењето политика за прераспределба на доходот?
   а) вложувања во образование
   б) вработување во државна служба
   в) политика на минимална наемнина
   г) прогресивно оданочување
   д) социјални трансфери

32) Да претпоставиме дека едно семејство остварува годишен доход во висина од 10 милиони денари, а другото само 1 милион. Дали распределбата на доходот е правдна? Која е вашата прва реакција? Споредете ги и соочете ги вашите ставови во зависност од следното:

а) Во семејството со повисок доход работат двајцата партнери, додека во другото семејство сопругата избира да не работи на пазарот на трудот и да се посвети на семејните обврски и растењето на децата.

б) Семејството со повисок доход се состои од лица кои имаат високо образование, додека тоа со понизок доход од лица кои го напуштиле средното образование.

в) Семејството со повисок доход го остварува доходот, пред сè, од владината програма за субвенции за земјоделците.

г) Семејството со повисок доход го добива доходот како наследство од родителите кои неодамна починале.

33) Какво е влијанието на синдикатите врз пазарот на трудот? Кој е вашиот коментар за стрипот во продолжение?




34) Како може едно општество да определи кога нееднаквоста е „преголема“?

35) Зошто економската нееднаквост не може целосно да се елиминира со забрзување на економскиот раст?

36) Што е поважно за правната и политичката агенда – апсолутната сиромаштија или релативната сиромаштија?

37) Како може образованието да придонесе за намалување на нееднаквоста?

38) Кој е подобар механизам за поддршка на сиромашните семејства – парични трансфери или бесплатни јавни услуги?

39) Дали прогресивното оданочување е праведен начин за прераспределба на богатството?

# ПОГЛАВЈЕ XIII
# ПАЗАРИ, ЕФИКАСНОСТ И ЈАВЕН ИНТЕРЕС

*Пзарите во одредени ситуации функционираат добро, а друг пат потфрлаат. Ќе дознаете како функционираат пазарните механизми кога се оставени сами на себе, но и зошто понекогаш државната интервенција е неопходна. Од овој дел ќе научите што се јавни добра, екстерналии, монополи… Ќе се запознаете и со концептот на јавен интерес и како политиката влијае врз економските одлуки. Ќе добиете солидна основа да ги разберете аргументите за и против државна интервенција. Поглавјето ја приближува економиката до дебатите за правда, одговорност и улогата на институциите во демократските општества.*

1) Ефикасноста на пазарот се постигнува кога никој не може да биде во подобра позиција без некој друг да биде во полоша.
   *Точно* *Неточно*

2) Алокациската ефикасност значи дека ресурсите се распределени според желбите и потребите на потрошувачите.
   *Точно* *Неточно*

3) Пазарниот механизам секогаш обезбедува праведна распределба на ресурсите.
   *Точно* *Неточно*

4) Во реалноста постојат бројни пазарни неуспеси кои бараат државна интервенција.
   *Точно* *Неточно*

5) Надворешностите (екстерналиите) се ефекти од економски активности врз трети страни кои не учествуваат во трансакцијата.
   *Точно* *Неточно*

6) Негативните екстерналии, како што е загадувањето, можат да доведат до пазарен неуспех.
   *Точно* *Неточно*

7) Јавните добра се карактеризираат со неисклучивост и неривалност при построшувачката.
   *Точно* *Неточно*

8) Приватниот сектор има профитен интерес да обезбедува јавни добра.
   *Точно* *Неточно*

9) Националната одбрана е класичен пример за јавно добро.
   *Точно* *Неточно*

10) Проблемот на слободен јавач се јавува кај приватните добра, а не кај јавните добра.
   *Точно* *Неточно*

11) Ценовната поддршка и минималната плата се примери на државна интервенција во пазарот.

*Точно* *Неточно*

12) Пазарите секогаш го почитуваат јавниот интерес.Кога економијата ги произведува оние добра и услуги кои ги бараат потрошувачите, имајќи го предвид нивниот расположлив доход за трошење, велиме дека постои:
   а) економска ефикасност
   б) техничка ефикасност
   в) алокативна неефикасност
   г) Х-неефикасност
   д) Паретово подобрување

13) Која претпоставка треба да биде задоволена за да постои Паретова оптималност?
   а) да постои совршена конкуренција
   б) да постои несовршена конкуренција
   в) да постојат позитивни екстерналии
   г) да постојат негативни екстерналии
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

14) Во групата економски добра постои една категорија на добра и услуги, чие производство, ако се препушти исклучиво на пазарот, ќе биде во недоволни количества или воопшто нема да го има. Станува збор за:
   а) слободни добра
   б) јавни добра
   в) инфериорни добра
   г) луксузни добра
   д) неопходни добра

15) Што од следното е неуспех на пазарот?
   а) неефикасна примена на антимонополското законодавство
   б) постоење на совршено знаење кај економските субјекти
   в) постоење на значајни екстерни ефекти
   г) постоење на совршена конкуренција
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

16) Која од следниве состојби најдобро го објаснува поимот „неуспех на пазарот"?
   а) состојба кога фирмите остваруваат загуба на пазарот
   б) состојба кога понудата е поголема од побарувачката
   в) состојба кога пазарниот механизам не обезбедува ефикасна алокација на ресурсите
   г) состојба кога цените на пазарот се менуваат многу бавно
   д) состојба кога сите производи на пазарот се јавни добра

17) Што претставува „неуспех на државата" во економски контекст?
   а) кога државата ги оданочува сопствените граѓани
   б) кога државната интервенција предизвикува поголема неефикасност отколку што би постоела на слободниот пазар
   в) кога државата инвестира во јавни добра
   г) кога постои рамнотежа меѓу трошоците и приходите во буџетот

д) кога централната банка спроведува монетарна политика за да го намали растот на цените.

18) Која од следниве карактеристики се однесува на јавните добра?
   а) постоење на големи екстерни ефекти во споредба со приватните користи
   б) неможност да се исклучат другите луѓе од нивното користење
   в) имаат карактер на економски добра
   г) нивното обезбедување е обврска на државата
   д) сите претходно наведени одговори се точни

19) Која од следниве опции е подрачје на неуспех на пазарот?
   а) слободни добра
   б) неопходни добра
   в) несовршена конкуренција
   г) совршена конкуренција
   д) неефикасна примена на антимонополското законодавство

20) Кога економијата го произведува максимално можното количество на добра и услуги со дадените ресурси, велиме дека постои:
   а) економска ефикасност
   б) техничка ефикасност
   в) алокативна неефикасност
   г) Х-неефикасност
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

21) Под Паретово подобрување се подразбира таква состојба во економијата, кога со примена на одредени мерки:
   а) може да се подобри положбата на едни економски субјекти, без да се влоши на други субјекти
   б) не може да се подобри положбата на едни економски субјекти, без да се влоши на други субјекти
   в) може да се подобри положбата на едни економски субјекти при едновремено влошување на положбата на другите субјекти
   г) сите претходно наведени одговори се точни
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

22) Која од следниве опции претставува неуспех на пазарот?
   а) постоење на совршена конкуренција
   б) постоење на несовршена конкуренција
   в) слободни добра
   г) неопходни добра
   д) луксузни добра

23) Под Паретова оптималност се подразбира таква состојба во економијата, кога со примена на одредени мерки:
   а) може да се подобри положбата на едни економски субјекти, без да се влоши на други субјекти
   б) не може да се подобри положбата на едни економски субјекти, без да се влоши на други субјекти
   в) може да се подобри положбата на сите економски субјекти
   г) сите претходно наведени одговори се точни
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

24) Доколку во производството на „Макстил" не се користат филтри за отпадните гасови, тогаш маргиналните трошоци на општеството (MSC) се:
   а) поголеми во однос на приватните маргинални трошоци (MC)
   б) помали во однос на приватните маргинални трошоци (MC)
   в) еднакви во однос на приватните маргинални трошоци (MC)
   г) еднакви на нула
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

25) Ако потрошувачите не се доволно информирани за карактеристиките на производите, тогаш за кој неуспех на пазарот станува збор?
   а) проблем на бесплатно јавање
   б) неуспех на антимонополското законодавство
   в) несовршено знаење
   г) макроекономска нестабилност
   д) вишок на јавни добра

26) Кога фабрика испушта токсични гасови без да плати за штетата врз животната средина, тогаш станува збор за:
   а) јавни добра
   б) негативна екстерналија
   в) несовршена конкуренција
   г) пазарен успех
   д) монетарна нестабилност

27) Изреката „Слободата на поединецот треба да заврши таму каде што започнува штетата врз другиот" е инспирирана од мислата на Џон Стјуарт Мил (John Stuart Mill) во неговото дело „За слободата" (1859). Таа е директно поврзана со концептот на:
   а) екстерналии или екстерни ефекти
   б) монопол
   в) слободни добра
   г) политичка стабилност

28) Ако една фармацевтска компанија има моќ да диктира цени без конкуренција, тоа претставува пример за:
   а) совршена конкуренција
   б) пазарна регулација
   в) асиметричен ризик
   г) монопол
   д) позитивна екстерналија

29) Јавно претпријатие или акционерско друштво во целосна или доминантна државна сопственост, коешто што добива буџетски субвенции и постојано работи со загуба, претставува пример за:
   а) позитивна екстерналија
   б) јавен долг
   в) неуспех на државата
   г) правична распределба
   д) политичка стабилност

30) Ако државата воведе сложени регулативи и премногу давачки што го оптоваруваат малиот бизнис, тогаш тоа претставува:

а) позитивна дискриминација
б) фискална политика
в) неуспех на државата
г) административна транспарентност
д) институционален капацитет

31) Доколку јавни средства се распределуваат исклучиво според политичката припадност, тогаш тоа претставува:
а) клиентелизам и државен неуспех
б) јавен избор
в) демократска процедура
г) макроекономска политика
д) буџетска дисциплина

32) Кога јавните набавки (набавките за потребите на државните институции) се спроведуваат без транспарентност и под основано сомнение за корупција, тогаш тоа укажува на:
а) добар јавен менаџмент
б) неуспех на државата
в) пазарна рационалност
г) техничка компетентност
д) совршена конкуренција

33) Присуството на позитивни или негативни надворешни ефекти се нарекува:
а) јавно добро
б) асиметрична информација
в) екстерналии
г) монопол

34) Јавните добра се категорија на економски добра, која доколку му се препушти на приватниот сектор (пазарот), или ќе се произведува во недоволни количества или воопшто ќе ја нема. Двете основни карактеристики на јавните добра се ___________ и ___________.
а) неривалство и неисклучивост
б) ривалство и ислучивост
в) ривалство и неисклучивост
г) неривалство и исклучивост

35) Националната одбрана претставува пример за ___________, бидејќи не може да се исклучи ниту еден граѓанин од нејзината корист, дури и ако не плаќа или одбива да плаќа даноци за нејзиното финансирање.
а) јавно добро
б) приватно добро
в) несовршено знаење
г) монопол

36) Која од следниве опции претставува јавно добро?
а) национална одбрана
б) улично осветлување
в) јавна безбедност (полиција)
г) патна сигнализација (патокази, семафори)
д) противпожарна служба

ѓ) јавни паркови
е) сите претходно наведени одговори се точни

37) Што од следното претставува сличност меѓу слободните и јавните добра?
а) двете ги обезбедува државата
б) кај двете не постои можност да се исклучат другите луѓе од користењето
в) за двете треба да се плати определена цена
г) двете групи на добра ги има во неограничени количества
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

38) Во секое од празните полиња во табелата, распоредете една од четирите експерналии (екстерни ефекти):
а) „консумирање" (слушање) прегласна музика или консумирање чоколадо и фрлање на амбалажата на улица
б) загадување на животната средина со емисија на штетен чад од производствениот процес
в) примена на иновации од воената индустрија во цивилното воздухопловство
г) разубавувањето на куќната фасада ја прави целата улица многу поубава

| Видови екстерналии | Екстерналии во производството | Екстерналии во потрошувачката |
|---|---|---|
| Позитивни | | |
| Негативни | | |

39) Зошто некои фирми имаат поттик да сокријат информации од потрошувачите?
а) за да го зголемат квалитетот на производот
б) за да се заштитат од конкуренција
в) за да го зголемат својот профит
г) за да го стимулираат слободниот пазар

40) Некои фирми од прехранбената индустрија би сакале да ги сокријат информациите за содржината на емулгатори, шеќери и масти во нивните производи. Овој пазарен неуспех се поврзува со проблемот на:
а) негативни екстерналии
б) асиметрични информации
в) несовршена конкуренција
г) јавни добра
д) опортунитетен трошок

41) Слушањето премногу гласна музика во доцните ноќни часови, дури и кога музичкиот стил е широко прифатен, внесува немир во соседството. Овој пазарен неуспех се поврзува со проблемот на:
а) негативни екстерналии во потрошувачката
б) асиметрични информации
в) несовршена конкуренција
г) јавни добра
д) опортунитетен трошок

42) Во членот 2 од *Законот за заштита од бучава во животната средина* е наведено дека целите на Законот се „создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава, преземање мерки и активности за избегнување,

спречување или намалување на бучавата, преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување […].“ Кој пазарен неуспех се коригира (поправа) преку овој облик на државна интервенција?
а) негативни екстерналии
б) асиметрични информации
в) несовршена конкуренција
г) јавни добра
д) опортунитетни трошоци

43) Доколку не постои регулативата за заштита на правата на потрошувачите, тогаш фармацевтските компании (најверојатно):
а) би ги намалиле цените на лековите
б) би ги објавиле сите можни несакани ефекти
в) би ја намалиле дистрибуцијата на лекови
г) не би ги објавиле контраиндикациите (несаканите ефекти) за лекот

44) Доколку некои банки прикриваат информации за сите трошоци поврзани со кредитирањето на клиентите, тогаш неуспехот на пазарот се поврзува со проблемот на:
а) позитивни екстерналии
б) асиметрични информации
в) економија од обем
г) синдикална моќ

45) На 7 ноември 2002 година, електронскиот портал на телевизијата „Телма“ објави напис со следниот наслов: „Инфлација ги изеде парите на граѓаните – достигна рекордни 20 проценти“. Граѓаните се загрижени за куповната моќ на своите примања, што укажува на фактот дека ценовната стабилност и ниската, едноцифрена стапка на инфлација може да се третираат како:
а) негативна екстерналија
б) асиметрични информации
в) несовршена конкуренција
г) јавно добро
д) неуспех на пазарот

34) Како политичките одлуки за зголемување на јавните расходи (преку субвенции, плати во јавниот сектор, инфраструктура) можат да влијаат врз довербата на гласачите? Дали секогаш се оправдани од економски аспект?

35) Како го разбираш поимот „јавен интерес“? Кој има легитимитет да го дефинира?

36) Што се случува кога фирмите влијаат врз правилата за игра (закони, државна поддршка, ограничување на конкуренцијата) преку лобирање? Дали ова однесување е спротивно на јавниот интерес?

37) Кој треба да има одлучувачка функција при регулирање на пазарите – експертите, граѓаните или политичарите?

# ДЕЛ II
# МАКРОЕКОНОМИКА



# ПОГЛАВЈЕ I

# ПРЕГЛЕД НА МАКРОЕКОНОМИКАТА

*Во ова поглавје ќе добиете претстава за тоа како функционира економијата како целина. Ќе дознаете зошто се важни прашањата за економскиот раст, инфлацијата и невработеноста и како се поврзани меѓу себе овие теми. Ќе видите како државата преку своите политики се обидува да одржи економска рамнотежа и стабилност. Ќе научите и што претставуваат агрегатна понуда и побарувачка и зошто тие се основа на економската динамика. Ова знаење ќе ви помогне подобро да ги разберете економските вести и ефектите од економските политики кои ги чувствуваме секојдневно.*

1) Макроекономиката ги проучува економските појави на ниво на поединец или фирма.

   *Точно* *Неточно*

2) Џон Мајнард Кејнз се смета за основоположник на макроекономиката.

   *Точно* *Неточно*

3) Главна цел на економијата е да обезбеди што е можно повисок БДП за задоволување на потребите на граѓаните.

   *Точно* *Неточно*

4) Инфлацијата претставува намалување на општото ниво на цените.

   *Точно* *Неточно*

5) Потенцијалниот БДП е секогаш повисок од фактичкиот БДП.

   *Точно* *Неточно*

6) Зголемувањето на државните расходи секогаш води кон зголемување на агрегатната понуда.

   *Точно* *Неточно*

7) Монетарната политика управува со количината на пари во оптек и нивото на каматни стапки.

   *Точно* *Неточно*

8) Ефектот на богатство значи дека кога цените растат, се зголемува реалното богатство на луѓето.

   *Точно* *Неточно*

9) Агретната побарувачка покажува врска меѓу реалниот БДП и општото ниво на цените.

*Точно* *Неточно*

10) Кривата на агрегатната понуда има негативна косина.

*Точно* *Неточно*

11) Фискалната политика користи даноци и јавни расходи за да влијае на економијата.

*Точно* *Неточно*

12) Долгорочно, кривата на агрегатната понуда има облик близок до вертикална линија.

*Точно* *Неточно*

13) Зголемувањето на агрегатната побарувачка секогаш води кон намалување на цените.

*Точно* *Неточно*

14) Контролата на платите и цените е инструмент на политиката на доход.

*Точно* *Неточно*

15) Девизниот курс не влијае врз извозот и увозот на една земја.

*Точно* *Неточно*

16) Што од следното не претставува основна макроекономска цел?
   а) врамнотежен буџет
   б) ниска стапка на инфлација
   в) ниска стапка на невработеност
   г) динамична и одржлива стапка на економски раст
   д) одржлива позиција во платниот биланс и стабилен девизен курс

17) Која од следниве опции претставува основна макроекономска цел?
   а) врамнотежен буџет
   б) висок пораст на приватната потрошувачка
   в) превработеност
   г) високо ниво на инвестиции
   д) ценовна стабилност

18) Кои се најзначајните макроекономски политики?
   а) фискална политика, надворешнотрговска, монетарна политика и политика на доходи
   б) монетарна политика, фискална политика, политика на рамномерен регионален развој и политика на доходи

в) фискална политика, политика на надворешноекономски односи, ценовна политика и политика на доходи
г) фискална политика, политика на цени, политика на доходи и политика на отворен пазар
д) фискална политика, политика на задолжителна резерва, политика на доходи и политика на отворен пазар

19) Кривата на агрегатната понуда на долг рок е:
а) крива со растечки наклон
б) хоризонтална линија
в) вертикална линија
г) Лоренцова крива
д) крива со опаѓачки наклон

20) Која од следниве опции не е макроекономски инструмент?
а) фискална политика
б) царини
в) контрола на наемнините
г) ниска стапка на инфлација
д) монетарна политика

21) Која од следниве опции не е макроекономска цел?
а) стабилност на цените
б) остварување на високи стапки на економски растеж
в) контрола на цените и наемнините
г) високо ниво на вработеност
д) обезбедување оптимална платнобилансна позиција

22) Порастот на агрегатната побарувачка, при непроменета агрегатна понуда доведува до:
а) пораст на општото ниво на цени и пораст на реалниот БДП
б) пораст на општото ниво на цени и пад на реалниот БДП
в) пад на општото ниво на цени и пад на реалниот БДП
г) пад на општото ниво на цени и пораст на реалниот БДП
д) нема промена во макроекономската рамнотежа

23) Кој економист се смета за основоположник на макроекономиката?
а) Карл Маркс
б) Џон Мајнард Кејнз
в) Милтон Фридман
г) Пол Семјуелсон
д) Адам Смит

24) Вкупниот износ на добра и услуги кои одделните сектори во економијата (домаќинствата, претпријатијата и државата) сакаат и се во можност да ги купат во даден период се нарекува:
а) монетарна политика
б) агрегатна понуда
в) агрегатна побарувачка
г) лична потрошувачка
д) политика на доход

25) Инверзниот однос меѓу општото ниво на цени и побаруваниот реален БДП е условен од:
   а) ефект на супституција и ефект на доход
   б) мултипликација и акцелерација
   в) парична илузија
   г) ефект на богатство, ефект на каматна стапка и надворешнотрговски ефект
   д) ефект на богатство и ефект на сиромаштија

26) Која од следниве опции е инструмент на надворешнотрговската политика?
   а) царини
   б) даноци
   в) политика на дисконтна стапка
   г) јавни расходи
   д) стапка на задолжителна резерва

27) Која од следниве опции претставува основна макроекономска цел?
   а) економски растеж
   б) стабилност на цени
   в) ниска стапка на вработеност
   г) точни се одговорите а) и б)
   д) точни се одговорите а), б) и в)

28) Која од следниве опции е инструмент на надворешнотрговската политика?
   а) даноци
   б) владини расходи
   в) политика на доход
   г) монетарна политика
   д) девизен курс

29) Што од следното може да предизвика зголемување на БДП, на краток рок, при ceteris paribus:
   а) зголемување на извозот на добра
   б) намалување на личната потрошувачка
   в) зголемување на увозот на добра
   г) намалување на приватните инвестиции
   д) намалување на јавната потрошувачка

30) Што од следното може да предизвика намалување на БДП, на краток рок, при ceteris paribus:
   а) намалување на увозот на добра
   б) намалување на извозот на добра
   в) зголемување на личната потрошувачка
   г) зголемување на јавната потрошувачка
   д) зголемување на инвестициите

31) Кривата на агрегатната понуда на кус рок е:
   а) крива со растечки наклон
   б) хоризонтална линија
   в) вертикална линија
   г) Лоренцова крива
   д) крива со опаѓачки наклон

32) Кривата на агрегатната побарувачка на кус рок е:
   а) крива со растечки наклон
   б) хоризонтална линија
   в) вертикална линија
   г) Лоренцова крива
   д) крива со опаѓачки наклон

33) Кои се инструментите на фискалната политика?
   а) количеството на пари во оптек и висината на каматната стапка
   б) контролата на цените и наемнините
   в) владините расходи и даноците
   г) царините и нецаринските бариери
   д) девизниот курс

34) Кои се можните правни и социјални ризици ако економската политика се фокусира исклучиво на намалување на невработеноста? Објаснете со примери!

35) Кои политички последици може да ги има високата невработеност врз стабилноста на една влада и демократијата во земјата? Дали и како економската политика може да помогне да се намали социјалното незадоволство?

36) Какви правни импликации би имала високата инфлација врз владеењето на правото и извршувањето на договорите?

37) Дали преку законска регулација треба да се фаворизира фискалната политика (јавни инвестиции и даноци) или монетарната политика (камати и пари во оптек) како средство за справување со економска криза? Аргументирајте го вашиот став!

38) Дали воведувањето на царини или други трговски бариери е оправдано од правен и економски аспект за заштита на домашното производство? Што би биле можни последици врз меѓународните трговски договори?

39) Дали заштитничката трговска политика (царини, ограничувања на увозот) повеќе се води од економски или политички мотиви? Објаснете со примери од современи политички практики!

# ПОГЛАВЈЕ II

# МЕРЕЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ

*Како да знаеме која е „вредноста" на една економија? Во ова поглавје ќе научите што значат поимите како бруто домашен производ (БДП) и национален доход и како тие се пресметуваат. Ќе откриете и зошто тие пресметки не секогаш ја покажуваат целосно благосостојбата на луѓето и кои се нивните методолошки ограничувања. Ќе ја анализираме и разликата меѓу реалниот и номиналниот производ и како инфлацијата го менува нашиот стандард. Ова ќе ви помогне да разликувате што навистина стои зад економските статистики и како правилно да ги интерпретирате.*

1) Бруто домашниот производ (БДП) ги вклучува и услугите произведени во сивата економија.
   *Точно* *Неточно*

2) Импутрираната рента се пресметува како дел од БДП.
   *Точно* *Неточно*

3) БДП прецизно ја покажува рамномерноста на распределбата на доходот.
   *Точно* *Неточно*

4) Вредноста на интермедијарните добра е вклучена целосно во БДП.
   *Точно* *Неточно*

5) Методот за додадена вредност се користи за да се избегне повеќекратното вклучување на вредноста на интермедијарните добра при пресметката на БДП.
   *Точно* *Неточно*

6) БДП по глава на жител (per capita) е корисен индикатор за меѓународна споредба на економската развиеност на земјите во светот.
   *Точно* *Неточно*

7) Бруто националниот производ (БНП) ги вклучува нето факторските плаќања кон и од странство.
   *Точно* *Неточно*

8) Нето националниот доход (ННД) се добива ако од БНП се одземе амортизацијата.
   *Точно* *Неточно*

9) Националниот доход (НД) го покажува доходот на сопствениците на факторите на производство.
   *Точно* *Неточно*

10) Личниот доход (ЛД) го покажува приходот на резидентите по одземање на сите даноци и давачки.
   *Точно* *Неточно*

11) Реалниот БДП ги исклучува ефектите од инфлација врз економската активност.
*Точно* *Неточно*

12) БДП по тековни цени секогаш е еднаков со реалниот БДП.
*Точно* *Неточно*

13) БДП дефлаторот се користи за мерење на ценовните промени во даден временски период.
*Точно* *Неточно*

14) Кружниот тек на доходот е модел во кој се поврзуваат интеракциите меѓу потрошувачите и производителите.
*Точно* *Неточно*

15) Растот на БДП секогаш значи и подобрување на благосостојбата.
*Точно* *Неточно*

16) Официјалниот износ на БДП е преценет за вредноста на сивата економија.
*Точно* *Неточно*

17) Државната потрошувачка е дел од агрегатната побарувачка.
*Точно* *Неточно*

18) Зголемувањето на БДП секогаш ќе резултира со подобрување на квалитетот на животната средина.
*Точно* *Неточно*

19) БДП не го зема предвид слободното време и квалитетот на животот.
*Точно* *Неточно*

20) Нето економската благосостојба е покомплетна мерка од БДП за оценка на економскиот напредок.
*Точно* *Неточно*

21) Следниот графикон прикажува стилизиран приказ на фактичкиот (актуелниот) БДП, потенцијалниот БДП и максималниот БДП. Во празните полиња на графиконот, внесете ја соодветната категорија на бруто домашниот производ!




22) Пазарната вредност на сите финални добра и услуги произведени во рамките на една земја, во даден временски период, претставува:
   а) маргинален производ
   б) инфериорен производ
   в) национален производ
   г) бруто домашен производ
   д) комплементарно добро

23) Економските активности кои се надвор од државната контрола, кои го избегнуваат оданочувањето и кои не се евидентирани во сметките на општественото книговодство ја претставуваат:
   а) црната економија
   б) сивата економија
   в) микроекономиката
   г) јавниот сектор
   д) ниту еден од горенаведените одговори не е точен

24) Нето националниот производ на земјата е:
   а) збир од расположливиот доход на домаќинствата и социјалните трансфери
   б) разлика од бруто националниот производ и индиректните даноци
   в) збир од каматите, профитите, наемнините и социјалните трансфери
   г) разлика од бруто националниот производ и амортизацијата
   д) разлика од националниот доход и амортизацијата

25) Кои се трите методи за пресметување на БДП?
   а) рационален, номинален и производствен метод
   б) максимален, доходен и номинален метод
   в) производствен, расходен и доходен метод
   г) домашен и национален метод
   д) тековен и постојан метод

26) Кое од следниве равенства е точно?

а) бруто национален производ = нето национален производ + индиректни даноци
б) бруто национален производ = национален доход + камати
в) бруто национален производ = нето национален производ + амортизација
г) бруто национален производ = национален доход + амортизација
д) бруто национален производ = национален доход + индиректни даноци

27) Националниот доход на земјата е:
а) разлика меѓу бруто националниот производ и амортизацијата
б) разлика од нето националниот производ и индиректните даноци
в) збир од каматите, профитите, наемнините и социјалните трансфери
г) збир од расположливиот доход на домаќинствата и социјалните трансфери
д) разлика од бруто националниот доход и амортизацијата

28) Номиналниот бруто национален производ претставува вредноста на вкупно:
а) произведените финални добра и услуги во економијата искажани според тековни цени
б) продадените финални добра и услуги во економијата искажани според тековни цени
в) продадените финални добра и услуги во економијата искажани според постојани цени
г) произведените финални добра и услуги во економијата искажани според постојани цени.
д) произведените интермедијарни добра и услуги во економијата искажани според релативни цени

29) Ако номиналниот БДП изнесува 150 милијарди денари, а реалниот БДП е 100 милијарди денари, колку изнесува БДП-дефлаторот?
а) 1
б) 1,5
в) 0,75
г) 0,5
д) 0,1

30) Реалниот бруто национален производ претставува вредноста на вкупно:
а) произведените финални добра и услуги во економијата искажани според тековни цени
б) продадените финални добра и услуги во економијата искажани според тековни цени
в) произведените интермедијарни добра и услуги во економијата искажани според релативни цени
г) продадените финални добра и услуги во економијата искажани според постојани цени
д) произведените финални добра и услуги во економијата искажани според постојани цени

31) Дивидендите кои македонските граѓани ги остваруваат од поседување акции од германски фирми се евидентираат во:
а) бруто националниот производ на Македонија
б) бруто националниот производ на Германија
в) бруто домашниот производ на Македонија
г) билансот на успех на Македонија
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

32) Доколку италијански државјанин отвори фабрика за мебел во Македонија и користи македонски инпути, тогаш профитот кој ќе се пренесе во неговата матична земја ќе биде дел од:
а) бруто националниот производ на Италија
б) билансот на успех на Македонија
в) бруто националниот производ на Македонија
г) сите претходно наведени одговори се точни
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

33) Бруто домашниот производ претставува збир од:
а) националниот доход и индиректните даноци
б) платите, каматите, рентите и профитот
в) платите, каматите, рентите, профитите, индиректните даноци и амортизацијата
г) платите, каматите, рентите и акумулираната добивка
д) нето националниот производ и индиректните даноци

34) Ако во една економија порасне општото ниво на цените, а произведените количества на финални добра и услуги останат непроменети во однос на базната година, тогаш ќе порасне:
а) потенцијалниот бруто домашен производ
б) реалниот бруто домашен производ
в) номиналниот бруто домашен производ
г) максималниот бруто домашен производ
д) сите претходно наведени одговори се точни

35) Која од следниве категории на БДП е непостоечка:
а) потенцијален БДП
б) фактички БДП
в) реален БДП
г) фрикционен БДП
д) номинален БДП

36) Дефлаторот на БДП овозможува да се приспособи номиналниот БДП на:
а) промената на надворешнотрговскиот дефицит или суфицит
б) промената на стапката на невработеност
в) нето факторските плаќања кон странство
г) промената на буџетскиот дефицит или суфицит
д) промената на нивото на цени

37) Доколку таксистите и келнерите не го пријавуваат заработениот доход, тогаш БДП ќе биде потценет, поради тоа што непријавениот доход:
а) е создаден во сивата економија
б) не произлегува од производството на нови добра и услуги
в) е создаден во т.н. непазарни активности
г) претставува заработувачка во слободното време
д) сите претходно наведени одговори се точни

38) Која од следниве опции е валиден метод за пресметка на БДП?
а) доходен метод
б) продажен метод
в) тековен метод

г) агрегатен метод
д) реален метод

39) Колку изнесува БДП-дефлаторот доколку номиналниот БДП изнесува 750 млрд $, а реалниот БДП е 500 млрд долари?
а) 1,5
б) 1,25
в) 1,75
г) 2
д) ниту еден од горенаведените одговори не е точен

40) Разликата меѓу нето националниот производ и националниот доход е еднаква на:
а) задржаната заработувачка
б) амортизацијата
в) персоналниот данок
г) индиректните даноци
д) нето факторските плаќања кон странство

41) Во земјата Колонија се произведуваат само два производа: шеќер и памук. Во 2024 година, во Колонија биле произведени 1 200 тони шеќер и 10 000 тони памук. Цената на шеќерот била 16 парични единици (п.е.), додека на памукот била 2 п.е. Во 2025 година, производството на шеќер се зголемило на 1 800 тони, а производството на памук на 13 000. Цената на шеќерот во 2024 изнесувала 24 п.е., додека цената на памукот во 2025 година била 2,5 п.е. Утврдете:
а) номинален БДП на Колонија за 2024 година
б) реален БДП на Колонија за 2024 година
в) номинален БДП на Колонија за 2025 година
г) реален БДП на Колонија за 2025 година
д) БДП-дефлатор
(Напомена: Како базна година се зема 2024 година.)

41) Дали БДП е доволно добар показател за благосостојбата на една земја? Објаснете го одговорот!

42) Како сивата економија влијае врз квалитетот на официјалната статистика на економската активност?

43) Кои правни механизми би ги препорачале за подобро вклучување на непазарните активности во мерките на економската активност?

44) Какви политички и општествени последици може да има нерамномерната распределба на доходот во една земја?

45) Кои политики би ги препорачале за подобрување на рамномерноста во распределбата на доходот во земја со брзо растечки БДП?

46) Дали зголемената јавна потрошувачка секогаш е добра политика? Кои се добрите и лошите страни кога постои високо јавно трошење?

47) Дали е етички оправдано, при пресметката на БДП, да се вклучи и доходот кој го остваруваат индустриите кои ја загадуваат животната средина?

48) Дали порастот на БДП истовремено означува и обезбедување подобра заштита на човековите права и достоинството? Кои мерки и политики би ги препорачале за обезбедување економски напредок, проследен со заштита на правата на индивидуите?

49) Каква е улогата на медиумите при известувањето за економската активност во земјата? Како медиумите можат да придонесат за информирање на јавноста за слабостите на БДП како индикатор?

50) Според вашето мислење, која од алтернативните мерки за благосостојба (NEB, MEW) е најпогодна за следење на унапредувањето на квалитетот на животот во една демократска држава?

51) Понекогаш рестораните или баровите не издаваат фискална сметка за извршената ресторанска услуга. Доколку побарате, типичното образложение е дека не работи фискалниот апарат. На тој начин, некои сопственици работат во зоната на:
а) централнопланската економија
б) неформалната или сивата економија
в) зелената економија
г) дигиталната економија

52) Дел од вработените, особено во градежништвото, работат непријавени пред надлежните институции. На тој начин, сопствениците на фирмите свесно го избегнуваат плаќањето на данокот на доход и придонесите од задолжителното социјално осигурување. Кога овие вработени би биле регистрирани, тогаш би се зголемиле:
а) буџетските приходи
б) бруто домашниот производ
в) стапката на вработеност
г) социјалната заштита на работниците
д) сите претходно наведени одговори се точни

53) Доколку голем дел од економските активности во една држава се одвиваат надвор од формалните институционални рамки (без склучени договори, без плаќање даноци и без придонеси), тогаш тоа резултира со:
а) одржлив раст на јавните инвестиции
б) поголема ефективност на даночната администрација
в) електронска трговија
г) неформална економија

54) Еден од најчестите индиректни показатели за големината на неформалната економија е:
а) приливот на странски директни инвестиции
б) растот на девизните резерви на државата
в) несразмерниот пораст на потрошувачката во споредба со пријавениот доход
г) учеството на јавниот долг во БДП

55) Кога државата ги зајакнува инспекциските контроли и ја намалува неформалната економија, тогаш тоа придонесува за:
а) намалување на буџетските приходи
б) поголема правна несигурност
в) зголемена конкурентност и еднакви услови за сите фирми
г) зголемување на неформалната (сивата) економија

56) Ако една фирма пријавува само половина од своите приходи, тогаш таа:
а) учествува во дигиталната економија
б) ја зголемува даночната основа
в) ја поткопува фер конкуренцијата на пазарот
г) има повисоки трошоци за даноци

57) Работникот кој нема формален договор за вработување, нема право на платено боледување и нема пензиско осигурување:
а) е вработен во јавно претпријатие
б) е вклучен во неформалната економија
в) не плаќа данок на додадена вредност
г) е регистриран како самовработено лице

58) Инспекторите на Управата за јавни приходи утврдиле дека една голема компанија невистинито прикажала помала добивка, со цел да плати помал данок на добивка. Ваквиот наод укажува дека и големите фирми можат да бидат учесници во:
а) централнопланската економија
б) дигиталната економија
в) неформалната или сивата економија
г) зелената економија

59) „Во XX век, БДП по жител беше главната мерка за проценка на националната успешност. Но, според тоа гледиште, Сингапур, во кој секој жител годишно и во просек произведува добра и услуги во вредност од 56 000 САД-долари, е поуспешен од Костарика, во која секој граѓанин годишно произведува само 14 000 САД-долари. Денешните мислители, политичари, па дури и економисти, повикуваат на тоа дека БДП треба да се дополни, дури и целосно да се замени со БДС – бруто домашна среќа. На крајот на краиштата, што сакаат луѓето? Луѓето не сакаат да произведуваат. Луѓето сакаат да бидат среќни. Производството е важно, бидејќи ја обезбедува материјалната основа за среќата. Но, тоа е само средство, а никако цел.

Бројни истражувања покажуваат дека многу поголемо ниво на задоволство во животот има кај Костариканците, отколку кај Сингапурците. Дали би биле попрво високопродуктивен, но незадоволен Сингапурец или помалку попродуктивен, но задоволен Костариканец?" Овој цитат од книгата „Хомо Деус" на Јувал Ноа Харари укажува дека:

а) производството е крајна цел на човековото постоење
б) неформалната економијата во Сингапур е поголема од онаа во Костарика
в) повисок БДП по жител секогаш значи поголема среќа
в) БДП е несовршена мерка на општествената благосостојба

60) Која од следниве опции не спаѓа во БДП, но е важна за благосостојбата на граѓаните?
а) вредноста на произведените автомобили
б) распределбата на доходот меѓу различни социјални групи
в) вредноста на извозот на добра и услуги
г) инвестициите во инфраструктурата

61) Зошто високиот БДП по жител не води секогаш кон општествена благосостојба?
а) БДП ги вклучува само приватните инвестиции
б) БДП не е поврзан со продуктивноста
в) БДП не ги зема предвид квалитетот на живот, слободното време и менталното здравје
г) БДП не ги зема предвид извозот и увозот на добра и услуги

62) Кој од следниве аспекти не е вклучен во пресметката на БДП, но е значаен за квалитетот на живот на граѓаните?
а) производството на добра и услуги
б) вредноста на слободното време
в) владините инвестиции во патната инфраструктура
г) приватната потрошувачка

63) БДП не ја мери распределбата на доходот, што значи дека:
а) ги преценува јавните расходи
б) може да прикрие големи нееднаквости во општеството
в) го занемарува приливот на странски инвестиции
г) ја намалува стапката на сиромаштија

64) Зголемувањето на БДП не секогаш значи зголемена благосостојба затоа што:
а) вклучува само податоци од индустрискиот сектор
б) не ги зема предвид среќата, здравјето и социјалната кохезија
в) не ги вклучува даночните приходи
г) се мери само на квартално и годишно ниво

65) Која од следните опции е пример за активност што придонесува за општествената благосостојба, но не влегува во пресметката на БДП?
а) градење на зграда од страна на фирма
б) купување нов автомобил
в) волонтерска работа во општината
г) извоз на македонско вино

# ПОГЛАВЈЕ III

# КОМПОНЕНТИ НА АГРЕГАТНАТА ПОБАРУВАЧКА

*Зошто домаќинствата трошат? Зошто компаниите инвестираат? Во ова поглавје ќе научите како одлуките на домаќинствата, претпријатијата, државата и извозот заедно ја движат економијата напред. Ќе разберете кои фактори влијаат на нашата склоност да трошиме или да штедиме и како каматите и очекувањата го менуваат нашето однесување. Ќе дознаете и зошто инвестициите и размената со странство се клучни за раст и развој на економијата.*

1) Личната потрошувачка е најнестабилната компонента на агрегатната побарувачка.
   *Точно* *Неточно*

2) Инвестициската побарувачка е креирана од страна на секторот домаќинства во националната економија.
   *Точно* *Неточно*

3) Јавната потрошувачка се финансира исклучиво од даноци.
   *Точно* *Неточно*

4) Нето странската побарувачка се пресметува како разлика меѓу извозот и увозот на добра и услуги.
   *Точно* *Неточно*

5) Според Кејнз, порастот на доходот секогаш води до еднаков процентуален пораст на личната потрошувачка.
   *Точно* *Неточно*

6) Просечната склоност кон потрошувачка се намалува со зголемување на доходот.
   *Точно* *Неточно*

7) Ефектот на угледување значи дека луѓето трошат повеќе за да се усогласат со социјалната средина.
   *Точно* *Неточно*

8) Хипотезата за животниот циклус ги зема предвид идните приходи при планирање на тековната потрошувачка.
   *Точно* *Неточно*

9) Перманентниот доход претставува привремена и нестабилна компонента на доходот.
   *Точно* *Неточно*

10) Богатството има влијание врз потрошувачката дури и кај индивидуи кои моментално не остваруваат доход.
   *Точно* *Неточно*

11) Високите каматни стапки ја намалуваат желбата за трошење.
*Точно* *Неточно*

12) Инвестициската побарувачка е најнепредвидливата компонента на агрегатната побарувачка.
*Точно* *Неточно*

13) Правната сигурност е важен фактор за привлекување инвестиции.
*Точно* *Неточно*

14) Постоењето на корупција го поттикнува инвестирањето од страна на странски компании.
*Точно* *Неточно*

15) Ниските каматни стапки го поттикнуваат инвестирањето во земјата.
*Точно* *Неточно*

16) Јавната потрошувачка ги опфаќа трошоците за набавка на добра и услуги за јавниот сектор.
*Точно* *Неточно*

17) Протекционизмот во меѓународната размена секогаш резултира со економски раст на долг рок.
*Точно* *Неточно*

18) Мали и отворени економии имаат голем маневарски простор за трговски протекционизам.
*Точно* *Неточно*

19) Слободната трговија подразбира укинување на царините и бариерите за увоз.
*Точно* *Неточно*

21) Во кои случаи расположливиот доход на домаќинствата опаѓа?
- а) при пораст на директните даноци
- б) при пораст на социјалните трансфери
- в) при пораст на приходите од ренти и дивиденди
- г) при зголемување на пресметаната амортизација
- д) при зголемување на паричните дознаки од странство

22) Во кои случаи расте расположливиот доход на домаќинствата?
- а) при намалување на директните даноци
- б) при намалување на социјалните трансфери
- в) при намалување на приходите од ренти и дивиденди
- г) при намалување на пресметаната амортизација
- д) при намалување на паричните дознаки од странство

23) Доколку БДП изнесува 2000 п.е., личната потрошувачка – 1300 п.е, инвестициите – 400 п.е, извозот – 650 п.е., а увозот – 850 п.е., колку изнесува државната потрошувачка во националната економија?
- а) 450
- б) 400
- в) 500
- г) 550

д) 600

24) Која од следниве опции не е детерминанта на личната потрошувачка?
   а) ниво на цени
   б) ниво на агрегатна побарувачка
   в) богатство
   г) каматна стапка
   д) очекувања за цените и доходите

25) Која од следниве опции не е детерминанта на инвестициската потрошувачка?
   а) техничко-технолошки иновации
   б) каматна стапка
   в) богатство
   г) очекувања
   д) ниво на агрегатна побарувачка

26) Инвестицијата за замена на потрошените капитални фондови во литературата се сретнува и под името:
   а) мултипликатор
   б) акцелератор
   в) автоматски стабилизатор
   г) амортизација
   д) апрецијација

27) Инвестициите со кои е реализиран прираст (зголемување) на капиталните фондови во економијата, над постојното ниво, се нарекуваат:
   а) нови инвестиции
   б) странски портфолио инвестиции
   в) амортизација
   г) јавни приходи
   д) дезинвестиции

28) Стапката која ги изедначува сегашната вредност на очекуваните нето ефекти со иницијалниот инвестиционен трошок (односно набавната вредност на проектот) се нарекува:
   а) гранична ефикасност на капиталот
   б) интерна стапка на принос
   в) двата претходно наведени одговора се точни
   г) пазарна каматна стапка
   д) амортизација

29) „Доколку пазарната каматна стапка остане 5 %, тогаш оние 105 илјади евра кои очекувате да ги заработите следната година се еквивалентни на 100 илјади евра денес", вели еден инвестиционен советник. Постапката која тој ја користи за сведување на идните вредности на сегашна вредност се нарекува:
   а) дисконтирање
   б) кредитна мултипликација
   в) забрзана амортизација
   г) мултипликација
   д) акцелерација

30) Пресметајте колку парични единици изнесува личната потрошувачка, доколку БДП (Y)=1000, I=300, G=200, X=300 и M=400.
   а) 300
   б) 200
   в) 400
   г) 500
   д) 600

31) Ако едно домаќинство заштедува 200 денари од секој дополнително остварен доход во износ од 1.000 денари, тогаш неговата маргинална склоност кон потрошувачка изнесува:
   а) 0,4
   б) 0,2
   в) 0,6
   г) 0,8
   д) 1

32) Ако едно домаќинство потроши 700 денари од секој дополнително остварен доход во износ од 1.000 денари, тогаш неговата маргинална склоност кон штедење изнесува:
   а) 0,2
   б) 0,1
   в) 0,3
   г) 0,7
   д) 1

33) Разликата меѓу бруто инвестициите и фактички потрошената амортизација е еднаква на:
   а) странските портфолио инвестиции
   б) странските директни инвестиции
   в) новите инвестиции
   г) нето инвестициите
   д) дезинвестирање

34) Разликата меѓу бруто инвестициите и издвоената амортизација е еднаква на:
   а) странските портфолио инвестиции
   б) странските директни инвестиции
   в) новите инвестиции
   г) нето инвестициите
   д) дезинвестирањето

35) Доколку хрватските граѓани ја зголемат личната потрошувачка поттикнати од вртоглавиот растеж на цените на недвижностите, тогаш кој фактор ги охрабрил нивните потрошувачки одлуки?
   а) општото ниво на цените
   б) екстерните ефекти
   в) каматната стапка
   г) оданочувањето
   д) богатството

36) Перцепцијата на економските субјекти дека единствено се битни номиналните големини се нарекува:

а) реален crowding-out
б) финансиски crowding-out
в) дисконтирање
г) парична илузија
д) акцелерација

37) Колку изнесува граничната склоност кон штедење доколку потрошувачката се зголеми за 600 п.е. при пораст на доходот од 1000 п.е.?
а) 0,4
б) 0,2
в) 0,6
г) 0,8
д) не може да се утврди во дадениот пример

38) Доколку некое лице добие неочекувано наследство во износ од милион долари, каков ефект ќе има врз кривата на потрошувачката функција?
а) движење надолу по должина на кривата на потрошувачка
б) движење нагоре по должина на кривата на потрошувачка
в) кривата на потрошувачка ќе се помести нагоре
г) кривата на потрошувачка ќе се помести надолу
д) оваа акција нема никакво влијание врз кривата на потрошувачката

39) Која од следниве опции не претставува детерминанта на личната потрошувачка?
а) богатството
б) нивото на цени
в) демонстрациониот ефект
г) каматната стапка
д) техничко-технолошките иновации

40) Која од следниве опции не претставува детерминанта на инвестициската потрошувачка?
а) нивото на агрегатната побарувачка
б) оданочувањето
в) каматната стапка
г) богатството
д) техничко-технолошките иновации

41) Дисконтната стапка која ја изедначува сегашната вредност на очекуваните идни нето ефекти со набавната вредност на инвестициониот проект се нарекува:
а) пазарна каматна стапка
б) интерна стапка на принос
в) профитна стапка
г) стапка на инвестирање
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

42) Дезинвестирање е процес на оптимизација кога:
а) Маргиналната ефикасност на капиталот е пониска од пазарната каматна стапка.
б) Маргиналната ефикасност на капиталот е повисока од пазарната каматна стапка.
в) Маргиналната ефикасност на капиталот е еднаква на пазарната каматна стапка.
г) Интерната стапка на принос е еднаква на пазарната каматна стапка.
д) Интерната стапка на принос е поголема од пазарната каматна стапка.

43) Промените во реалниот расположлив доход на економските субјекти директно предизвикуваат:
   а) поместување на потрошувачката функција нагоре
   б) поместување на потрошувачката функција надолу
   в) движење по должина на кривата на потрошувачката функција
   г) промена во државната потрошувачка
   д) процес на дезинвестирање

44) Ако некое домаќинство кое остварува дополнително количество на доход од 19 000 долари решава да заштеди 5 500 долари, пресметајте колку изнесува неговата маргинална склоност кон потрошувачка!

45) Дали високата јавна потрошувачка секогаш значи подобра благосостојба за граѓаните? Објаснете го одговорот!

46) Дали зголемениот извоз секогаш е корисен за економијата на една земја? Објаснете го одговорот!

47) Како пристапот до кредити може да влијае на социјалната нееднаквост во националната економија?

48) Дали е оправдано воведувањето протекционистички мерки за заштита на домашните работни места?

49) Какви последици има корупцијата врз правната држава, бизнис-климата и инвестициите?

50) Кои се позитивните и негативните страни на концептот „држење чекор со Џонсови‟ (to keep up with the Joneses) во контекст на личната потрошувачка?

51) Врз основа на следниот графикон, објаснете како очекуваниот доход влијае на потрошувачката. За која хипотеза станува збор?




52) На следниот стрип, прочуениот карикатурист Дарко Марковиќ (Дар Мар), инспириран од брзиот пораст на цените, на сликовит начин ја доловува разликата меѓу:
а) потенцијалниот и актуелниот БДП
б) номиналната плата и реалната плата
в) потрошувачката и инвестициите
г) нето и бруто платата




Кредит: Дар Мар (2007).

53) Што претставува инвестицијата во стриктна, економска смисла?
а) купување на неколку акции за краткорочна добивка
б) потрошувачка за тековно задоволување на потребите
в) насочување на капитал во проекти кои создаваат идни приходи
г) плаќање даноци кон државата

54) Кој е основниот мотив за инвестирање на приватниот сектор?
а) намалување на конкуренцијата
б) придонес кон БДП
в) остварување на профит
г) избегнување на даночни обврски

55) Зошто владеењето на правото е важно за инвестициите?
а) го регулира девизниот курс
б) обезбедува предвидлива, стабилна и рамноправна бизнис-средина
в) ја намалува продуктивноста на трудот
г) го зголемува нивото на јавниот долг

# ПОГЛАВЈЕ IV

# НЕВРАБОТЕНОСТ

*Што точно претставува невработеноста и како се пресметува? Од овој дел ќе научите дека постојат различни видови невработеност, како доброволна и присилна, и зошто секоја има различно значење за економијата. Ќе дознаете и зошто во земјата ќе има мал број невработени лица, дури и кога економијата работи добро. Стекнатото знаење ќе ви помогне подобро да разберете зошто невработеноста се смета и за економски и за социјален проблем.*

1) Невработеноста постои само во економиите во развој.

*Точно* *Неточно*

2) Работната сила се состои од сите лица на возраст од 15 до 79 години.

*Точно* *Неточно*

3) Стапката на невработеност се пресметува како соодност меѓу бројот на невработените и вкупното население на земјата.

*Точно* *Неточно*

4) Доброволната невработеност постои кога индивидуите самостојно одбираат да не прифатат работа.

*Точно* *Неточно*

5) Присилната невработеност се јавува кога нема доволно соодветни работни места.

*Точно* *Неточно*

6) Анкетата на работната сила е најчесто користениот метод за мерење на невработеноста.

*Точно* *Неточно*

7) Минималната плата може да придонесе за зголемување на невработеноста во земјата.

*Точно* *Неточно*

8) Синдикалното делување може да влијае врз зголемување на платите над рамнотежното ниво.

*Точно* *Неточно*

9) Платите за ефикасност служат да се поттикне продуктивноста на вработените и се пониски од рамнотежната плата.

*Точно* *Неточно*

10) Кејнзијанската невработеност е поврзана со фазите на економскиот циклус.

*Точно* *Неточно*

11) Фрикционата невработеност е многу штетен и целосно непосакуван облик на невработеност.

*Точно* *Неточно*

12) Структурната невработеност е последица на несоодветни квалификации на работната сила.

*Точно* *Неточно*

13) Сезонската невработеност е дел од природната стапка на невработеност.

*Точно* *Неточно*

14) Долготрајната невработеност ја зголемува социјалната стабилност.

*Точно* *Неточно*

15) Во одредени случаи, невработеноста може да има и алокативни користи.

*Точно* *Неточно*

16) Според класичните економисти, за нефлексибилноста на наемнините надолу се виновни:
   а) владиниот и невладиниот сектор
   б) ниските трошоци на работната сила во странство
   в) синдикатите и државната интервенција во делот на пропишување на минимална наемнина
   г) ниските царини
   д) сите претходно наведени одговори се точни

17) Присилна невработеност се јавува поради фактот дека:
   а) платите на работниците се флексибилни
   б) платите на работниците се нефлексибилни нагоре
   в) платите на работниците се нефлексибилни надолу
   г) луѓето избираат да продолжат да бараат работа, која според нив би била подобра
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

18) Порастот на бројот на невработените, кој се должи на намалената побарувачката за работна сила во фазата на рецесија, условува зголемување на:
   а) структурната невработеност

б) кејнзијанската невработеност
в) фрикционата невработеност
г) доброволната невработеност
д) сезонската невработеност

19) Невработеноста која може да биде условена од отсуството на соодветни и благовремени информации за слободните работни места, се нарекува:
а) структурна невработеност
б) циклична невработеност
в) сезонска невработеност
г) доброволна невработеност.
д) фрикциона невработеност

20) Невработеноста која е условена од несовпаѓањето на понудата и побарувачката за одделни занимања и професии, се нарекува:
а) циклична невработеност
б) фрикциона невработеност
в) структурна невработеност
г) доброволна невработеност
д) нерамнотежна невработеност

21) Кој од следниве типови не е дел од рамнотежната невработеност?
а) сезонска невработеност
б) фрикциона невработеност
в) структурна невработеност
г) циклична невработеност
д) ниту еден од наведените одговори не е точен

22) Која од следниве опции не нуди објаснување на нерамнотежната невработеност?
а) монополската моќ на синдикатите
б) законското утврдување на минимална наемнина
в) неусогласеноста на понудата и побарувачката на работна сила за одделни занимања
г) исплатата на плати за ефикасност
д) опаѓањето на побарувачката за работна сила во услови на рецесија

23) Колку изнесува стапката на невработеност во Дембелија, каде што бројот на вработени лица е 1 милион жители, а вкупната работна сила изнесува 5 милиони жители?
а) 50 %
б) 40 %
в) 60 %
г) 70 %
д) 80 %

24) Кои лица се сметаат за невработени?
а) лицата кои се способни да работат, но не сакаат да работат
б) лицата кои се способни да работат, сакаат да работат и активно бараат вработување, но не можат да најдат
в) лицата кои се способни да работат, но активно не бараат вработување
г) лицата кои не се способни да работат, а сакаат да работат, но не можат да најдат вработување

д) лицата кои сакаат да работат и активно бараат вработување, без оглед на возраста

25) Рамнотежната невработеност е детерминирана од:
   а) структурната невработеност
   б) фрикционата невработеност
   в) сезонската невработеност
   г) сите претходно наведени одговори се точни
   д) цикличната невработеност

26) Населението кое е на возраст над 15 години се смета за:
   а) работна сила
   б) работноспособно население
   в) категорија на вработени лица
   г) категорија на невработени лица
   д) неработоспособно население

27) Користите од невработеноста може да бидат:
   а) пазарно определени и интервенционистички
   б) инсајдерски и аутсајдерски
   в) алокативни и дисциплинирачки
   г) монетарни и фискални
   д) апсолутни и компаративни

28) Ако работоспособното население го сочинуваат 1 500 лица, бројот на вработени изнесува 800, а бројот на невработени е 200, тогаш колку изнесува стапката на невработеност?
   а) 0,2
   б) 0,1
   в) 0,25
   г) 0,4
   д) 0,6

29) Законското утврдување на минималната наемнина е детерминанта на:
   а) кејнзијанската невработеност
   б) рамнотежната невработеност
   в) фрикционата невработеност
   г) структурната невработеност
   д) класичната невработеност

30) Рамнотежната невработеност ја сочинуваат:
   а) структурната невработеност
   б) фрикционата невработеност
   в) класичната невработеност
   г) точни се одговорите а) и б)
   д) точни се одговорите а), б) и в)

31) Мерките кои се состојат од преквалификација или дообучување на невработените, најчесто се употребуваат кога во економијата постои:
   а) фрикциона невработеност
   б) структурна невработеност
   в) сезонска невработеност

г) невработеност поради плати за ефикасност
д) кејнзијанска невработеност

32) Подобрувањето на информираноста кај невработените и работодавците најчесто се употребува како мерка за намалување на невработеноста при постоење на:
а) сезонска невработеност
б) кејнзијанска невработеност
в) фрикциона невработеност
г) рамнотежна невработеност
д) структурна невработеност

33) Кој вид на невработеност се намалува доколку дојде до пад на просечната реална наемнина?
а) сезонската невработеност
б) структурната невработеност
в) фрикционата невработеност
г) рамнотежната невработеност
д) нерамнотежната невработеност

34) Видот на невработеност кој е предизвикан од промените на економскиот циклус се нарекува:
а) кејнзијанска невработеност
б) фрикциона невработеност
в) структурна невработеност
г) сезонска невработеност
д) доброволна невработеност

35) Колкава би била стапката на невработеност во земјата, доколку бројот на невработените лица изнесува 3 милиони, а вработени се 7 милиони лица?
а) 20 %
б) 30 %
в) 50 %
г) 70 %
д) 90 %

36) Бројот на вработените лица во државата Дембелија изнесува 2 400 лица, додека невработените се во поголем број и нивниот број изнесува 8 700 лица. Пресметајте ја стапката на невработеност во оваа земја!

37) На следниот графикон е прикажана стапката на невработеност на квартално ниво од првиот квартал во 2017 година до првиот квартал во 2025 година.
а) На што би можел да се должи трендот на континуирано намалување на невработеноста? б) Според вас, кој е посилен канал (механизам) на намалување на невработеноста: емиграцијата на населението или отворањето нови работни места во јавниот и приватниот сектор?
в) Дали постојат и други фактори кои влијаат на намалувањето на невработеноста?




Извор: Државен завод за статистика (јули 2025 год.).

37) Дали е оправдано државата да ја регулира минималната плата, иако тоа може да влијае на невработеноста?

38) Која улога би можеле да имаат синдикатите во справувањето со високата невработеност?

39) Како правната несигурност и корупцијата може да ја зголемат невработеноста?

40) Дали високата невработеност може да се оправда со цел да се одржат социјалните права на работниците?

41) Како медиумите треба да известуваат за невработеноста за да не предизвикуваат паника, но и да ја информираат јавноста?

42) Кои се добрите и лошите страни на интервенционистичкиот пристап за намалување на структурната невработеност?

43) Дали економски раст секогаш значи намалување на невработеноста? Објаснете!

44) Кои мерки би ги препорачале за мотивирање на демотивираните работници повторно да се вклучат на пазарот на трудот?

45) Како политичката нестабилност и изборните циклуси влијаат врз невработеноста?

46) Кој пристап за намалување на невработеноста би го препорачале – пазарно ориентираниот или интервенционистичкиот пристап?

# ПОГЛАВЈЕ V

# ПАРИ И БАНКИ

*Парите се дел од нашето секојдневие, но што, всушност, се тие и како функционираат? Од ова поглавје ќе научите како се појавиле парите и какви видови пари се користеле низ времето. Ќе дознаете и зошто имаме доверба во хартиените и електронските пари кои сами по себе немаат материјална вредност. Ќе разберете и како банките ги создаваат парите и како функционира банкарскиот систем. Ќе се запознаете со важноста на ликвидноста и стабилноста на банките за целата економија. Ова знаење ќе ви помогне да ги разберете вестите за финансиски кризи и каматни стапки.*

1) Парите се историска појава.

   *Точно* *Неточно*

2) Со воведување на парите се надминува проблемот на „двојна коинциденција на желбите".

   *Точно* *Неточно*

3) Парите изработени од благородни метали долг период биле користени како пари поради нивните природни својства.

   *Точно* *Неточно*

4) Материјалната вредност на книжните пари е повисока од нивната номинална вредност.

   *Точно* *Неточно*

5) Вредноста на книжните пари зависи од нивната куповна моќ.

   *Точно* *Неточно*

6) Единствената функција на парите е да служат како средство за размена.

   *Точно* *Неточно*

7) Монетарната понуда не зависи од одлуките на Централната банка.

   *Точно* *Неточно*

8) M0 е најшироко дефинираниот монетарен агрегат.

   *Точно* *Неточно*

9) Поголемата стапка на задолжителна резерва води кон поголема понуда на пари.

*Точно* *Неточно*

10) Класичната квантитативна теорија објаснува дека цените зависат единствено од количеството пари во оптек.

*Точно* *Неточно*

11) Според Кејнз, економските субјекти побаруваат пари поради ликвидност.

*Точно* *Неточно*

12) Банкарската добивка произлегува од разликата меѓу активната и пасивната каматна стапка.

*Точно* *Неточно*

13) Банкарството е една од најрегулираните дејности поради неговото влијание врз економијата.

*Точно* *Неточно*

14) Принципот на ликвидност значи дека банката во секој момент може да ги исполни своите обврски.

*Точно* *Неточно*

15) Банките треба да одобруваат што повеќе ризични кредити за да го почитуваат принципот на пруденстност.

*Точно* *Неточно*

16) Не постои меѓународна регулатива за уредување на работата на банките.

*Точно* *Неточно*

17) Банкарскиот систем ги пренесува заштедите помеѓу субјектите со финансиски суфицит кон оние со финансиски дефицит.

*Точно* *Неточно*

18) Кредитната мултипликација значи дека банките можат да создадат повеќе пари од иницијалниот депозит.

*Точно* *Неточно*

19) Која од следниве опции не претставува основна функција на парите?
   а) парите како мера на вредноста
   б) парите како разменско средство
   в) парите како платежно средство

г) парите како средство за зачувување на вредноста
д) парите како средство за динамичен развој на стоковното производство

20) Зошто денешните пари се нарекуваат „фиат пари"?
а) Бидејќи за првпат се пронајдени во фабрика на италијанскиот автомобилски производител „Фиат" (Fiat Automobiles S.p.A.).
б) Бидејќи имаат вредност поради довербата во државата, а не поради физичката вредност.
в) Затоа што не се во дигитален облик.
г) Затоа што се користат само за увоз и извоз на добра и услуги.

21) Парите настанале во оној момент кога:
а) Употребната вредност на доброто станала поважна од неговата разменска вредност.
б) Разменската вредност на доброто станала поважна од неговата употребна вредност.
в) Материјалната вредност станала поголема од номиналната вредност.
г) Функционалната вредност станала поголема од номиналната вредност.
д) Ниту еден од претходно наведените одговори не е точен.

22) Кај книжните пари:
а) Номиналната вредност е поголема од материјалната вредност.
б) Номиналната вредност е еднаква на материјалната вредност.
в) Номиналната вредност е помала од материјалната вредност.
г) Номиналната вредност е еднаква на нула.
д) Материјалната вредност е еднаква на нула.

23) Вредноста на домашната парична единица опаѓа во услови на:
а) инфлација и девалвација
б) инфлација и ревалвација
в) дефлација и ревалвација
г) дефлација и девалвација
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

24) Монетарниот агрегат (М1) го сочинуваат:
а) ограничените и немонетарните депозити
б) готовите пари во оптек и квазидепозитите
в) готовите пари во оптек и депозитните пари
г) готовите пари во оптек и немонетарните депозити
д) готовите пари во оптек и ограничените депозити

25) Во услови на дефлација:
а) опаѓа домашната вредност на парите
б) расте домашната вредност на парите
в) расте интервалутната вредност на парите
г) опаѓа интервалутната вредност на парите
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

26) Ако иницијалниот депозит во банката изнесува 10.000 денари, а стапката на задолжителни резерви е 20 %, тогаш вкупно креираните пари од страна на комерцијалните банки може да изнесуваат најмногу:
а) 10.000 денари

б) 2.000 денари
в) 50.000 денари
г) 100.000 денари
д) 200.000 денари

27) Кој од следниве принципи е небитен (ирелевантен) во работењето на комерцијалните банки?
а) принцип на ликвидност
б) принцип на профитабилност
в) принцип на солвентност
г) принцип на монетарна трансмисија
д) принцип на прудентност

28) Кога банката се јавува како посредник и работи во име и за сметка на клиентите, тогаш станува збор за:
а) пасивни банкарски операции
б) активни банкарски операции
в) неутрални банкарски операции
г) сомнителни банкарски операции
д) сопствени банкарски операции

29) Раководени од желбата да го максимизираат профитот, банките купуваат хартии од вредност за свои потреби со што извршуваат:
а) пасивни банкарски операции
б) активни банкарски операции
в) неутрални банкарски операции
г) сомнителни банкарски операции
д) сопствени банкарски операции

30) Начинот на кој промените во понудата на пари предизвикуваат промени кај најзначајните макроекономски варијабли (аутпутот, вработеноста, цените) се нарекува:
а) временско задоцнување
б) монетарен трансмисионен механизам
в) брзина на оптекот на парите
г) оданочување без постоење на соодветна регулатива
д) политика на отворен пазар

31) На сликата е прикажана банкнота издадена во периодот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во чиј состав беше и Социјалистичка Република Македонија. Оваа банкнота денес не би ја прифатиле како средство за плаќање, бидејќи нема:
а) номинална вредност
б) материјална (нумизматичка) вредност
в) функционална вредност
г) надворешна вредност
д) способност за мултипликација




32) На сликата е прикажана банкнота од 1 милијарда динари, издадена од Народната банка на Југославија во 1993 година. Високата номинална вредност упатува дека таа е издадена во период на:
 а) ниска, едноцифрена инфлација
 б) галопирачка инфлација
 в) хиперинфлација
 г) хипоинфлација




33) За да бидете сигурни во точниот одговор на претходното прашање, проверете колку изнесувала годишната стапка на инфлација во Сојузна Република Југославија во 1993 година!

34) Кој е главниот ризик при користење на криптовалутите наместо традиционалните пари?
 а) нема можност за онлајн купување
 б) високи трошоци за печатење
 в) големи промени во вредноста и правна неизвесност
 г) недостиг на физички пари

35) Што означува терминот „безготовинска економија“?
 а) држава без инфлација
 б) економија во која нема платен промет

в) економија каде што сите трансакции се вршат електронски, без употреба на физички пари
г) држава која нема сопствена валута

36) Принципот на солвентност при работењето на банките означува:
а) внимателност во прибирањето на депозити од населението
б) можност на банката во секој момент да одговори на своите тековни обврски
в) способност на банката да ги подмирува тековните и идните обврски и долгови
г) амбиција на банките да остварат повисок профит
д) можност на банките да креираат пари преку процесот на кредитна мултипликација

37) Стапката на задолжителна резерва од 20 % укажува дека вредноста на паричниот мултипликатор може да изнесува најмногу:
а) 4
б) 2
в) 5
г) 10
д) 20

38) Брзината на оптекот на парите претставува:
а) мултипликатор на државните купувања на добра и услуги
б) стапка според која се зголемува индексот на потрошувачки цени
в) индиректен инструмент на монетарната политика
г) директен инструмент на монетарната политика
д) просечен број на купувања со една парична единица во текот на годината

39) Монетарните агрегати М3 и М2 се разликуваат за износот на:
а) ограничените депозити
б) немонетарните депозити
в) готовите пари во оптек
г) депозитните пари
д) квазидепозитите

40) Монетарните агрегати М2 и М1 се разликуваат за износот на:
а) депозитните пари
б) квазидепозитите
в) ограничените депозити
г) немонетарните депозити
д) готовите пари во оптек

41) Способоста банката да ги подмирува тековните и идните обврски се нарекува:
а) принцип на солвентност
б) принцип на ликвидност
в) принцип на профитабилност
г) принцип на прудентност
д) принцип на рентабилност

42) Кога банката се јавува како посредник и работи во име и за сметка на клиентите, тогаш станува збор за:
а) пасивни банкарски операции
б) активни банкарски операции
в) неутрални банкарски операции

г) сопствени банкарски операции
д) сомнителни банкарски операции

43) Зошто велиме дека парите се историска категорија?

44) Дали книжните пари кои немаат покритие во злато се безвредни? Објаснете!

45) Како медиумите можат да влијаат врз довербата на граѓаните во вредноста на парите?

46) Како политичката нестабилност влијае врз вредноста на валутата и довербата во банките?

47) Дали е оправдано законски да се ограничи можноста на банките да издаваат кредити на населението и претпријатијата?

48) Какви социјални последици може да имаат високите каматни стапки врз домаќинствата?

49) Како би ги информирале граѓаните за ризиците од штедење во домашни услови, односно чување заштеди „под перница“?

50) Дали е поважно за банките да бидат ликвидни или профитабилни? Објаснете го вашиот став!

# ПОГЛАВЈЕ VI

# ИНФЛАЦИЈА И МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

*Сите сме слушнале за раст на цените, но што значи тоа за економијата? Ќе научите што е инфлација и како се мери. Интересно е тоа што инфлацијата не секогаш е лоша појава ќе дознаеме во кои услови ова е точно. Ќе се информирате и за различните видови инфлација и причините кои можат да ги предизвикаат. Ќе се запознаете со улогата на централната банка и нејзините инструменти за одржување на ценовна стабилност. Ова ќе ви помогне да ги разберете економските политики што ги чувствуваме преку нашите плати и цени во продавниците.*

1) Инфлација означува состојба во која се зголемуваат цените на поединечни производи.

   *Точно* *Неточно*

2) Инфлацијата значи дека сите цени растат со иста брзина.

   *Точно* *Неточно*

3) Најчеста мерја која се користи за пресметка на стапката на инфлација е индексот на потрошувачки цени.

   *Точно* *Неточно*

4) Дефлација е состојба во која постои намалување на општото ниво на цените.

   *Точно* *Неточно*

5) Постои широк консензус дека ниската инфлација е особено штетна за економијата.

   *Точно* *Неточно*

6) Галопирачката инфлација се јавува кога стапката на инфлацијата достигнува двоцифрени или троцифрени износи.

   *Точно* *Неточно*

7) Хиперинфлацијата ја уништува функцијата на парите како средство за чување вредноста.

   *Точно* *Неточно*

8) Според монетаристите, инфлацијата е предизвикана од преголемо кочичество на пари во оптек.

   *Точно* *Неточно*

9) Според Кејнзијанците, инфлацијата најчесто е предизвикана од побарувачката во реалниот сектор.

   *Точно* *Неточно*

10) Растот на трошоците за производство може да доведе до појава на трошочна инфлација.

    *Точно* *Неточно*

11) Структурната инфлација е резултат на неусогласеноста помеѓу побарувачката и понудата во различни сектори од економијата.

*Точно* *Неточно*

12) Вградената (инерциона) инфлација произлегува од очекувањата на економските субјекти.

*Точно* *Неточно*

13) Инвестициите и заштедите растат во случај на галопирачка инфлација.

*Точно* *Неточно*

14) Високата инфлација може да ја зголеми социјалната нееднаквост.

*Точно* *Неточно*

15) Една од примарните последици на инфлацијата е губење на довербата во парите.

*Точно* *Неточно*

16) Целта на монетарната политика е да одржува ниска и стабилна инфлација.

*Точно* *Неточно*

17) Експанзивната монетарна политика ја намалува понудата на пари.

*Точно* *Неточно*

18) Централните банки вообичаено користат индиректни инструменти за монетарна политика.

*Точно* *Неточно*

19) Која од наведените функции не се вбројува во основните функции на централната банка?
   а) регулирање на општата ликвидност на банкарскиот систем и ликвидноста кон странство
   б) утврдување и спроведување на политиката на девизен курс
   в) утврдување и ракување со девизните резерви на земјата
   г) финансирање на буџетскиот дефицит

20) Вредноста на парите опаѓа во услови на:
   а) инфлација и ревалвација
   б) инфлација и девалвација
   в) дефлација и ревалвација
   г) дефлација и девалвација

21) Што од следното не влегува во видовите инфлација од аспект на висината на стапката?
   а) трошочна инфлација
   б) умерена инфлација
   в) галопирачка инфлација
   г) хиперинфлација

22) Политиката на отворен пазар ѝ овозможува на централната банка:
   а) да пропише процент од депозитите на комерцијалните банки, кој тие се должни да го држат како готовина

б) да ја менува каматната стапка, по која им одобрува кредити на комерцијалните банки
в) да продава и да купува државни обврзници

23) ___________ претпоставува право на централните банки на современите економии да продаваат и да купуваат државни обврзници во зависност од фазата на економскиот циклус.
а) дискреционата монетарна политика
б) надворешнотрговската политика
в) дискреционата фискална политика

24) Што од следното не влегува во видовите инфлација од аспект на висината на стапката?
а) умерена инфлација
б) трошочна инфлација
в) галопирачка инфлација
г) хиперинфлација
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

25) Кога во економијата постои трошочна инфлација, при ceteris paribus:
а) производството и општото ниво на цените се намалуваат
б) производството и општото ниво на цените растат
в) производството расте, а општото ниво на цените опаѓа
г) производството опаѓа, а општото ниво на цените расте
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

26) Кои се основните видови на инфлација од аспект на причините што ја условуваат?
а) инфлација на страната на побарувачката, галопирачка инфлација и хиперинфлација
б) умерена и галопирачка инфлација и хиперинфлација
в) вградена инфлација, инфлација на страната на побарувачката, трошочна инфлација и структурна инфлација
г) умерена и галопирачка инфлација и трошочна инфлација
д) вградена инфлација, умерена инфлација, галопирачка инфлација и структурна инфлација

27) Општото ниво на цените се мери преку:
а) индекс на цени на инвестициони добра
б) индекс на потрошувачки цени
в) индекс на цени на големо
г) берзански индекс
д) електронски индекс

28) Кои се видовите на инфлација од аспект на висината на стапката?
а) хиперинфлација, стагфлација и галопирачка инфлација
б) галопирачка инфлација, хиперинфлација, стагфлација и структурна инфлација
в) умерена и галопирачка инфлација, хиперинфлација и стагфлација
г) умерена и галопирачка инфлација и хиперинфлација
д) инфлација на страната на побарувачката, структурна инфлација, трошочна и вградена инфлација

29) Трошочна инфлација може да настане како резултат на:

а) зголеменето количество на пари во оптек
б) порастот на приватната потрошувачка
в) порастот на цените на суровините и другите инпути
г) неусогласеноста меѓу понудата и побарувачката во одделни сектори на економијата
д) сите претходно наведени одговори се точни

30) Политиката на отворен пазар ѝ овозможува на централната банка:
а) Да продава и да купува државни обврзници.
б) Да пропише процент од депозитите на комерцијалните банки, кој тие се должни да го држат како готовина.
в) Да ја менува каматната стапка, по која им одобрува кредити на комерцијалните банки.
г) Да го менува девизниот курс.
д) Да ги зајакне нецаринските бариери во трговијата.

31) Во услови на неочекувана инфлација, прераспределба на доходот и богатството се врши:
а) од вработените во јавниот кон вработените во приватниот сектор
б) од даночните обврзници кон буџетот
в) од општествените групи со послаба кон оние со поголема преговарачка моќ
г) од слабо организираните кон синдикално моќните работници
д) сите претходно наведени одговори се точни

32) Кога централната банка води рестриктивна монетарна политика, тогаш таа може:
а) да продава државни обврзници
б) да ја зголеми задолжителната резерва
в) да ја зголеми дисконтната стапка
г) да ги користи сите претходно наведени опции
д) да се воздржи од употреба на индиректните инструменти

33) Инфлацијата, која би настанала како резултат на неповолното влијание на зголемената цена на нафтата и цената на работната сила, се нарекува:
а) хиперинфлација
б) вградена инфлација
в) инфлација на страната на побарувачката
г) галопирачка инфлација
д) трошочна инфлација

34) ___________ претставува можност на централните банки на современите економии да продаваат и да купуваат државни обврзници во зависност од фазата на економскиот циклус.
а) политиката на отворениот пазар
б) политиката на задолжителни резерви
в) политиката на дисконтна стапка
г) политиката на автоматски фискални стабилизатори
д) надворешнотрговската политика

35) Стапката на задолжителна резерва е инструмент на:
а) фискалната политика
б) монетарната политика
в) надворешнотрговската политика

г) политиката на доход
д) политиката на отворениот пазар

36) Кој од наведените ефекти е резултат на спроведувањето на рестриктивна монетарна политика, при ceteris paribus?
а) намалување на општото ниво на цените
б) брз пораст на агрегатната побарувачка
в) зголемување на количеството на пари во оптек
г) пораст на понудата на кредити и намалување на каматните стапки
д) зголемување на фактичкиот БДП над потенцијалниот БДП

37) Во групата директни инструменти на монетарната политика се вбројува(ат):
а) операциите на отворен пазар
б) политиката на задолжителна резерва
в) контролата на каматните стапки
г) политиката на дисконтна стапка
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

38) Во групата индиректни инструменти на монетарната политика се вбројува:
а) дисконтната политика
б) контролата на каматните стапки
в) плафонирањето (лимитирањето) на кредитите
г) доделувањето на селективни кредити
д) сите претходно наведени одговори се точни

39) Што од следното не е последица на високата инфлација?
а) дисторзија (искривување) на релативните цени
б) опаѓање на куповната моќ на парите
в) оданочување без постоење на соодветна регулатива
г) стимулирање на штедењето
д) трошоци сврзани со честото зголемување на цените (т.н. мени трошоци)

40) Инфлацијата доведува до неоправдана прераспределба на доходот, која се одвива:
а) од буџетот кон даночните обврзници
б) од должниците кон доверителите
в) од вработените во јавниот кон вработените во приватниот сектор
г) од државата кон домаќинствата
д) сите претходни одговори се точни

41) Во услови на рецесија, монетарната политика врши:
а) намалување на даноците
б) зголемување на дисконтната стапка
в) продавање на хартии од вредност
г) намалување на стапката на задолжителна резерва
д) плафонирање на кредитите

42) Трошочната инфлација настанува поради:
а) намалување на даноците
б) зголемување на цените на суровините
в) зголемување на агрегатната побарувачка
г) намалување на наемнините
д) намалување на цените на увозните добра

43) При постоење на инфлација на трошоците:
   а) кривата на агрегатната побарувачка се поместува надолу и лево
   б) кривата на агрегатната побарувачка се поместува нагоре и десно
   в) кривата на агрегатната понуда е нефлексибилна
   г) кривата на агрегатната понуда се поместува нагоре и лево
   д) кривата на агрегатната понуда се поместува надолу и десно

44) Во услови на висока инфлација, монетарната политика врши:
   а) зголемување на дисконтната стапка
   б) купување на хартии од вредност
   в) зголемување на даноците
   г) точни се одговорите а) и б)
   д) точни се одговорите а), б) и в)

45) Дали е можно економијата да има ниска инфлација, но сепак граѓаните да се чувствуваат посиромашни? Објаснете!

46) Дали високата инфлација секогаш е резултат на погрешна монетарна политика?

47) Какви правни последици има високата инфлација врз договорите со фиксен номинален износ (на пример, рата од станбен кредит)?

48) Дали инфлацијата секогаш е непосакувана состојба? Постојат ли позитивни аспекти на инфлацијата? Во кои услови?

49) Како инфлацијата влијае врз односот помеѓу доверителите и должниците?

50) Кои би биле комуникациските предизвици за медиумите при информирање за зголемена инфлација?

51) Дали е поправедно да се користат директни или индиректни инструменти на монетарната политика за контрола на инфлација?

52) Како би ја објасниле разликата помеѓу „инфлацијата расте" и „цените растат" на јазик разбирлив за јавноста?

# ПОГЛАВЈЕ VII

# ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА

*Зошто се плаќаат даноци? Во ова поглавје ќе видите како владата собира пари преку даноци и ги троши преку буџетот. Ќе научите како преку фискалната политика може да се влијае врз економската активност и да се ублажат доходните разлики меѓу луѓето. Ќе дознаете што претставува буџетскиот дефицит, како се финансира и кога може да биде корисен или штетен. Стекнатотото знаење ќе ви користи да ја разберете поврзаноста меѓу фискалната политика и нашиот стандард.*

1) Фискалната политика се спроведува исклучиво преку користење на монетарни инструменти.
   *Точно* *Неточно*

2) Буџетот е основниот инструмент на фискалната политика.
   *Точно* *Неточно*

3) Буџетот се усвојува како закон.
   *Точно* *Неточно*

4) Фискалната политика нема влијание врз агрегатната побарувачка.
   *Точно* *Неточно*

5) Буџетскиот дефицит се јавува кога буџетските приходи ги надминуваат буџетските расходи.
   *Точно* *Неточно*

6) Прогресивното оданочување значи дека при оданочувањето на богатите се користат повисоки даночни стапки споредено со даночните стапки кои се користат при оданочувањето на сиромашните лица.
   *Точно* *Неточно*

7) Ребалансот на буџетот се врши по завршувањето на буџетската година.
   *Точно* *Неточно*

8) Еден од буџетските принципи е принципот на транспарентност.
   *Точно* *Неточно*

9) Фискалната политика која претпоставува измена на постојните даночни решенија или воведување нови даноци се нарекува автоматски стабилизатор.
   *Точно* *Неточно*

10) Дискреционата фискална политика, без исклучок, доведува до зголемување на буџетскиот дефицит.
*Точно* *Неточно*

11) Експанзивната фискална политика го стимулира производството на компаниите.
*Точно* *Неточно*

12) Рестриктивната фискална политика ја зголемува агрегатната побарувачка.
*Точно* *Неточно*

13) Алокативната цел на фискалната политика се однесува на подобрување на распределбата на доходот и намалување на нееднаквоста.
*Точно* *Неточно*

14) Постоењето на временски задоцнувања доведува до намалување на ефикасноста на фискалната политика.
*Точно* *Неточно*

15) Еден од начините за финансирање на јавниот долг вклучува продажба на државен имот.
*Точно* *Неточно*

16) Ако владата не ги променила даночните стапки, а во услови на експанзија успеала во маса да зафати повеќе средства од граѓаните и фирмите, тогаш станува збор за:
а) дискрециона фискална политика
б) автоматски стабилизатори
в) акцелератор

17) Рестриктивната фискална политика се спроведува преку:
а) намалување на даноците
б) намалување на државната потрошувачка
в) комбинација од двете претходни мерки

18) Која од следниве опции не претставува ограничување на автоматските фискални стабилизатори?
а) Имаат ограничена ефикасност кога се работи за силни (тектонски) промени на економската активност.
б) Надоместокот за невработеност не е еднаков на реалната загуба на платата при невработеност.
в) Во услови на стабилна економија, ја забавуваат стапката на економски растеж на долг рок.
г) Не дејствуваат благовремено, поради бавноста во придвижувањето на законодавната машина
д) Не можат да ја запрат или свртат насоката на нарушувањето во економијата.

19) Која од следниве опции не е дел од вкупното временско задоцнување на мерките на дискреционата фискална политика?
а) задоцнување заради толкување на тековната состојба
б) задоцнување заради прибирање податоци
в) задоцнување поврзано со монетизацијата на буџетскиот дефицит
г) задоцнување поврзано со завршување на законските процедури
д) задоцнување поврзано со влијанието на мерките врз економските движења

20) Дефицитот што би се остварил при постојните мерки на фискалната политика, доколку економијата би функционирала на ниво на целосна вработеност, се нарекува:
   а) структурен буџетски дефицит
   б) актуелен буџетски дефицит
   в) цикличен буџетски дефицит
   г) тековен буџетски дефицит
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

21) Дефицитот, кој е создаден од дејствувањето на автоматските фискални стабилизатори, како одговор на економските флуктуации, се нарекува:
   а) структурен буџетски дефицит
   б) актуелен буџетски дефицит
   в) цикличен буџетски дефицит
   г) тековен буџетски дефицит
   д) сите претходно наведени одговори се точни

22) Цикличните буџетски дефицити настануваат кога:
   а) Јавните расходи ги надминуваат јавните приходи како последица на дејството на автоматските стабилизатори.
   б) Јавните расходи ги надминуваат јавните приходи како последица на дискреционата фискална политика.
   в) Јавните приходи ги надминуваат јавните расходи како последица на дискреционата фискална политика.
   г) Јавните приходи ги надминуваат јавните расходи како последица на автоматските стабилизатори.
   д) Ниту еден од претходно наведените одговори не е точен.

23) Владата гради нова хидроенергетска централа, која ја финансира преку емисија на јавен долг. Ако тоа генерира силни мултипликативни ефекти врз инвестициите на приватниот сектор, тогаш станува збор за:
   а) crowding-out ефект
   б) crowding-in ефект
   в) парична илузија
   г) монетизација на дефицитот
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

24) Ако владата не ги променила даночните стапки, а во услови на експанзија успеала во маса да зафати повеќе средства од граѓаните и фирмите, тогаш велиме дека дејствува(ат):
   а) автоматските фискални стабилизатори
   б) дискреционата фискална политика
   в) принципот на акцелератор
   г) принципот на мултипликатор
   д) crowding-out ефектот

25) Која од следните мерки не е дел од препораките на економиката на понудата?
   а) намалување на даноците на доход по основ на штедење (на пр., намалување на данокот на приходите од камати)
   б) намалување на граничните стапки на данокот на персонален доход
   в) намалување на данокот на добивка

г) воведување на силно изразен систем на прогресивно оданочување
д) обезбедување на даночен кредит за истражување и развој.

26) Доколку зголемената јавна потрошувачка е финансирана преку задолжување на државата кај приватниот сектор и поради тоа се зголемат каматните стапки, тогаш станува збор за:
а) финансиски crowding-out ефект
б) реален crowding-out ефект
в) crowding-in ефект
г) ефект на доход
д) ефект на супституција

27) Ако зголемената јавна потрошувачка е проследена со еднакво намалување на приватната потрошувачка, тогаш станува збор за:
а) финансиски crowding-out ефект
б) реален crowding-out ефект
в) crowding-in ефект
г) ефект на доход
д) ефект на супституција

28) Доколку во услови на длабока рецесија, финансирањето на буџетскиот дефицит предизвика зголемување на приватните инвестиции и БДП, тогаш се работи за:
а) финансиски crowding-out ефект
б) реален crowding-out ефект
в) crowding-in ефект
г) ефект на доход
д) ефект на супституција

29) Експанзивната фискална политика се реализира преку:
а) намалување на стапката на задолжителна резерва
б) намалување на државната потрошувачка
в) намалување на дисконтната стапка
г) намалување на даноците
д) сите претходно наведени одговори се точни

30) Зголемувањето или намалувањето на даноците е мерка во доменот на:
а) фискалната политика
б) монетарната политика
в) надворешнотрговската политика
г) политиката на отворен пазар
д) политиката на цени

31) Можноста на владите на современите економии да предлагаат и да применуваат промени во јавните давачки и програмите на јавната потрошувачка во зависност од фазата на економскиот циклус, се нарекува:
а) политика на автоматски стабилизатори
б) дискрециона фискална политика
в) монетарна политика
г) политика на отворен пазар
д) надворешнотрговска политика

32) Која мерка на фискалната политика треба да се примени доколку економијата се наоѓа во фаза на прекумерна експанзија?
   а) намалување на државната потрошувачка
   б) намалување на даноците
   в) еднакво (врамнотежено) зголемување на даноците и расходите
   г) намалување на стапката на задолжителна резерва
   д) продажба на државни хартии од вредност преку операциите на отворен пазар

33) Која мерка на фискалната политика треба да се примени доколку економијата се наоѓа во фаза на рецесија?
   а) намалување на трансферните програми
   б) намалување на даноците
   в) намалување на буџетските трошоци
   г) еднакво (врамнотежено) намалување на даноците и расходите
   д) купување на државни хартии од вредност преку операциите на отворен пазар

34) Намалувањето на приватните инвестиции поради зголемувањето на каматните стапки се нарекува:
   а) финансиски crowding-out ефект
   б) crowding-in ефект
   в) реален crowding-out ефект
   г) ефект на богатството
   д) ефект на каматната стапка

35) Експанзивната фискална политика не вклучува:
   а) зголемување на јавните расходи за инвестиции
   б) зголемување на јавните расходи за потрошни добра
   в) намалување на даночниот товар
   г) намалување на социјалните трансфери
   д) комбинација од сите претходно наведени мерки

36) Рестриктивната фискална политика не вклучува:
   а) зголемување на јавните работи
   б) намалување на јавните расходи за потрошни добра
   в) зголемување на даночниот товар
   г) намалување на социјалните трансфери
   д) комбинација од сите претходно наведени мерки

37) Рестриктивната фискална политика влијае на јавните приходи и расходи на тој начин што:
   а) ги зголемува јавните приходи и ги зголемува јавните расходи
   б) ги намалува јавните приходи и ги зголемува јавните расходи
   в) ги зголемува јавните приходи и ги намалува јавните расходи
   г) ги намалува и јавните приходи и јавните расходи
   д) ниту еден од горенаведените одговори не е точен

38) Дали државата треба да води политика на постојан буџетски суфицит? Објаснете ги предностите и недостатоците на овој модел на економска политика!

39) Како се одразува изборот на прогресивно или пропорционално оданочување врз социјалната правда?

40) Објаснете ја поврзаноста меѓу фискалното оптоварување и мотивираноста на приватните инвеститори!

41) Какви се правните и политичките импликации ако буџетот не се усвои навреме?

42) Каков е вашиот став во однос на прашањето дали автоматските стабилизатори се доволни за стабилизација на економијата во криза?

43) При креирањето на буџетот за наредна година, дали треба да се даде предност на трошењата за социјална заштита или, пак, треба да се приоретизираат капиталните инвестиции?

44) Кои се потенцијалните правни и политички ризици од задолжувањето на меѓународните пазари?

45) Како медиумите можат да помогнат граѓаните подобро да ја разберат фискалната политика?

46) Дали алокативната цел на фискалната политика треба да има приоритет пред стабилизационата цел? Објаснете го одговорот!

47) Кој модел на данок (прогресивен или пропорционален) би го препорачале во Македонија?

# ПОГЛАВЈЕ VIII

# ЕКОНОМСКИ РАСТЕЖ

*Порастот на економијата е општо посакувана цел, но како да стигнеме до нея? Од ова поглавје ќе научите кои фактори го движат растежот и зошто тој понекогаш има и негативни последици ако не е одржлив. Ќе се запознаете со концептот на одржлив развој и како се балансираат економскиот напредок со заштитата на природата и еднаквоста во општеството. Ќе разберете и колку се важни инвестициите, технологијата и образованието за подобра иднина. Ова ќе ви даде перспектива за долгорочните развојни цели на економијата.*

1) Економскиот растеж секогаш води кон економски развој.
   *Точно* *Неточно*

2) Економскиот развој опфаќа и квалитативни и институционални промени, покрај квантитативниот пораст на БДП.
   *Точно* *Неточно*

3) Стапката на економски растеж се пресметува со користење на вредностите за номиналниот БДП.
   *Точно* *Неточно*

4) Економскиот растеж е поважен за земјите во развој отколку за развиените земји.
   *Точно* *Неточно*

5) Природното богатство е најважниот фактор за економски растеж на долг рок.
   *Точно* *Неточно*

6) Технолошкиот прогрес овозможува подобрување на продуктивноста на трудот.
   *Точно* *Неточно*

7) Човечкиот капитал нема значително влијание врз економскиот растеж.
   *Точно* *Неточно*

8) Агрегатната производна функција го поврзува производството со ресурсите и технологијата.
   *Точно* *Неточно*

9) Правилото 70 служи за утврдување на периодот во кој БДП двојно ќе се зголеми.
   *Точно* *Неточно*

10) Инвестициите можат да бидат финансирани само од домашни извори.
   *Точно* *Неточно*

11) Странските директни „greenfield" инвестиции означуваат изградба на нови капацитети.
   *Точно* *Неточно*

12) Одржливиот развој значи дека сегашната генерација не ги загрозува можностите на идните генерации.

*Точно* *Неточно*

13) Проширувањето на производствените капацитети на економијата или зголемувањето на степенот на користење на постојните капацитети во економијата се нарекува: (103)
а) економски развој
б) економски растеж
в) трошок на економскиот растеж
г) акцелерација
д) мултипликација

14) Ако реалниот БДП на Македонија се зголеми за 4 % во 2012 година, а стапката на прираст на населението изнесувала 2 %, колку ќе изнесува порастот на македонскиот БДП по жител?
а) 3 %
б) 2 %
в) 4 %
г) 5 %
д) 9 %

15) Според официјалните информации, кинеската економија пред неколку години забележа стапка на раст на БДП од 14 %. Доколку продолжеше со истата динамика, колку години ќе ѝ требаа на НР Кина да го удвои својот БДП?
а) 7 години
б) 5 години
в) 10 години
г) 14 години
д) 20 години

16) Колку години ќе ѝ бидат потребни на Македонија за удвојување на БДП, ако македонската економија расте со стапка на растеж од 2 %?
а) 10 години
б) 7 години
в) 20 години
г) 35 години
д) 70 години

17) Кој од следниве фактори на економскиот растеж не е од економска природа?
а) политичка стабилност
б) труд
в) природно богатство
г) акумулација на капитал
д) технолошки прогрес

18) Кој од следниве фактори на економскиот растеж е од економска природа?
а) климатските фактори
б) религијата
в) квалитетот на човечкиот труд
г) владеењето на правото

д) институционалниот капацитет

19) Кој од следните фактори не претставува детерминанта на економскиот растеж на долг рок?
а) подобрување на квалификациите и знаењата на вработените
б) квантитативно зголемување на ресурсите
в) технолошки прогрес
г) поттикнување на агрегатната побарувачка
д) поволен социополитички и економски амбиент

20) Кој од следните фактори на економскиот растеж е од неекономска природа?
а) акумулација на капитал
б) природно богатство
в) развиеност и ефикасност на институциите
г) технолошки прогрес
д) квантитет и квалитет на човечкиот труд

21) На графиконот подолу се прикажани податоци за БДП по жител (мерен според паритет на куповната моќ, во постојани цени од 2017 година и во природен логаритам) и индексот на владеење на правото за сите држави во 2023 година (според податоци на Светската банка). Се забележува позитивна поврзаност, односно државите со повисок БДП по жител имаат и повисок степен на владеење на правото. Според вас:
а) Дали постои причинско-последична врска (каузалност) меѓу БДП по жител и владеењето на правото?
б) Што треба да биде приоритет во политиките за поттикнување на економскиот раст?
- најнапред, зајакнување на владеењето на правото како предуслов за економски раст
- прво зголемување на БДП по жител, за да се создадат услови за повисок степен на владеење на правото или
- паралелна и рамноправна посветеност на двете цели




22) На графиконот подолу се прикажани податоци за БДП по жител (мерен според паритет на куповната моќ, во постојани цени од 2017 година и во природен логаритам) и индексот на квалитетот на регулативата за сите држави во 2023 година (според податоци на Светската банка). Се забележува позитивна поврзаност, односно државите со повисок БДП по жител имаат и повисок квалитет на регулативата. Според вас:

а) Дали постои причинско-последична врска (каузалност) меѓу БДП по жител и квалитетот на регулативата?

б) Што треба да биде приоритет во политиките за поттикнување на економскиот раст?

- најнапред поквалитетна регулатива како предуслов за економски раст
- прво зголемување на БДП по жител, за да се создадат услови за донесување регулатива со повисок квалитет, или
- паралелна и рамноправна посветеност на двете цели




23) Квантификацијата на придонесот на зголемувањето на трудот, акумулацијата на капиталот и технолошкиот прогрес во фактички остварениот економски растеж се согледуваат преку:
   а) трошоците на економскиот растеж
   б) сметководството на економскиот растеж
   в) концептот на одржливиот развој
   г) разликата меѓу економскиот растеж и економскиот развој
   д) пресметувањето на БДП по жител

24) Која од следниве опции не претставува трошок на економскиот растеж?
   а) жртвување на слободното време за работа
   б) жртвување на потрошувачката за инвестиции
   в) доминација на материјалистичките вредности и прекумерен развој на потрошувачката култура
   г) загадување на животната средина
   д) мени трошоци

25) Која од следниве опции претставува извор на финансирање на инвестициите?
   а) штедење на населението
   б) задржана заработувачка (акумулирана добивка) на фирмите
   в) странски кредити
   г) странски директни вложувања
   д) сите претходно наведени одговори се точни

26) Односот меѓу прирастот на доходот и прирастот на капиталот се нарекува:

а) агрегатна производствена функција
б) одржлив развој
в) сметководство на економскиот растеж
г) маргинална ефикасност на капиталот
д) креативна деструкција

27) Примената на новите откритија во производството се нарекува:
а) иновација
б) инвенција
в) либерализација
г) амортизација
д) апроксимација

28) „Повисокиот економски растеж на среден рок, меѓу другото, ќе произлезе од повисоките знаења, квалификации, умеења и способности со кои се стекнуваат лицата со високо образование" – велат прогнозите. Кој фактор на економскиот растеж е нагласен како важен?
а) акумулацијата на капитал
б) природното богатство
в) квалитетот на човечкиот труд
г) политичката стабилност
д) доброто владеење

29) Доколку стапката на економски растеж изнесува 5 %, колку години ќе ѝ бидат потребни на земјата да го удвои БДП?
а) 13 години
б) 14 години
в) 12 години
г) 10 години
д) 5 години

30) Која од следниве опции не е трошок на економскиот растеж?
а) доминација на материјалистички вредности
б) жртвување на слободното време за работа
в) зголемување на еднаквоста во распределбата во богатството
г) жртвување на сегашната потрошувачка
д) жртвување на сигурноста поради напредок

31) Главна детерминанта на економскиот растеж на краток рок е:
а) капиталот
б) социјалната инфраструктура
в) институционалното окружување
г) човечкиот капитал
д) агрегатната побарувачка

32) Во економски фактори на економскиот растеж не спаѓа:
а) акумулацијата на капиталот
б) социјалната инфраструктура
в) техничко-технолошкиот прогрес
г) развиеноста на институциите
д) подобрувањето на управувањето и организацијата на компаниите

33) Квантитативното и квалитативното зголемување на БДП, проследено со институционални, структурни и функционални промени на економскиот систем, се нарекува:
   а) економски развој
   б) економски растеж
   в) трошок на економскиот растеж
   г) акцелерација
   д) мултипликација

34) Ако сакаме да го пресметаме приближниот број на години за кои двојно ќе се зголеми апсолутниот износ на БДП, тогаш ја/го користиме:
   а) стапката на инфлација
   б) маргиналната склоност кон потрошувачка
   в) правилото 70
   г) мултипликаторот на јавните расходи
   д) акцелераторот

35) Дали економскиот растеж секогаш води кон подобрување на животниот стандард? Објаснете го одговорот!

36) Какво е влијанието на прекумерниот економски растеж врз животната средина и квалитетот на животот?

37) Дали е праведно да се бара сегашната генерација да жртвува дел од својот стандард заради идните генерации?

38) Каква е улогата на доброто владеење и владеењето на правото во поттикнувањето на економски растеж?

39) Дали економиите богати со природни ресурси се поуспешни од економиите кои немаат обилни природни богатства? Објаснете со пример!

40) Каква улога имаат медиумите во информирањето за ризиците и трошоците на економскиот растеж?

41) Дали би препорачале странски директни инвестиции како главна стратегија за забрзување на растежот? Зошто?

42) Како влијае правната заштита на интелектуалната сопственост при поттикнувањето на иновациите?

43) Дали постои поврзаност помеѓу образованието и постојаното учење и одржливиот економски растеж?

# ПОГЛАВЈЕ IX

# ЕКОНОМСКИ ЦИКЛУСИ

*Зошто економијата некогаш расте, а некогаш опаѓа? Што ги предизвикува овие циклични движења на економската актовност? Во овој дел ќе научите што претставуваат економските циклуси и кои се нивните фази. Ќе се запознаете со термините експанзија и рецесија и ќе го дознате нивното влијание врз доходот на населението, одлуките на фирмите и приходите на државата. Ќе стекнете знаење и за најзначајните економски кризи во минатиот век и кои се научените лекции од нив. Сето ова ќе ви помогне да го препознавате „пулсот" на економијата и да размислувате критички за иднината.*

1) Економскиот циклус претставува движење на реалниот БДП околу својот долгорочен тренд.
   *Точно* *Неточно*

2) Економскиот растеж секогаш се одвива праволиниски, без значајни осцилации.
   *Точно* *Неточно*

3) Економските циклуси се неизбежни во пазарните економии.
   *Точно* *Неточно*

4) Економскиот циклус се состои од фази на експанзија и контракција.
   *Точно* *Неточно*

5) Рецесијата се дефинира како намалување на БДП во најмалку три последователни квартали.
   *Точно* *Неточно*

6) Вработеноста и личната потрошувачка се процилкични варијабли.
   *Точно* *Неточно*

7) Невработеноста е проциклична варијабла.
   *Точно* *Неточно*

8) Номиналните каматни стапки имаат процикличен карактер.
   *Точно* *Неточно*

9) Реалните каматни стапки се ациклични.
   *Точно* *Неточно*

10) Една од главните карактеристики на Големата депресија беше порастот на цените.
   *Точно* *Неточно*

11) Нафтените шокови од XX век резултираа со стагфлација.
   *Точно* *Неточно*

12) Политичките теории објаснуваат дека економските циклуси се резултат на политичките циклуси.

*Точно* *Неточно*

13) Кредитната експанзија е главната причина за постоење на економски циклуси, според Австриската економска школа.

*Точно* *Неточно*

14) .Кога во економијата постои стагфлација, при ceteris paribus:
   а) производството и општото ниво на цените растат
   б) производството и општото ниво на цените се намалуваат
   в) производството расте, а општото ниво на цените опаѓа
   г) производството опаѓа, а општото ниво на цените расте

15) Во услови на рецесија, зголемената понуда на пари, при ceteris paribus:
   а) води кон намалување на каматните стапки и зголемување на инвестициите
   б) води кон зголемување на каматните стапки и инвестициите
   в) нема ефект врз промените во каматните стапки и инвестициите

16) Доколку актуелната реална плата е пониска од очекуваната и поради тоа работниците го намалуваат работниот напор, што резултира во пад на производството и рецесија, тогаш тоа оди во прилог на:
   а) теоријата на рамнотежен економски циклус
   б) Марксовата теорија
   в) теоријата за економските циклуси, детерминирани од политичките избори
   г) теоријата за реални деловни циклуси
   д) психолошката теорија

17) Нискиот растеж на македонскиот реален БДП во изминатите години, според некои експерти, се должеше на песимистичките очекувања на менаџерите на поголемите компании во земјата. Во прилог на која теорија на економските циклуси е оваа претпоставка?
   а) теорија на реални бизнис-циклуси
   б) психолошка теорија
   в) монетарна теорија
   г) теорија за економските циклуси, детерминирани од политичките избори
   д) теорија на рамнотежен економски циклус

18) Промените во економскиот циклус, кои се предизвикани од реакциите на економските субјекти на иницијалните промени во економската стварност, одат во прилог на:
   а) Кондратиевата теорија на долги бранови
   б) теоријата на шокови во понудата
   в) теоријата на реален деловен циклус
   г) психолошката теорија
   д) монетарната теорија

19) Теоријата за реалните деловни циклуси би ја објаснила фазата на експанзија во економијата со:
   а) монетарните промени
   б) политичките процеси
   в) иновациите и поволните движења на продуктивноста

г) антагонизмот меѓу општествениот карактер на производството и приватното присвојување
д) перцепциите на работната сила за движењето на цените и платите

20) Според монетарната теорија, рецесиите и експанзиите зависат од:
а) иновациите и продуктивноста
б) перцепциите на работната сила за движењето на цените и платите
в) шоковите на страната на понудата
г) антагонизмот меѓу општествениот карактер на производството и приватното присвојување
д) количеството на пари во оптек

21) Што од следното се очекува да го придружува неочекуваното зголемување на агрегатната побарувачка:
а) зголемување на стапката на невработеност
б) намалена побарувачка за факторите на производство
в) намалување на реалниот БДП
г) намалена побарувачка за финалните добра и услуги
д) зголемување на нивото на цените

22) Според ставовите на кејнзијанските економисти, која од следните мерки се очекува да предизвика намалување на агрегатната побарувачка:
а) намалување на државните расходи
б) намалување на даночните стапки
в) зголемување на трансферните плаќања
г) зголемување на буџетскиот дефицит
д) сите претходно наведени одговори се точни

23) Што од следното се очекува да ја зголеми агрегатната понуда на долг рок?
а) зголемување на очекуваната стапка на инфлација
б) забрзување на монетарниот растеж
в) континуирано зголемување на каматните стапки
г) високо ниво на инвестиции во инфраструктурата
д) привремен пораст на личната потрошувачка

24) Ако главната причина за економските циклуси е политиката која ја води централната банка, тогаш ова оди во прилог на:
а) теоријата на реални деловни циклуси
б) Марксовата теорија
в) монетарната теорија
г) теоријата на шокови во понудата
д) психолошката теорија

25) Психолошката теорија промените во економските циклуси ги објаснува со:
а) реакциите на луѓето на иницијалните промени во економската стварност
б) промените во продуктивноста
в) законитото опаѓање на профитната стапка
г) мултипликаторот и акцелераторот
д) животниот стандард на населението

26) Индуцираните (секундарни) ефекти во економијата, како резултат на иницијалното зголемување на некоја компонента на агрегатната побарувачка, се нарекува:

а) мултипликација
б) акцелерација
в) автоматски стабилизатор
г) амортизација
д) парична илузија

27) Кога зголемениот бруто домашен производ ги поттикнува претпријатијата да ги зголемат инвестициите, велиме дека дејствува принципот на:
а) парична илузија
б) акцелерација
в) автоматски стабилизатори
г) амортизација
д) мултипликација

28) Според која теорија, економските циклуси минуваат низ четири фази (или годишни времиња), кои се протегаат во период од 55 до 60 години?
а) монетарната теорија
б) Марксовата теорија
в) теоријата за реални деловни циклуси
г) Кондратиевата теорија
д) теоријата на мултипликатор-акцелератор

29) Терминот „економски циклуси" се однесува на:
а) промените во производството, кои се должат на модерните технологии
б) прераснувањето на малите компании во големи корпорации
в) наизменичните и нерамномерните движења во економската активност
г) периодот на забрзување и забавување на динамиката на инфлацијата
д) падот на економската активност или пролонгираната депресија

30) Која од следниве опции не е главна карактеристика на рецесијата?
а) опаѓање на потрошувачката
б) намалување на општото ниво на цени
в) намалување на расположливиот доход
г) намалување на невработеноста
д) намалување на реалниот БДП

31) Која од следниве опции не е главна карактеристика на експанзијата?
а) зголемување на реалниот БДП
б) намалување на општото ниво на цени
в) зголемување на потрошувачката
г) намалување на невработеноста
д) сите претходни одговори се карактеристики на експанзијата

32) Кои економски теории ги објаснуваат економските циклуси преку иновациите?
а) теории на реален деловен циклус
б) теории на шокови во понудата
в) теорија на мултипликатор-акцелератор
г) психолошки теории на економскиот циклус
д) теории за недоволна побарувачка

33) Која од следните опции не е карактеристика на стагфлацијата?
а) се намалува искористеноста на ресурсите

б) се намалува вработеноста
в) се намалуваат стапките на економски растеж
г) се намалува општото ниво на цени
д) сите претходни одговори се карактеристики на стагфлацијата

34) Опаѓачкиот дел на економскиот циклус (контракцијата) се состои од:
   а) фаза на заздравување и фаза на депресија
   б) фаза на заздравување и фаза на рецесија
   в) фаза на заздравување и фаза на просперитет
   г) фаза на рецесија и фаза на депресија
   д) фаза на рецесија и фаза на просперитет

35) Дали економските циклуси можат целосно да се елиминираат преку водење на економски политики?

36) Дали државата треба да интервенира при секоја рецесија? Објаснете го одговорот!

37) Кои се негативните последици од прекумерната експанзија?

38) Како медиумите треба да информираат за економските циклуси за да избегнат паника меѓу населението?

39) Дали политичките теории за економските циклуси ја загрозуваат независноста на економската политика?

40) Какви мерки би предложиле за ублажување на ефектите на стагфлацијата?

41) Која од економските теории (Кејнзијанска, Австриска економија, Реални циклуси) ви се чини најрелевантна денес? Поради кои причини?

# ПОГЛАВЈЕ X

# МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА И ФИНАНСИИ

*Живееме во глобален свет, но што значи тоа за економијата на нашата земја? Зошто земјите тргуваат меѓусебно и кои се придобивките од слободната трговија? Меѓутоа, дали постојат и ризици од економската отвореност? Во овој дел ќе биде дискутирано за платниот биланс, девизните курсеви и како се одржува економската стабилност во меѓународниот контекст. Ќе дознаете и зошто некои држави избираат протекционизам, а други слободна трговија. Ова знаење ќе ви помогне да ја гледате поширокота слика, и значењето на производството и размената не само во домашни, туку и во меѓународни рамки.*

1) Меѓународната размена ја намалува благосостојбата на потрошувачите.
   *Точно* *Неточно*

2) Теоријата на апсолутни предности е формулирана од страна на Дејвид Рикардо.
   *Точно* *Неточно*

3) Теоријата на компаративни предности покажува дека и економии со помала ефикасност можат да имаат корист од меѓународната размена.
   *Точно* *Неточно*

4) Слободната трговија создава користи за сите земји вклучени во размената.
   *Точно* *Неточно*

5) Протекционизмот ги стимулира конкуренцијата и ефикасноста.
   *Точно* *Неточно*

6) Царините секогаш се пресметуваат како процент од вредноста на увезената стока.
   *Точно* *Неточно*

7) Увозните квоти ја ограничуваат количината на добра што можат да се извезат.
   *Точно* *Неточно*

8) Дампинг е продажба на производи во странство по цена повисока од домашната.
   *Точно* *Неточно*

9) Доброволните извозни ограничувања ги воведува земјата увозник.
   *Точно* *Неточно*

10) Автономните трансакции се извршуваат независно од состојбата на платниот биланс.
   *Точно* *Неточно*

11) Тековниот биланс вклучува трговија со добра, услуги и еднострани трансакции.
   *Точно* *Неточно*

12) Девизниот курс е цената на една валута изразена во друга валута.

*Точно* *Неточно*

13) Девизниот курс зависи единствено од понудата на странска валута.
*Точно* *Неточно*

14) Флуктуирачките девизни курсеви ги одредуваат централните банки.
*Точно* *Неточно*

15) Протекционизмот може да ја наруши конкурентноста на домашните производители на долг рок.
*Точно* *Неточно*

16) Која од следниве трансакции се евидентира во капиталната сметка на платниот биланс?
а) увоз на германски автомобил
б) купување на македонски трезорски обврзници од страна на германски резидент
в) извоз на раноградинарски производи во ЕУ
г) парични дознаки од македонските работници на привремена работа во странство

17) Што од следното е потенцијално валиден (оправдан) економски аргумент за протекционизам?
а) заштита на националната безбедност
б) царини за заштита на младите индустрии
в) заштита од евтина странска работна сила
г) воведување на трговски ограничувања од одмазднички побуди
д) заштита на индустриите во опаѓање

18) Кој од следниве аргументи во прилог на протекционизмот е неекономски, односно политички?
а) воведување на трговски ограничувања од одмазднички побуди
б) царини за заштита на младите индустрии
в) намалување на длабокиот трговски дефицит
г) аргумент за т.н. оптимална царина
д) заштита на индустриите во опаѓање

19) Кој од следниве аргументи во прилог на протекционизмот е економски неоснован?
а) царини за заштита на младите индустрии
б) заштита на националната безбедност
в) заштита од евтина странска работна сила
г) аргумент за т.н. оптимална царина
д) воведување на трговски ограничувања од одмазднички побуди

20) Познатиот американски весник „Њујорк тајмс", на 13 јули 2025 година, алармира дека: „Цената на кафето би можела значително да порасне на светскиот пазар откако САД најавија можни царини за увозните добра од Бразил. Според проценките на експертите, оваа мерка може сериозно да ја оптовари индустријата, која веќе се соочува со последици од екстремните временски услови. Како што објави „Њујорк тајмс", сушите што ги зафатија Бразил и Виетнам, двата најголеми извозника на кафе во САД, значително ги намалија приносите. Понудата е ограничена, а цените растат. Просечната цена на половина килограм печено кафе во САД достигна 7,93 долари, што е речиси 2 долара повеќе од минатогодишната цена од 5,99 долари. Овој тренд

би можел да се одрази и на останатите пазари низ светот, вклучително и во Европа, каде што голем дел од кафето потекнува токму од Бразил и Виетнам." Според текстот, повисоката царина на увезеното кафе се очекува да резултира во:
а) намалување и на побарувачката и на понудата на кафе
б) намалување на понудата на кафе и намалување на побаруваното количество
в) зголемување и на побарувачката и на понудата на кафе
г) намалување на понудата на кафе и непроменета цена

21) Ако монетарната власт донесе одлука со која ја зголемува вредноста на домашната валута во однос на странската парична единица, тогаш станува збор за:
а) инфлација
б) дефлација
в) ревалвација
г) девалвација
д) стагфлација

22) Која од следниве трансакции се евидентира во тековниот биланс?
а) приливи на долгорочен капитал, по основ на задолжување од германска банка
б) увоз на германски автомобил
в) намалување или зголемување на девизните резерви
г) приливи на краткорочен капитал од хрватските инвестициони фондови
д) прилив на капитални трансфери

23) Што од следното спаѓа во нецаринските бариери?
а) дампинг
б) ригорозни санитарни, технички и еколошки стандарди
в) увозни квоти
г) доброволни извозни ограничувања
д) сите претходно наведени одговори се точни

24) На графиконот подолу е прикажано движењето на девизниот курс на еврото во однос на американскиот долар (EUR/USD) во период од 26 години. Врз основа на долгорочниот тренд и флуктуациите во нивниот паритет (соодност), каков режим на девизен режим би рекле дека го карактеризира односот меѓу овие две светски валути?
а) режим на фиксен девизен курс
б) режим на раководено (управувано) флуктуирачки девизен курс
в) режим на слободно флуктуирачки девизен курс




25) На графиконот подолу е прикажано движењето на девизниот курс на македонскиот денар во однос на еврото (денари за едно евро), во период од 20 години. Врз основа на долгорочниот тренд на нивниот паритет (соодност), каков режим на девизен режим би рекле дека го карактеризира односот меѓу овие две валути?
а) режим на фиксен девизен курс
б) режим на раководено (управувано) флуктуирачки девизен курс
в) режим на слободно флуктуирачки девизен курс




26) Практиката на продавање на добра на странските пазари по цена која е пониска од цената на чинење, со цел да се разниша конкуренцијата, се нарекува:
а) дампинг
б) увозна квота
в) компензаторна трансакција
г) вредносна (ad valorem) царина
д) субвенција

27) Ако монетарната власт донесе одлука со која ја намалува вредноста на домашната валута во однос на странската парична единица, тогаш станува збор за:
а) девалвација
б) дефлација

в) ревалвација
г) инфлација
д) стагфлација

28) Доколку девизниот курс се формира со слободното дејство на понудата и побарувачката за девизи, без интервенции од централната банка, тогаш станува збор за:
а) режим на флуктуирачки курс
б) режим на фиксен девизен курс
в) режим на раководено флуктуирачки девизен курс
г) режим на фиксен, но приспособлив девизен курс
д) сите претходно наведени одговори се точни

29) Која од следните опции претставува концепт за мерење на платнобилансната нерамнотежа?
а) биланс на добра и услуги
б) трговски биланс
в) тековен биланс
г) основен биланс
д) сите претходно наведени одговори се точни

30) Систематизираниот преглед на сите економски трансакции што резидентите на една земја ги извршуваат со странство, се нарекува:
а) тековен биланс
б) трговски биланс
в) пресметковен биланс
г) платен биланс
д) биланс на успех

31) Каде во билансот на плаќања на Македонија ќе се евидентира извозот на македонски производи?
а) во капиталната сметка
б) во тековната сметка
в) во сметката на официјални трансакции
г) во каматната сметка
д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

32) Купувањето на само неколку акции во „Комерцијална банка" а.д. – Скопје од страна на хрватски државјани се смета за:
а) нето инвестиција
б) нова инвестиција
в) бруто инвестиција
г) странска директна инвестиција
д) странска портфолио инвестиција

33) Купувањето на мебел од италијанско производство од страна на млад брачен пар во Македонија, при ceteris paribus:
а) би го зголемило трговскиот дефицит на Италија
б) би го зголемило трговскиот суфицит на Македонија
в) би го зголемило трговскиот дефицит на Македонија
г) би го зголемило буџетскиот дефицит на Македонија
д) би го намалило буџетскиот суфицит на Италија

34) Доколку централната банка постојано интервенира на девизниот пазар со цел да го одржи непроменет девизниот курс на националната валута, тогаш станува збор за режим на:
   а) флуктуирачки девизен курс
   б) фиксен девизен курс
   в) раководено флуктуирачки девизен курс
   г) флексибилен девизен курс
   д) ниту еден од претходно наведените одговори не е точен

35) Ако до вчера 1 евро се разменувало за 61 денар, а денешниот девизен курс на еврото, со одлука на монетарната власт е 56 денари, тогаш станува збор за:
   а) инфлација
   б) дефлација
   в) девалвација
   г) стагфлација
   д) ревалвација

36) Доколку 1 евро, кое до денес се продавало за 61 денар, со одлука на монетарната власт, од утре се продава за 68 денари, тогаш имаме:
   а) девалвација
   б) ревалвација
   в) инфлација
   г) дефлација
   д) парична илузија

37) Кој од следните режими на девизен курс е непостоечки?
   а) режим на флуктуирачки девизен курс
   б) режим на фиксен девизен курс
   в) режим на дефицитно финансиран девизен курс
   г) режим на раководено флуктуирачки девизен курс
   д) режим на фиксен, но приспособлив девизен курс

38) Израмнувачки трансакции се оние кои:
   а) ја финансираат нерамнотежата во платниот биланс
   б) ја создаваат нерамнотежата во платниот биланс
   в) се воведуваат од одмазднички понуди
   г) одат во прилог на протекционизмот
   д) сите претходно наведени одговори се точни

39) Аргументот за оптимална царина кај протекционизмот претставува:
   а) потенцијално валиден економски аргумент
   б) политички аргумент
   в) неоснован економски аргумент
   г) аргумент за заштита на младата индустрија
   д) неекономски аргумент

40) Доколку 1 евро, кое до денес се продавало за 61 денар, со одлука на монетарната власт, од утре се продава за 68 денари, тогаш имаме:
   а) ревалвација
   б) девалвација
   в) инфлација

41) На следниот графикон се прикажани поголемите економии и групи на држави во светот, според тоа дали остваруваат суфицит или дефицит на тековната сметка на билансот на плаќања.

Која држава или група на држави има дефицит на тековната сметка во подолг период?
а) Јапонија
б) Кина
в) САД
г) држави извознички на нафта

Која држава или група на држави има постојан суфицит на тековната сметка во целиот период?
а) САД
б) НР Кина
в) европски држави со дефицит на тековната сметка




Извор: Светски економски преглед, Меѓународен монетарен фонд, април 2025 година.

42) Дали е теоретски можно сите држави во една година да имаат суфицит на тековната сметка во платниот биланс?

43) Дали е оправдано воведување на протекционистички мерки за заштита на националната безбедност?

44) Дали глобализацијата ја поттикнува или ја загрозува економската независност на државите?

45) Како протекционизмот може да влијае врз потрошувачите и нивниот квалитет на живот?

46) Како медиумите треба да информираат за последиците од трговскиот дефицит или дефицитот на тековната сметка на платниот биланс?

47) Дали слободната трговија секогаш е посоодветна од протекционизмот за малите економии?

48) Дали фиксниот девизен курс е подобар од флуктуирачкиот девизен курс од аспект на одржувањето на макроекономската стабилност?

49) Каква е улогата на централните банки во управувањето со девизниот курс?

50) Како политичките односи меѓу државите влијаат врз нивната трговска политика?

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот

Е-издание: https://ukim.edu.mk/e-book/00168